**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**

**ISSN-1857-9779**

# БИЛТЕН

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

## Број 1302

Скопје, 1 март 2024 година

**Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

**Бул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје**

**Првиот број на Билтенот е објавен во мај 1957 година**

**Уредник на издавачката дејност на УКИМ:**
**проф. д-р Биљана Ангелова, ректор**

**Уредник на Билтенот:**
**Илија Богоевски**

**Лектори:**
**Весна Илиевска-Цветановска**
**Соња Попоска**

**Техничко уредување:**
**Зоран Кордоски**

# СОДРЖИНА НА БИЛТЕН БРОЈ 1302 ОД 1 МАРТ 2024 ГОДИНА


**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на ракописот **Долен строј на сообраќајници** од авторот **вонр. проф. д-р Златко Зафировски**.....5-9
2. Рецензија на ракописот **Планирање во градежништвото** од авторката **вонр. проф. д-р Маријана Лазаревска**.....10-14
3. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Благој Мицевски, Христина Спасовска, Ивана Кулевска, Јасна Доневска, Марија Ѓешовска, Рустем Изеироски, Ване Трајановски, Зорица Стојанова**).....15-16
4. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**м-р Калтрина Спахиу**).....17

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Влијанието на бруто домашниот производ врз вработеноста во Република Северна Македонија** од **м-р Белма Хаџикамбер,** пријавена на Економскиот факултет – Скопје.....18-28
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Факторите кои влијаат врз профитабилноста на банкарскиот систем во Република Северна Македонија и избрани земји од Југоисточна Европа** од **м-р Калтерина Абази Јусуфи**, пријавена на Економскиот факултет – Скопје.....29-35

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на еден асистент од наставно-научната област физика на Институтот за физика при Природно-математичкиот факултет – Скопје (**м-р Љубица Димова**).....36-40
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Фази јако семи преотворени множества и фази јако семи преотворени функции** од **м-р Шкумбин Маколи**, пријавена на Природно-математичкиот факултет – Скопје.....41-46
3. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**м-р Петар Петров**).....47

**ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на соработник во соработничко звање – асистент во наставно-научните области: хемиско инженерство – друго (20907), математичко моделирање на процеси (20903) и индустриско инженерство и менаџмент – друго (21111), на Технолошко-металуршкиот факултет – Скопје (**м-р Мартин Стојчевски**).....48-52
2. Реферат за избор на соработник во соработничко звање – асистент во наставно-научните области (дисциплини): математика (10900), програмирање (10913) и математичка статистика и операциони истражувања (10907), на Технолошко-металуршкиот факултет – Скопје (**м-р Сијче Печкова**).....53-56
3. Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд (**Вероника Стојановска**).....57

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**

1. Реферат за избор на асистент по предметите од наставно-научната област математика, на Факултетот за електротехника и информациски технологии – Скопје (**м-р Јасмина Ангелевска Костадиноска**).....58-62
2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Виктор Јовев, Стефан Ристовски, Никола Јанкуловски, Теодора Кочовска, Тања Димова, Дарко Ангеловски, Рената Андоновска, Дарко Видиниќ, Сара Кочева, Игор Атанасов, Дарко Милошоски**).....63-64

3. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**м-р Ангела Најдоска**)........................................65

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЛИКОВНИ УМЕТНОСТИ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Филип Јовески, Илија Маџаров**)........................................66

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Пазарот на труд под влијание на демографското стареење: перцепции на повозрасните работници за задржување на пазарот на труд** од **м-р Славко Жарков,** пријавена на Филозофскиот факултет – Скопје........................................67-80
2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Николина Златевска, Христина Талеска, Верица Симоноска, Мила Цветковиќ, Филип Арсовски, Бојана Јованова – Павлова, Ријад Турку, Јелена Спиревска, Сашо Топаловски**)........................................81-82
3. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**м-р Илирјана Геци Деску**)........................................83

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**

1. Реферат за избор на виш лектор во наставно-научните области: 64006 – романистика (Италијански јазик) и 64022 – преведување (преведување и толкување од италијански јазик на македонски и обратно), на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје (**м-р Бранка Гривчевска**)........................................84-104
2. Рецензија на ракописот **Нови, безбедни простори: прирачник за наставници од Проектот за психосоцијална поддршка на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“- Скопје** од приредувачите: **проф. д-р Елена Ончевска-Агер, проф. д-р Соња Китановска-Кимовска** и **проф. д-р Искра Тасевска Хаџи-Бошкова**.........105-111

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**

1. Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд (**Елена Јосифовска**)........................................112

**ЗЕМЈОДЕЛСКИ ИНСТИТУТ**

1. Рецензија на учебното помагало **Практикум по анализа на ѓубрива, прво издание,** од авторката **д-р Христина Попоска**........................................113-121

**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА**

1. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (со промена) (**м-р Фатиме Луми Ќехаја**)........................................122

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## на ракописот
## „ДОЛЕН СТРОЈ НА СООБРАЌАЈНИЦИ“
## ОД АВТОРОТ ВОНР. ПРОФ. Д-Р ЗЛАТКО ЗАФИРОВСКИ

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, бр. 02-2/153-1 од 16.2.2024 год., за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебникот „Долен строј на сообраќајници“ од авторот д-р Златко Зафировски, вонреден професор на Градежниот факултет, избрани се: проф. д-р Спасен Ѓорѓевски, Градежен факултет – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и проф. д-р Зоран Бониќ, Градежно-архитектонски факултет – Ниш, Универзитет во Ниш.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

### И З В Е Ш Т А Ј

**I. Општ дел**

**Основни податоци за ракописот**

| | |
|---|---|
| **Назив на ракописот:** | Долен строј на сообраќајници |
| **Назив на предметната програма:** | Долен строј на сообраќајници |
| **Назив на студиската програма:** | Градежништво – Транспортна инфраструктура, втор циклус студии |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити:** | 3+2, 5 кредити |
| Предметот Долен строј на сообраќајници е задолжителен предмет на студиската програма Градежништво – транспортна инфраструктура на Градежниот факултет во Скопје, со фонд на часови 3+2 и број на кредити 5, и се слуша во вториот семестар на втор циклус студии. | |
| **Реден број на изданието:** | прво издание |
| **Општи податоци за ракописот:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 427 страници (формат B5), со големина на фонтот 11, 312 илустрации и 47 табели. Текстот е поделен во 25 (дваесет и пет) поглавја и литература. |

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Спасен Ѓорѓевски, с.р.**
**Проф. д-р Зоран Бониќ, с.р.**

## II. Посебен дел од рецензентот: проф. д-р Спасен Ѓорѓевски

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Содржината на ракописот е систематизирана во 25 (дваесет и пет) поглавја и литература: Ракописот е напишан јасно и прегледно, и во најголем дел опфаќа проблеми кои се јавуваат во теорија и пракса. Може да се напомене дека за сите проблеми, кои може да се сретнат при изведба на долниот строј на сообраќајници, се претставени современи сознанија и достигнувања. Тргнувајќи од предметната програма, авторот детално има обработено поглавја поврзани со интеракција на сообраќајниците и теренот, стабилноста на косините на ископ и насип, потоа објектите и санацијата на долниот строј, како кај патиштата, така и кај железниците.<br>Во учебникот се претставени следните поглавја:<br>1. Елементи на долен строј на сообраќајници<br>2. Фази на изработка на техничка документација<br>3. Геотехнички истражувања<br>4. Хидролошки испитувања<br>5. Класификација на материјалите<br>6. Проектирање на косини на ископи и насипи<br>7. Заштитни конструкции кај геотехнички објекти<br>8. Заштита од дејство на мраз<br>9. Стабилизација на земјени материјали<br>10. Насипување и изградба на насипи<br>11. Откопување и изведба на ископи<br>12. Стабилност на косини<br>13. Минирање<br>14. Пресметка и распоред на земјани материјали<br>15. Потпорни конструкции<br>16. Армирана земја<br>17. Геосинтетици<br>18. Габионски ѕидови – избор и заштита на косини<br>19. Типови на заштита на косини<br>20. Теренски и лабораториски испитувања<br>21. Пропусти<br>22. Механизација за долен строј на сообраќајници<br>23. Ризици кај долен строј на сообраќајници<br>24. Заштита на животна средина<br>25. Одржување на долниот строј на сообраќајници |

| | |
|---|---|
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Содржината на учебникот е усогласена со предметната програма. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Авторот имаше континуирани дискусии и размена на мислења со рецензентот во текот на пишувањето на учебникот и нема потреба од корекции на текстот. |
| **Оцена на ракописот:** | Општ впечаток е дека се работи за ракопис во кој е вложен многу труд и знаење, кој ќе пополни една голема празнина во недостатокот на учебни помагала од оваа област. Стилот на пишување е прикладен како за студентите, така и за останатите читатели кои ќе го користат во својата професионална работа. Затоа ценам дека ги задоволува потребните услови за универзитетски учебник. Авторот максимално се посветил во подготовката на овој ракопис и за финалниот резултат од вложениот труд. |
| **Категоризација:** | учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 427 страници (формат B5), напишани на компјутер, со големина на фонтот 11. Текстот е поделен во 25 поглавја, како и литература и содржи 312 слики и 47 табели. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се објави како учебник по предметот **Долен строј на сообраќајници**, примарно наменет за студентите по градежништво на Градежниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Во Скопје, 19.2.2024 год.

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Проф. д-р Спасен Ѓорѓевски, с.р.**

## II. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р ЗОРАН БОНИЌ

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Содржината на ракописот е напишана на македонски јазик, систематизирана во 25 (дваесет и пет) поглавја и литература. Материјалот е распределен систематично, што го прави прегледен за студентите по предметот Долен строј на сообраќајници и овозможува негова примена во практични инженерски анализи.<br>Ракописот претставува еден современ пристап во поглед на изборот на материјалот, начинот на неговата презентација и логичниот тек од основната идеја за изградба на сообраќајници, па сè до конечно формирање на трупот на сообраќајницата, во делот на методите за пресметка, техничката обработка, деталните графички прилози, преглед на стручната терминологија, како и приказ на нови материјали и технологија.<br>Содржината на учебникот е следна:<br>1. Елементи на долен строј на сообраќајници<br>2. Фази на изработка на техничка документација<br>3. Геотехнички истражувања<br>4. Хидролошки испитувања<br>5. Класификација на материјалите<br>6. Проектирање на косини на ископи и насипи<br>7. Заштитни конструкции кај геотехнички објекти<br>8. Заштита од дејство на мраз<br>9. Стабилизација на земјени материјали<br>10. Насипување и изградба на насипи<br>11. Откопување и изведба на ископи<br>12. Стабилност на косини<br>13. Минирање<br>14. Пресметка и распоред на земјани материјали<br>15. Потпорни конструкции<br>16. Армирана земја<br>17. Геосинтетици<br>18. Габионски ѕидови - избор и заштита на косини<br>19. Типови на заштита на косини<br>20. Теренски и лабораториски испитувања<br>21. Пропусти<br>22. Механизација за долен строј на сообраќајници<br>23. Ризици кај долен строј на сообраќајници<br>24. Заштита на животна средина<br>25. Одржување на долниот строј на сообраќајници |

| | |
|---|---|
| | Поглавјето „Литература“ дава преглед на користената литература. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Одличен.<br>Содржината на учебникот одговара на наставната програма на соодветниот предмет за втор циклус студии. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Нема потреба од корекции во текстот. |
| **Оцена на ракописот:** | Поаѓајќи од горенаведената содржина и нејзината специфичност, ракописот ги исполнува сите неопходни критериуми предвидени за изработка на учебници, има јасна структура и богата содржина и користи јазик разбирлив и приспособен за студентите, со што ќе им се овоможи полесно совладување на материјалот. Заклучувам дека учебникот претставува значаен придонес за оваа научна дисциплина не само на територијата на Република Северна Македонија, туку и пошироко. |
| **Категоризација:** | учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 427 страници (формат B5), напишани на компјутер, со големина на фонтот 11. Текстот е поделен во 25 поглавја и литература, и содржи 312 слики и 47 табели. |

Врз основа на изнесеното, се констатира дека ракописот ги задоволува критериумите и ги исполнува условите да се користи како **учебник** по предметот **Долен строј на сообраќајници** за студентите на Градежниот факултет, а на рецензентот му претставува задоволство да го поддржи и да го предложи за универзитетско издание.

**Рецензентот изјавува дека го разбира и го познава македонскиот јазик.*

Во Скопје, 19.2.2024 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**

Проф. д-р Зоран Бониќ, с.р.

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## НА РАКОПИСОТ
## „ПЛАНИРАЊЕ ВО ГРАДЕЖНИШТВОТО“ ОД АВТОРКАТА
## ВОНР. ПРОФ. Д-Р МАРИЈАНА ЛАЗАРЕВСКА

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје бр. 02-2/153-2 од 16.2.2024 год., за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебникот „Планирање во градежништвото“ од авторката вонр. проф. д-р Маријана Лазаревска, наменет за студентите на Градежниот факултет, за предметот Одбрани поглавја од планирање во градежништвото, избрани се: проф. д-р Милош Кнежевиќ, Градежен факултет, Универзитет во Црна Гора и вонр. проф. д-р Димитар Папастеревски, Архитектонски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### III. ОПШТ ДЕЛ

**Основни податоци за ракописот**

| | |
|---|---|
| **Назив на ракописот:** | Планирање во градежништвото |
| **Назив на предметната програма:** | Одбрани поглавја од планирање во градежништвото |
| **Назив на студиската програма:** | Градежништво, прв циклус студии |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити:** | 3+2, 5 кредити |
| Предметот Одбрани поглавја од планирање во градежништвото на Градежниот факултет е изборен предмет со фонд на часови 3+2 и број на ЕКТС-кредити 5 и се слуша во шестиот семестар на првиот циклус студии по градежништво. | |
| **Реден број на изданието:** | прво издание |
| **Општи податоци за ракописот:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 236 страници (формат B5), напишани на компјутер, со големина на фонтот 10. Текстот е поделен во пет поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 96 слики и 43 табели. |

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Милош Кнежевиќ, с.р.**
**Вонр. проф. д-р Димитар Папастеревски, с.р.**

**I ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р МИЛОШ КНЕЖЕВИЌ**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Учебникот „Планирање во градежништвото“ е напишан на македонски јазик, систематизиран во четири поглавја. Материјалот е јасен и прегледен за читање, разбирлив и погоден и за студентите, но и за инженерите од пракса. Содржината на учебникот содржи четири тематски организирани поглавја со вкупно 236 страници, поткрепени со 96 илустрации и 43 табели.<br>Првото поглавје ја обработува областа на управување со градежни проекти. Прикажан е осврт на теориските основи за управувањето со градежните проекти како база за квалитетна реализација на градежните проекти, со што се создава подлога за следните поглавја кои се поврзани со примената на различни методи и техники на управување кои може да се применат за решавање на практични проблеми од областа на градежништвото. Во второто поглавје е детално обработена областа на планирање во градежништвото. Даден е преглед и аналитичко објаснување на различни типови планови: статички планови и динамички планови (гантограм, ортогонален план, циклограм, мрежни планови). Посебен акцент е ставен на анализата на време со разработка на неколку методи кои се применуваат во градежништвото и служат за определување на времетраењето на проектните активности: метод на критичен пат, ПЕРТ-метод и приоритетен метод. Во ова поглавје, приложени се и осумнаесет задачи преку кои се објаснети основните принципи за планирање на реализацијата на градежните проекти. Решените практични примери се одлично надополнување на теоретските основи и даваат значаен придонес на овој учебник во насока на овозможување на продлабочено знаење. Посебно внимание се посветува на областа на фази планирањето, која се издвојува како многу актуелна во ситуации на ризик и недостаток на точни информации. Оваа област е детално разработена низ две поглавја во кои, покрај теоретските основи, дадени се и решени примери. Овие поглавја обезбедуваат пошироко разбирање за тоа како ефикасно да се планира во услови на непредвидливост, што е исклучително важно во праксата на градежната индустрија. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Содржината на учебникот е усогласена со предметната програма. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Нема потреба од корекции во содржината на текстот. |

| | |
|---|---|
| **Оцена на ракописот:** | Учебникот „Планирање во градежништвото“ на авторката Маријана Лазаревска, истакнат професор од Градежниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, обезбедува целосно систематизирано знаење во областа на планирањето во градежништвото. Ова извонредно дело претставува неопходен ресурс за професионално оформување на студентите од Градежниот факултет, истовремено служејќи како важна основа за професионалците кои сакаат да продолжат со усовршување во оваа област.<br>Едно од значајните достигнувања на учебникот е целосната усогласеност со целите и резултатите на учењето предвидени за соодветната област. Маријана Лазаревска успешно ги насочува студентите кон совладување на клучните аспекти на проблемот, обезбедувајќи им длабоко разбирање на принципите на планирањето во градежништвото. |
| **Категоризација:** | учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 236 страници (формат B5), напишани на компјутер, со големина на фонтот 10. Текстот е поделен во пет поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 96 слики и 43 табели.<br>Земајќи ги предвид квалитетот и содржината на овој учебник, со задоволство предлагам негово печатење, со што ќе се обезбеди достапност на широката стручна јавност. Учебникот ќе придонесе за поквалитетно образование на студентите и професионален развој на сите заинтересирани субјекти. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот Одбрани поглавја од планирање во градежништвото, примарно наменет за студентите на Градежниот факултет.

**Рецензентот изјавува дека го разбира и го познава македонскиот јазик.*

Во Скопје, 2024 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Проф. д-р Милош Кнежевиќ, с.р.**

**II ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ВОНР. ПРОФ. Д-Р ДИМИТАР ПАПАСТЕРЕВСКИ**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Ракописот „Планирање во градежништвото“ е напишан на македонски јазик, на вкупно 236 страници, на јасен и прегледен начин, погоден за студентите, но и за инженерите од праксата.<br>Содржината на учебникот „Планирање во градежништвото“ е организирана во четири поглавја:<br>1. Управување со градежни проекти<br>2. Планирање на градежни проекти<br>3. Планирање во услови на ризик и неизвесност<br>4. Фази мрежно планирање.<br>Учебникот е поткрепен со 96 слики, 43 табели и преглед на користена литература.<br>Материјалот кој е обработен во овој учебник обезбедува севкупно знаење во областа на планирањето на реализацијата на градежните проекти. Детално и темелно се разработени различни методи и техники на планирање кои се применливи во пракса. Посебно внимание е посветено на разработка на техниката на мрежно планирање, при што покрај теоретските основи, приложени се и решени задачи и практични примери. За истакнување и пофалба е обидот на авторката да ја прикаже важноста на правилно користење на постапките за планирање на проекти, со акцент на планирањето во услови на ризик и неизвесност. На јасен и прегледен начин се објаснети основните принципи од фази мрежното планирање, како еден современ концепт на планирање кој е применлив во градежништвото. Разработени се неколку различни постапки за пресметка на најраните и најдоцните времиња на извршување на проектните активности во функција на определување на критичен пат во фази мрежен план. Во учебникот е јасно објаснет фази концептот на планирање, преку кој времетраењата на проектните активности се изразени како фази броеви и претставува современ и алтернативен начин на моделирање на несигурност и ризик. Овој фундаментален пристап, кој се заснова на примена на фази теорија, овозможува напредно и успешно моделирање на реални ситуации и проекти, со што се надминуваат недостатоците карактеристични за класичните методи на планирање. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Содржината на учебникот одговара на наставната програма по соодветниот предмет за прв циклус студии. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Нема потреба од корекции во текстот. |
| **Оцена на ракописот:** | Ракописот кој е поднесен за рецензија е исклучително квалитетен, како од аспект на |

| | |
|---|---|
| | начинот и деталноста на пишување и обработка на поглавјата, така и од аспект на содржината која е обработена. Областите кои се разработени во овој ракопис се актуелни и важни во современото градежништво. Учебникот има значаен придонес во афирмација на фази мрежното планирање кај нас, како еден нов концепт на планирање со реализација на проекти. Посебно е значајно да се истакне дека учебник со ваква содржина досега не бил испечатен во нашата држава, со што очекувам дека овој учебник ќе има успешна примена не само во наставата по предметот, туку и во инженерската пракса. |
| **Категоризација:** | учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 236 страници (формат B5), напишани на компјутер, со големина на фонтот 10. Текстот е поделен во пет поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 96 слики и 43 табели. |

Врз основа на изнесеното, се констатира дека ракописот ги задоволува критериумите и ги исполнува условите да се користи како учебник. Ми претставува особена чест и задоволство да го поддржам овој ракопис и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот Одбрани поглавја од планирање во градежништвото, примарно наменет за студентите на Градежниот факултет.

Во Скопје, 2024 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Вонр. проф. д-р Димитар Папастеревски, с.р.**

# П Р Е Г Л Е Д
**НА ОДОБРЕНИ МАГИСТЕРСКИ ТЕМИ НА ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ Скопје, УКИМ - 535. седница на ннс од** 16.2.2024Г.

| Р. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1 | Благој Мицевски дипл. град. инж. | *Мерење и вреднување на звучна изолација на фасадни ѕидови* | *Measurement and evaluation of sound insulation of facade walls* | проф. д-р Тодорка Самарџиоска | 27.2.2024 0202/153-37 |
| 2 | Христина Спасовска дипл. геод. инж. | *Анализа на предностите на ВЕБ меркаторовата проекција во сферата на дигиталната картографија* | *Analysis of the advantages of WEB Mercator projection in the field of digital cartography* | проф. д-р Златко Србиноски | 27.2.2024 0202/153-41 |
| 3 | Ивана Кулевска дипл. град. инж. | *.Примена на базна изолација кај конструкции со флексибилно приземје* | *Application of base isolation at soft first storey structures* | вонр. проф. д-р Коце Тодоров | 27.2.2024 0202/153-38 |
| 4 | Јасна Доневска дипл. град. инж. | *Споредбена анализа на армиранобетонска зграда според првата и втората генерација на Еврокодови* | *Comparative analysis of reinforced concrete building according to the first and second generation of Eurocodes* | вонр. проф. д-р Дарко Наков | 27.2.2024 0202/153-39 |
| 5 | Марија Ѓешовска дипл. град. инж. | *Звучна изолација од ударен звук на армиранобетонски меѓукатни конструкции* | *Impact sound insulation of reinforced concrete floors* | проф. д-р Тодорка Самарџиоска | 27.2.2024 0202/153-40 |
| 6 | Рустем Изеироски дипл. град. инж. | *Анализа на причини за појава на нестабилност кај косини приископ и мерки за санација* | *Analysis of reasons for cuts' instability and measures for stabilization* | вонр. проф. д-р Златко Зафировски | 27.2.2024 0202/153-42 |
| 7 | Ване Трајановски дипл. град. инж. | *Анализа на системи за заштита од свлечишта со цел подигнување на нивото на безбедност кај патиштата* | *Analysis of systems for protection from landslides for increasing safety degree at roads* | проф. д-р Милорад Јовановски | 27.2.2024 0202/153-36 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 8 | Зорица Стојанова дипл. град. инж. | *Ефекти од случајна торзија кај објекти со нерегуларност во основа* | *Accidental torsional effects in buildings with plan irregularity* | вонр. проф. д-р Коце Тодоров | 27.2.2024 0202/153-35 |

# П Р Е Г Л Е Д
## НА ПРИФАТЕНА ТЕМА ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА НА

**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ на 535. СЕДНИЦА НА ННС 16.2.2024**

| Ред бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | м-р Калтрина Спахиу | „Истражување на градежен материјал составен од биоматеријали и рециклирани материјали, со посебен акцент на нивната примена на фасадите на зградите | Research on a building material, composed of biomaterials and recycled materials, with a specific emphasis on their application in building facades | проф. д-р Кирил Граматиков | 21.2.2024 0202/153-11 |

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ВЛИЈАНИЕТО НА БРУТО ДОМАШНИОТ ПРОИЗВОД ВРЗ ВРАБОТЕНОСТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“ ОД М-Р БЕЛМА ХАЏИКАМБЕР, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 26.1.2024 година, со Одлука бр. 02-108/5 од 5.2.2024 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р **Белма Хаџикамбер** со наслов: **Влијанието на бруто домашниот производ врз вработеноста во Република Северна Македонија,** во состав: проф. д-р Пеце Недановски (претседател), проф. д-р Сашо Ќосев (ментор), проф. д-р Весна Буцевска (член), проф. д-р Предраг Трпески (член) и проф. д-р Никола Поповски (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

## АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката м-р **Белма Хаџикамбер**, со наслов: **Влијанието на бруто домашниот производ врз вработеноста во Република Северна Македонија,** содржи 277 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви 12, со 6 фусноти, 169 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во 6 глави, вовед и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот, изложени се актуелноста на проблематиката, предметот и целите на истражувањето, хипотезите, истражувачките прашања, теоретската рамка и методите на истражувањето.

**Првата глава** од докторската дисертација е насловена: **Теоретски аспекти на бруто домашниот производ и неговите компоненти според расходен метод.** Во оваа глава се претставени теоретските аспекти на БДП, во кои се прикажани дефинирањето на БДП, методите за пресметка на БДП: производен, приходен и расходен метод, како и теоретските концепти на БДП кои се однесуваат на следните групи попознати модели на економскиот раст: класични модели, кејнзијански модели, неокласични модели и нови модели на економскиот раст. Исто така, презентирани се и теоретските аспекти на компонентите на БДП според расходен метод, односно приватната потрошувачка, јавната потрошувачка, бруто инвестициите и извозот.

**Втората глава** од докторската дисертација е насловена: **Теоретски аспекти на вработеноста и невработеноста.** Во оваа глава се прикажани теоретските основи на вработеноста и на невработеноста. Во теоретските основи на вработеноста се презентирани дефинирањето на вработеноста, како и теоретските концепти на вработеноста кои се едни од централните прашања во историјата на економската мисла. Тие ги опфаќаат различните макроекономски школи од двата табора (кејнзијанска и класична природа) кои се прикажани во оваа глава, и тоа: класичари и кејнзијанци, неокејнзијанци и монетаристи и новите кејнзијанци и новите класичари. Исто така, претставени се теоретските основи на невработеноста во кои се презентирани дефинирањето на невработеноста, како и теоретските концепти на невработеноста кои се тесно поврзани со теоретските концепти на вработеноста. Во контекст на тоа,

прикажани се најрелевантните аспекти од претходно наведените различните макроекономски школи од двата табора (кејнзијанска и класична природа).

Во оваа глава се презентирани и видовите на невработеност кои се поврзани со економската наука и економската мисла, како што се: фрикционата, структурната, технолошката, цикличната и сезонската невработеност. Фрикционата невработеност се нарекува краткотрајна невработеност и таа во голем дел е создадена од информациската асиметрија и е резултат на неусогласеност меѓу понудата и побарувачката на работна сила. Причините за неусогласеноста може да бидат во однос на вештините, локацијата, преференциите. Структурната невработеност претставува невработеност која се јавува како резултат на неусогласеност помеѓу понудата и побарувачката на работна сила на долг рок. Оваа неусогласеност меѓу невработената работна сила и слободните работни места е застапена во многубројни форми од кои најчесто истражувани се вештините, образованието, возраста, географската локација и културните компоненти. Цикличната невработеност е поврзана со флуктациите во економската активност во текот на деловниот циклус

При проучувањето на невработеноста, голем дел од економските теоретичари фокусот го ставаат врз анализа на трошоците кои таа ги создава не само за невработените лица, туку и за општеството во целина. Според тоа, во оваа глава се прикажани и трошоците од невработеноста, односно економските трошоци, трошоците на буџетот, како и други општествени трошоци. Еден од најзначајните претставници кој ги анализира економските трошоци во економијата е Артур Окун преку т.н. Окунов закон, кој ги претставува односите меѓу промените во неискористеноста на трудот, односно стапката на невработеност и промените во БДП.

На крајот се претставени социо-економските последици од невработеноста при што се истакнува дека невработените лица имаат ограничувања во однос на приходот, средствата за работа, социјалните, здравствените, образовните и културните услуги, вклучувајќи ја и кредитната неспособност која им оневозможува да партиципираат во економскиот живот. Според тоа, тие не можат да ги подобрат сопствените услови за живот, како и да придонесат за економскиот развој на државата во која живеат. Невработеноста предизвикува и неповолни социјални последици, како што се зголемувањето на сиромаштијата, нееднаквоста и социјалната ексклузија.

**Третата глава** од докторската дисертација е насловена: **Анализа на структурните карактеристики на невработеноста и вработеноста во Република Северна Македонија.** Оваа глава вклучува 16 табели за анализа на невработеноста и вработеноста во Република Северна Македонија, кои се однесуваат на периодот од 2003 до 2021 година и таа се темели на податоците од Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија. Оваа анализа придонесува да се утврдат важните аспекти на демографските и социо-економските белези на невработените и вработените лица во Република Северна Македонија. Во оваа глава, најпрвин е претставена анализа на невработеноста и вработеноста во Република Северна Македонија, во продолжение и анализа на невработеноста и вработеноста според следните структурни карактеристики: пол, возраст и школска подготовка. Исто така, прикажана е анализа на вработеноста според економскиот статус (вработен, работодавец, вработен за сопствена сметка и неплатен семеен работник) и анализа на вработеноста според економскиот статус и по пол. На крајот е претставена анализа на невработеноста според должината на невработеноста, како и анализа на невработеноста според должината на невработеноста и по пол. Според резултатите од оваа анализа се дојде до сознанија за најпогодените групи на пазарот на трудот во Република Северна Македонија.

**Четвртата глава** од докторската дисертација е насловена: **Пазарот на трудот во Република Северна Македонија.** Во оваа глава се претставени теоретските концепти на пазарот на трудот, во кои се презентирани дефинирањето на пазарот на трудот и теоретските пристапи на пазарот на трудот, односно неокласичната и инстуционалната школа. Исто така, претставени се две класификации за карактеристиките на пазарот на трудот.

Во оваа глава е прикажана и анализа на пазарот на труд во Република Северна Македонија, со посебен осврт кон анализата на анкетата за потреба од вештини на пазарот на трудот во Република Северна Македонија за 2019, 2020 и 2021 година. Целта на анкетното истражување е да се обезбедат определени краткорочни показатели за очекувањата на работодавачите во однос на новите вработувања и потребите од вештини со кои треба да располагаат лицата, со цел тие да можат да бидат конкурентни на пазарот на трудот. Исто така, презентирани се податоци за слободните работни места според занимања по квартали за 2019, 2020 и 2021 година преземени од Државниот завод за статистика. Тие не се споредливи со податоците од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија за анкетата за потреба од вештини на пазарот на трудот поради различната методологија која ја користат, но се добри показатели за да се дојде до одредени сознанија на пазарот на трудот. Од овие податоци се согледува кај кои групи на занимања има најголем и најмал број на слободни работни места.

Посебно внимание е посветено на политиката на пазарот на трудот во Република Северна Македонија, со акцент на анализата на активните програми и мерки за вработување застапени во оперативните планови за активни програми и мерки за вработување за периодот од 2007 до 2021 година. Исто така, во оваа глава е претставена застапеноста на четирите најпогодени групи на пазарот на трудот во Република Северна Македонија во оперативните планови за активните програми и мерки за вработување на пазарот на трудот од 2007 година до 2021 година.

Проучувањето на еден системски проблем, како што е невработеноста во Република Северна Македонија, посочува на потребата да се идентификува нејзината генеза, односно причините за нејзиното манифестирање, при што е значајно да се имаат предвид повеќе економски и вонекономски околности кои се прикажани во оваа глава. На крајот е претставен структурниот карактер на невработеноста во Република Северна Македонија, кој е резултат на несовпаѓање на понудата и побарувачката на труд според квалификациите.

**Петтата глава** од докторската дисертација е насловена: **Анализа на структурните карактеристики на невработеноста и вработеноста во Република Хрватска и Република Србија.** Оваа глава вклучува 26 табели за анализа на невработеноста и вработеноста во Република Хрватска и Република Србија, при што податоците се преземени од Државниот завод за статистика на споменатите држави, додека временскиот период е различен зависно од достапните објавени податоци, како и од усогласеноста во однос на поделбата на анализираните структурни карактеристики. Во почетокот се претставени анализите на невработеноста и вработеноста во двете држави, потоа и анализите на невработеноста и вработеноста според структурните карактеристики пол и возраст. Исто така, презентирани се анализата на невработеноста според степенот на образование во Република Хрватска, како и анализата на невработеноста и вработеноста според степенот на образование во Република Србија. Во продолжение се претставени анализата на вработеноста според статусот на вработување, како и анализата на невработеноста според времетраењето на невработеноста во двете држави. Согласно со резултатите од наведените анализи, прикажани се најпогодените групи на пазарот на трудот во Република Хрватска и Република Србија.

**Шестата глава** од докторската дисертација е насловена: **Долгорочната врска помеѓу вработеноста и бруто домашниот производ во Република Северна Македонија.** Во ова истражување се користат податоци за вкупниот број на вработени лица во државата, како и за реалниот БДП и неговите компоненти според расходниот метод (финална домашна потрошувачка, финална јавна потрошувачка, бруто инвестиции и извоз), преземени од базата на податоци МакСтат на Државниот завод за статистика и Народната банка на Република Северна Македонија за периодот од 2003 (прв квартал) до 2020 година (втор квартал). Со цел да се испита долгорочното влијание на реалниот БДП врз вработеноста во Република Северна Македонија, спроведена е економетриска анализа која се базира на тестови за стационарност и коинтеграција, како и оценка на VECM-модел. При оваа анализа се оценуваат два модела, при што модел 1 се однесува на врската помеѓу вработеноста и реалниот БДП во Република Северна Македонија, додека, пак, модел 2 се однесува на врската помеѓу вработеноста и компонентите на БДП според расходниот метод: финална домашна потрошувачка, финална јавна потрошувачка, бруто инвестиции и извоз.

Според добиените резултати од оценката на моделот 1 се констатира дека помеѓу вработеноста и реалниот БДП во Република Северна Македонија постои статистички значајна, позитивна, долгорочна врска, при што маргиналниот коефициент на наклон на реалниот БДП изнесува 0,96. Ова би значело дека пораст на реалниот БДП од 1 % во просек би предизвикало 0,96 % раст на вработеноста на долг рок, под услов сите други фактори да останат непроменети.

Исто така, од добиените резултати од оценката на моделот 2 се констатира дека финалната домашна потрошувачка, финалната јавна потрошувачка и извозот имаат статистички значајни и позитивни оценети маргинални коефициенти на наклон, со што се потврдува нивното позитивно влијание врз вработеноста на долг рок. Најголемо директно влијание се забележува кај финалната јавна потрошувачка, чиј оценет коефициент изнесува 0,51, што значи дека зголемување на страната на јавната потрошувачка за 1 % би довело до зголемување на вработеноста за околу 0,5 % во просек, под услов сите други фактори да останат непроменети. Нешто помал степен на влијание се забележува кај финалната домашна потрошувачка, чиј коефициент изнесува 0,46, односно зголемување на финалната домашна потрошувачка за 1 % би довело до просечно зголемување на вработеноста во економијата за 0,46 %, сѐ друго непроменето. Во овој контекст, позитивно влијание врз вработеноста има и извозот, иако магнитудата на тоа влијание е значително помала од онаа на финалната потрошувачка. Оценетиот маргинален коефициент на извозот изнесува 0,18, што значи дека зголемување на извозот за 1 % би довело до зголемување на вработеноста за околу 0,18 % во просек, сѐ друго непроменето. За разлика од финалната потрошувачка и извозот, анализата покажа отсуство на статистички значајна долгорочна врска помеѓу бруто инвестициите како компонента на БДП и вработеноста.

Во сопствените **Заклучни согледувања**, кандидатката м-р Белма Хаџикамбер ги сумира сознанијата кои се резултат на истражувањето. Кандидатката истакнува дека пристапот во анализата за утврдување преку која од своите компоненти БДП доминантно го манифестира своето влијание врз вработеноста ќе послужи за поголема ефикасност при креирањето на макроекономските политики во државата. Во контекст на тоа, резултатите од спроведената економетриска анализа претставуваат основа за давање на одредени препораки во насока на насочување на фокусот на креаторите на макроекономските политики во Република Северна Македонија кон поттикнување на финалната домашна потрошувачка и на извозот, како главни двигатели на вработеноста на долг рок. Исто така, препораките се во насока на укажување на потребата од целосна евалуација на активните програми и мерки од страна на АВРСМ која би била во

функција на градење на соодветен инструментариум на кој ќе ги темели идните планови и проекции. Резултатите добиени од ова истражување претставуваат солидна научна и теоретска основа од која се очекува придонес во креирањето на идните стратегии и можните насоки во ублажување на проблемите со вработеноста, односно невработеноста во Република Северна Македонија, како и за утврдување на влијанието на обемот и динамиката на движењето на бруто домашниот производ врз вработеноста во Република Северна Македонија.

**Предмет на истражување**

Врз основа на движењето на трите клучни макроекономски показатели, државите ги проектираат основните макроекономски цели: постигнување и одржување на високи стапки на раст на бруто домашен производ, одржување на високо ниво на вработеност на расположливата работна сила (ниска невработеност) и одржување на висока ценовна стабилност (ниска инфлација). За остварување на овие цели, државите ја користат макроекономската политика.

Предмет на истражување на овој труд претставува утврдување на влијанието на бруто домашниот производ врз вработеноста во Република Северна Македонија, со употреба на економетриски модели. Оттука, како појдовна цел на истражувањето е да се утврди квантитативно влијанието на бруто домашниот производ врз вработеноста во Република Северна Македонија. Со истражувањето, посебно внимание е посветено и на утврдување која од компонентите на БДП според расходниот метод: финална домашна потрошувачка, финална јавна потрошувачка, бруто инвестиции и извоз, води кон долгорочно поместување на вработеноста во позитивна насока. Во согласност со добиените резултати од анализата се дојде до попрецизни заклучоци и препораки кои можат да бидат имплементирани од страна на носителите на макроекономските политики, со цел зголемување на вработеноста, односно намалување на невработеноста.

**Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата**

Економските проблеми претставуваат едни од најзначајните проблеми на човештвото во целина и на секоја посебна земја во светот кои директно и индиректно имаат влијание на личната и економската благосостојба на луѓето, како и на општествената благосостојба.

Имајќи ја предвид важноста на трите клучни макроекономски агрегати, како и нивното значење за вкупната економска состојба во една држава, разбирлива е загриженоста на државата за нивоата на овие показатели и зошто сакаат да ги одржуваат на економски и општествено прифатливо ниво. Значењето на вработувањето се гледа во намалување на сиромаштијата, подобрување на животниот стандард и зголемување на благосостојбата на граѓаните во државите каде што живеат, додека, пак, преку големината и динамиката на бруто домашниот производ се гледа како се движи економијата на една земја и каков е животниот стандард на населението. Земја која осигурува динамични и одржливи стапки на пораст на бруто домашниот производ континуирано го зголемува обемот на произведени финални добра и услуги, а со тоа и животниот стандард на своите граѓани.

Стапката на вработеност и бруто домашниот производ се клучните показатели кои истовремено се следат од страна на креаторите на макроекономските политики и од теоретската и стручната јавност бидејќи тие создаваат јасна слика за економскиот развој на една земја.

**Краток опис на применетите методи**

Методолошкиот приод во истражувањето е интегрален, односно се употребени повеќе научноистражувачки методи кои земени заедно треба да обезбедат систематичност, објективност, непристрасност и веродостојност на добиените резултати и сознанија. При истражувањето се употребени методите на индукција и дедукција, методот на анализа и синтеза, историскиот метод, компаративниот метод и релевантни економетриски модели. Притоа:

Преку методот на индукција се согледаа појавните форми на вработеноста и невработеноста во Република Северна Македонија, карактеристиките и особеностите на вработеноста и невработеноста, теоретските концепти на бруто домашниот производ, како и методи за пресметка на бруто домашниот производ, со што се формираа заклучоци во врска со основната хипотеза.

Преку методот на дедукција се овозможи од општите закономерности на анализираните појави да се извлечат посебни сознанија кои се искористени за предвидување на поставените тези и за проверување на хипотезите поставени во истражувањето.

Преку методот на анализа се направи детална и целосна обработка на податоците, извештаите, релевантни публикации во врска со вработеноста, невработеноста, како и бруто домашниот производ во Република Северна Македонија. Анализата е фокусирана на општи и посебни делови или аспекти, со цел да се утврдат меѓусебните влијанија на анализираните појави. Преку анализата се направи критичка оцена и осврт помеѓу причините и последиците на констатираните и анализираните појави кои се предмет на истражување и воедно се донесоа заклучоци преку разделување или расчленување на целината на истражувањето.

Преку методот на синтеза, врз основа на сознанијата добиени од методот на анализа, се овозможи извлекување на заклучните согледувања на истражувањето, кои се во насока на креирање целосна слика или перцепција на целта на истражувањето.

Со користење на историскиот метод се добиени сознанија за генезата на невработеноста во Република Северна Македонија.

Со компаративниот метод се добиени сознанија за движењето на вработеноста и невработеноста во Република Хрватска и Република Србија.

Во рамки на истражувањето е спроведена економетриска анализа, која се базира на тестови за стационарност и коинтеграција, како и оценка на VECM-модел. Податоците кои се користат во анализата се квартални и се преземени од Државниот завод за статистика и Народната банка на Република Северна Македонија. Преку соодветен економетриски модел се направи продлабочено проучување на одделни сегменти од предметната проблематика со цел тестирање на хипотезите**.**

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

Истражувањето на влијанието на обемот и динамиката на движењето на бруто домашниот производ врз вработеноста во Република Северна Македонија покажа повеќе релевантни заклучоци. Врз основа на добиените заклучоци се очекува да се конципираат препораки кои можат да бидат применети од страна на креаторите на макроекономските политики во Република Северна Македонија.

Како резултат на деталното и исцрпното истражување се дојде до следните констатации:

Проучувањето на теоретските аспекти на БДП и неговите компоненти според расходен метод посочи на важноста на БДП како главен критериум за националната

благосостојба или напредокот на државите. Во таа насока, прикажани се и трите методи за пресметка на БДП: производен, доходовен или приходен и расходен метод кои се карактеризираат со посебен пристап и даваат различен поглед на економијата, но од друга страна даваат ист показател за обемот на тековните економски активности.

Проучувањето на теоретските аспекти на компонентите на БДП, според расходен метод, укажа на значењето на следните компоненти: финалната потрошувачка на секторот на домаќинствата, односно приватната потрошувачка која претставува преовладувачки и елементарен дел од животниот стандард и е клучна движечка сила на економскиот раст; јавната потрошувачка на државниот сектор, која претставува значајна алатка на фискалната политика и е насочена кон задоволување на потребите на државата; инвестиционата потрошувачка на секторот производство, односно фирмите, при што инвестициите се една од важните детерминанти за долгорочниот раст на БДП и животниот стандард на една држава и извозот чие значење од макроекономски аспект се состои во тоа што ја подобрува економијата и благосостојбата на нацијата и придонесува за вработување, економски раст и повисоки стандарди на живеење.

Истражувањето на теоретските аспекти на вработеноста и невработеноста посочи на круцијалното значење на вработувањето за создавање на доходот, социјалната стабилност, квалитетот на живот и услов за учество во општествените активности, како и на невработеноста на работната сила која е еден од најзначајните макроекономски показатели од кои е условена динамиката на економскиот раст на земјите и благосостојбата на луѓето.

Согласно со анализираните структурни карактеристики на невработеноста и вработеноста, односно анализата на стапките на вработеност според пол, анализата на структурата на невработеност според возраст, анализата на стапките на невработеност според школска подготовка и анализата на структурата на невработените лица според должината на невработеноста се констатира дека четири најпогодени групи на пазарот на трудот во Република Северна Македонија се: жените, младите невработени лица, ниско квалификуваните лица и долгорочно невработените.

Во врска со евалуацијата на ефектите од примената на активните програми и мерки за вработување на пазарот на трудот во Република Северна Македонија не постојат целосни студии, при што значајно е да се нагласи дека на ниво на АВРСМ сè уште не е направена ниту една студија. Согласно со овие заклучоци во Република Северна Македонија е потребно да се направи целосна евалуација на активните програми и мерки со цел да се утврди кои од нив имаат подобри резултати, а кои треба да бидат променети и подобрени во иднина.

Застапеноста на најпогодените групи на пазарот на трудот во Република Северна Македонија во оперативните планови за активни програми и мерки за вработување за периодот од 2007 до 2021 година укажа дека најмногу младите лица се опфатени со активните програми за вработување (вкупно 66), а најмалку жените се опфатени со овие програми (10). По младите, долгорочно невработените се опфатени со активните програми за вработување (22) и трети по ред се ниско квалификуваните лица опфатени со овие програми (20).

Согласно со анализираните структурни карактеристики на невработеноста и вработеноста во Република Хрватска и Република Србија, односно анализата на стапките на вработеност според пол, анализата на структурата на невработените лица според возраст, анализата на структурата на невработените лица според степенот на образование и анализата на структурата на невработените лица според времетраењето на невработеноста се заклучи дека:

- најпогодени групи на пазарот на трудот во Република Хрватска се: жените, лицата на возраст од 25 до 49 години, лицата со средно училиште за занимања

во траење до 3 години и училиште за квалификувани и висококвалификувани работници, како и краткорочно невработените лица, и

- најпогодени групи на пазарот на трудот во Република Србија се: жените, младите лица, односно лицата на возраст од 25 до 29 години, лицата со средно образование, како и краткорочно невработените лица.

Според добиените резултати од економетриската анализа за оценка на моделот 1 се дојде до заклучок дека помеѓу вработеноста и реалниот БДП во Република Северна Македонија постои статистички значајна, позитивна, долгорочна врска. Согласно со резултатите се потврдува основната хипотеза, која гласи дека растот на БДП позитивно влијае и го зголемува бројот на вработени на долг рок во Република Северна Македонија.

Исто така, од добиените резултати од оценката на модел 2 се констатира дека финалната домашна потрошувачка, финалната јавна потрошувачка и извозот имаат статистички значајни и позитивни оценети маргинални коефициенти на наклон, со што се потврдува нивното позитивно влијание врз вработеноста на долг рок. Во контекст на тоа се потврдуваат посебните хипотези кои гласат дека растот на финалната домашна потрошувачка, финалната јавна потрошувачка, како и извозот, како компоненти на БДП според расходниот метод на пресметка, има позитивно влијание и го зголемува бројот на вработени лица во Република Северна Македонија на долг рок. За разлика од финалната потрошувачка и извозот, анализата покажа отсуство на статистички значајна долгорочна врска помеѓу бруто инвестициите како компонента на БДП и вработеноста. Според тоа, анализата не даде доволно цврсти докази кои би ја потврдиле посебната хипотеза која се однесува на долгорочната врска помеѓу бруто инвестициите и вработеноста во Република Северна Македонија.

Резултатите од спроведената економетриска анализа, јасно и недвосмислено покажаа статистички значајна врска помеѓу реалниот БДП и вработеноста во Република Северна Македонија, при што таа е, главно, движена од финалната домашна потрошувачка и извозот, додека пак бруто инвестициите и финалната јавна потрошувачка немаат, односно имаат многу мало влијание врз вработеноста, без структурни долгорочни ефекти. Ваквите резултати говорат дека фокусот на креаторите на политиките во земјава треба да биде насочен, пред сè, кон поттикнување на финалната домашна потрошувачка и на извозот, како главни двигатели на вработеноста на долг рок, наместо кон привлекување на нови инвестиции и на страната на јавната финална потрошувачка, од причина што последните имаат многу мало и привремено влијание, за разлика од првите, каде што влијанието е структурно и одржливо, односно води кон долгорочно поместување на вработеноста во позитивна насока.

## ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката м-р **Белма Хаџикамбер**, со наслов: **Влијанието на бруто домашниот производ врз вработеноста во Република Северна Македонија**, претставува истражување во областа на економските науки (економски развој, економија на трудот, финансии, применета економија и економска теорија во сегментот на теоретски аспекти на анализираните појави). Истражувањето треба да придонесе за поголема ефикасност при креирањето на макроекономските политики во државата кои треба да бидат во насока на ублажување на проблемите со вработеноста, односно невработеноста. Исто така, ова истражување треба да придонесе за насочување на фокусот на креаторите на макроекономските политики во Република Северна Македонија согласно со резултатите од спроведената економетриска анализа, преку која

се гледа кои од компонентите на БДП според расходен метод доминантно го манифестираат своето влијание врз вработеноста на долг рок.

Успешното реализирање на целта на ова истражување претставуваше голем предизвик и бараше детално и исцрпно истражување. Посебна тежина на овој труд му дава научниот пристап кој е базиран на економетриска анализа на предметните појави. Кандидатката го темели своето истражување на претпоставката дека со помош на соодветен економетриски модел може да бидат утврдени компонентите на БДП според расходен метод кои придонесуваат за структурно и одржливо влијание врз вработеноста на долг рок во Република Северна Македонија.

Докторската дисертација покажа дека има теоретска покриеност и анализа, како и конкретност во препораките. Овој труд се одликува со продлабочен приод и аналитички пристап кон теоретските и емпириските истражувања од областа на макроекономијата. Релевантноста и веродостојноста на добиените резултати се во насока на високо ниво на објективност на истражувањето.

Проверката на оригиналноста и самостојноста на докторската дисертација на тема со наслов: **Влијанието на бруто домашниот производ врз вработеноста во Република Северна Македонија**, изработена од кандидатката м-р Белма Хаџикамбер, во Системот за анализа и пронаоѓање на плагијати на Министерството за образование и наука на Република Македонија, е иницирана од менторот проф. д-р Сашо Ќосев. Резултатот за документот е следниов: документот содржи **81 159** зборови, од кои за 4938 (6,08 %) е пронајдено совпаѓање во 1 470 документи од базата, што сведочи за оригиналноста на докторското истражување.

Докторската дисертација на кандидатката м-р **Белма Хаџикамбер**, со наслов: **Влијанието на бруто домашниот производ врз вработеноста во Република Северна Македонија**, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

**ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ**

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

[1]. Наслов на трудот: “STRUCTURAL CHARACTERISTICS OF UNEMPLOYMENT IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA”, автор: Belma Hadjikamber, објавен: “Innovation as the initiator of development”, Faculty of Applied Management, Economics and Finance Belgrade, Belgrade 2021, ISBN 978-86-84531-55-3.

[2]. Наслов на трудот: “BALANCED REGIONAL DEVELOPMENT IN THE PLANNING REGIONS IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA”, автор: Belma Hadjikamber, објавен: “PRIMENA NOVIH TEHNOLOGIJA U MENADŽMENTU I EKONOMIJI”, Fakultet za informacione tehnologije i inženjerstvo, Univerzitet „Union- Nikola Tesla”, Beograd, Republika Srbija, Beograd 2022, Vol. 2, ISBN 978-86-81400-71-5.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Главните научни придонеси на кандидатката се состојат во примената на емпириска анализа, односно употребата на економетриски модели при оценка на влијанието на обемот и динамиката на движењето на бруто домашниот производ и неговите компоненти според расходниот метод врз вработеноста на долг рок во Република Северна Македонија. Придонесот од овој труд се очекува дополнително да биде потенциран во Република Северна Македонија со оглед на тоа што оваа анализа е едно од ретките истражувања кои квантитативно го утврдуваат нивото на влијание на БДП и неговите компоненти според расходен метод врз вработеноста на долг рок во Република Северна Македонија. Следствено, ова истражување ќе даде особен придонес во збогатување на македонската стручна и научна литература од областа на макроекономијата.

Истражувањето на оваа докторска дисертација треба да сугерира на одредени насоки кон кои треба да се стреми секоја држава без исклучок. Предизвиците во современи услови се сè поприсутни, особено за економиите во развој. Резултатите добиени од ова истражување се очекува да дадат солиден научен и теоретски придонес кој ќе биде во функција на ублажување на проблемите со вработеноста, односно невработеноста во Република Северна Македонија, како и за утврдување на влијанието на обемот и динамиката на движењето на бруто домашниот производ врз вработеноста во Република Северна Македонија. Подрачје на примена на резултатите од истражувањето е во практични, научни и теоретски цели од страна на засегнатите страни во креирањето на макроекономските политики, од страна на потенцијалните идни истражувачи на предметната проблематика, како и во рамките на теоретските расправи во научните кругови. Преку истражувањето се дојде до продлабочени сознанија за состојбите на пазарот на трудот во Република Северна Македонија, детектирајќи ги најпогодените групи, за политиката на пазарот на трудот со акцент на активните програми и мерки за вработување, како и за тоа кон кои компоненти на БДП според расходен метод, како главни двигатели на вработеноста на долг рок треба да биде насочен фокусот на креаторите на макроекономските политики во Република Северна Македонија.

Во однос на ограничувањата, истражувањето укажа на бројот на корисници и средства на активните програми и мерки на пазарот на труд, податоци кои се недоволни за да се оцени нивната успешност. Во контекст на тоа, нема целосни студии за нивна евалуација кои би овозможиле да се утврди кои имаат подобри резултати, а кои треба да бидат променети и подобрени во иднина. Исто така, од анализата на оперативните планови се согледа дека одреден број на мерки се со краткотрајна примена, што дополнително ја отежнува можноста за евалуација на ефикасноста и ефективноста на мерките со краткотрајна примена.

Можните понатамошни истражувања се по извесен период да се направат дополнителни економетриски анализи при кои ќе се употребат квартални податоци кои ќе се однесуваат на периодот поврзан со пандемијата на вирусот ковид-19 со цел да се видат структурните ефекти на ковид-кризата врз вработеноста. Преку ова истражување би се утврдиле промените кои се настанати на пазарот на трудот, како и потребата од нови работни места поврзани со новонастанатите технолошки промени.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката **м-р Белма Хаџикамбер** со наслов: „Влијанието на бруто домашниот производ врз вработеноста во Република Северна Македонија“.

Скопје,13.2.2024 година

**КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Пеце Недановски, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Сашо Ќосев, ментор, с.р.**
**Проф. д-р Весна Буцевска, член, с.р.**
**Проф. д-р Предраг Трпески, член, с.р.**
**Проф. д-р Никола Поповски, член, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ФАКТОРИТЕ КОИ ВЛИЈААТ ВРЗ ПРОФИТАБИЛНОСТА НА БАНКАРСКИОТ СИСТЕМ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И ИЗБРАНИ ЗЕМЈИ ОД ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА“ ОД М-Р КАЛТЕРИНА АБАЗИ ЈУСУФИ, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 24.11.2023 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Калтерина Абази Јусуфи со наслов: ФАКТОРИТЕ КОИ ВЛИЈААТ ВРЗ ПРОФИТАБИЛНОСТА НА БАНКАРСКИОТ СИСТЕМ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И ИЗБРАНИ ЗЕМЈИ ОД ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА, во состав: проф. д-р Михаил Петковски (претседател), проф. д-р Трајко Славески (ментор), проф. д-р Ѓорѓи Гоцков (член), проф. д-р Владимир Филиповски (член) и проф. д-р Елена Наумовска (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Калтерина Абази Јусуфи, со наслов: ФАКТОРИТЕ КОИ ВЛИЈААТ ВРЗ ПРОФИТАБИЛНОСТА НА БАНКАРСКИОТ СИСТЕМ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И ИЗБРАНИ ЗЕМЈИ ОД ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА, содржи 170 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со единечен (single) проред и големина на букви 12, со 197 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, меѓународни списанија и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во пет глави, вовед и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во воведот на трудот се изложени предметот и целите на истражувањето, краток опис на содржината и истражуваните прашања. Кандидатката укажува на важноста на банкарскиот сектор како главен сегмент на светската економија, бидејќи примарната функција е да ги заштити средствата на штедачите и да дава заеми на поединци и бизниси, а како најважни финансиски институции на целиот финансиски систем, банките имаат централна улога во трансмисијата на мерките на монетарна политика.

Во поглед на актуелноста на оваа проблематика, кандидатката покажува дека во последниве години, односно по финансиската криза, банкарскиот сектор стана предмет на анализа поради ризиците кои се закануват на банкарскиот систем. Ова се случува најчесто во извршувањето на деловните активности каде што банките се изложени на различни ризици од финансиски карактер. Со цел управување со ризиците на кои се изложени банките, тие се трудат да ги идентификуваат на време и да преземат мерки со цел да се елеминират какви било ризици или да има контрола врз ризиците кои се појавуваат во текот на банкарското работење. Освен ова, и врз основа на претходните истражувања и емпириски докази, се потврдува дека секој ризик влијае врз профитабилноста на банките, а особено влијае ризикот од нефункционалните кредити, бидејќи овие кредити се сметаат за кредити кај кои во основа отплатата од страна на клиентите е со одредено временско задоцнување и често пати овие кредити се поврзани со деловни неуспеси и финансиски кризи.

Кандидатката навестува дека со докторската дисертација ќе понуди емпириски резултати на подолг рок за влијанието на нефункционалните кредити врз профитабилноста на банките во РСМ и избраните земји од ЈИЕ.

Во **првата глава** од докторската дисертација, насловена „Поим и значање на банкарските институции“, се нагласува теоретскиот дел за банкарскиот систем и специфичните детерминати на банкарскиот систем, но и главните активности. Покрај основните активности на банкарските работи, како што се прибирање депозити и одобрување кредити, банките извршуваат и повеќе небанкарски активности, како, на пример: банките делуваат како посредници во издавање хартии од вредност на пазарот на капитал, додека тие учествуваат во берзите на хартии од вредност и користат долгорочни планови за управување и зголемување на нивните средства. Целокупната економска стабилност на една земја може да се постигне преку активностите на финансиските посредници и растот на индустријата за финансиски услуги и финансиските совети што ги даваат банките за нивните корисници.

**Во втората глава,** насловена „Структура и профитабилност на банкарскиот систем во Република Северна Македонија и избрани земји од Југоисточна Европа“, опишана е структурата на банкарскиот систем во Република Северна Македонија и е направена споредба со избрани земји од Југоисточна Европа, бидејќи Македонија од економски аспект е поблиску со овие земји. Притоа, од особена важност се разликите помеѓу банките и споредбата со други финансиски институции, кои се усогласени со новите регулаторни барања. Во оваа глава се дава опис на структурата и заштитата на овие стуктури од кредитните ризици кои се сметаат како закана за капиталот. Оттаму, честопати при истражување на влијанието на кредитните ризици се потврдува дека понискиот економски раст, повисоката инфлација и повисоката каматна стапка се поврзани со повисоки нефункционални кредити. Исто така, се анализирани и зајакнувањето на капиталната позиција на банките, флексибилноста и високото ниво на солвентност на банкарскиот сектор која ја покажува подготвеноста на банките да се справат со ризиците. Во оваа глава се посочени и факторите кои влијат врз профитабилноста на банкарскиот систем, од каде што се избрани и детерминантите за истражувањето.

Во третата глава, насловена „Управување со кредитен ризик и кредитирање во согласност со Базелските спогодби“, кандидатката го елаборира процесот на кредитирање како една од најзначајните функции на банкарските институции. Особено им се дава важност на регулаторните правила на Базелските спогодби, сè со цел да се обезбеди сигурност согласно со политиките и процедурите кои се однесуваат на работењето на банката. Според овие прописи, стапката на адекватност на капиталот за секоја банка не може да биде пониска од **8 %**. Исто така, важност им се дава на флексибилноста и спроведувањето на структурни промени на овие институции, бидејќи тие им одобруват кредити на домаќинствата, на институциите и на бизнисите, односно на деловните субјекти. Банките секогаш се стремат да најдат решенија за задоволување на потреби на клиентите, а исто така ги анализираат политиките за управување со ризиците. Во текот на финансиската криза во 2008 година пропаднаа многу финансиски институции од оваа криза, која предизвика дестабилизација на финансискиот систем во глобални рамки, а воедно и на реалниот сектор. Се преземаа некои интервенции за да се одржи финансиската стабилност, кои најчесто вклучуваа користење буџетски средства. Освен тоа, се спроведоа повеќе интервенции и реформи од капиталната спогодба Базел III, кои, пред сè, се однесуваат на зајакнување на капиталните барања, зајакнување на ликвидната позиција на банките и примена на макропрудентни инструменти за зголемување на отпорноста на банкарскиот систем на финансиски и економски шокови.

Во **четвртата глава,** насловена „Позначајни билансни промени и детерминанти на профитабилноста на банкарскиот систем“, кандидатката ги дефинира поважните детерминанти кои влијаат врз профитабилноста на банкарскиот систем. Потоа се разгледува трендот на нефунционалните кредити во Република Северна Македонија и избрани земји од Југоисточна Европа, за да се утврди врската што постои помеѓу овие макроекономски и банкарски варијабли. Во оваа глава, исто така, се утврдува и учеството на променливите, како што се нефунционалните кредити, ликвидните обврски во однос на БДП, акционерскиот капитал, инфлацијата и економскиот раст во

профитабилноста на банкарскиот систем. Ова негативно влијание има големо значење за банките, бидејќи намалувањето на лошите кредити е клучен фактор во напредувањето на профитабилноста на банкарскиот сектор.

Во **петтата глава,** насловена „Анализа на податоци и методологија на истражување за банкарската профитабилност“, спроведена е емпириска анализа и кандидатката утврдува дека нефункционалните кредити имаат значајно влијание врз банкарскиот сектор на РСМ и избраните земји од ЈИЕ, што е во согласност со поставените хипотези. Во анализата се користени методите како *Fixed effect* или *LSDV* и *Random effect,* кои се употребуваат за анализа и проценка на вредностите при емпириска анализа и резултати. Додека, пак, за моделот на Република С. Македонија, кандидатката употребува метода на најмали квадрати, а како дополнителни тестови се употребува тестот за варијансно-инфлацискиот фактор (VIF), кои, исто така, ни даваат емпириски резултати за проценка на влијанието на факторите на банкарскиот сектор.

Кандидатката е во целост фокусирана на идентификување на специфичните фактори на банкарската профитабилност и влијанието на макроекономските фактори пред и по финансиската криза, вклучувајќи го периодот пред ковид-19. Важно е да се спомне дека изборот на оваа тема беше поттикнат од важноста на лошите кредити кои се покажуваат како голема закана за финансискиот систем. Од спроведените анализи се потврдува дека овие лоши кредити претставуваат закана за финансискиот ситем во целина.

Тезата на оваа докторска дисертација го покажува влијанието на надворешните и внатрешните фактори врз профитабилноста на банките и дава придонес за банкарскиот сектор во Република Северна Македонија со препораки за политиките.

## <u>Предмет на истражување</u>

Предмет на анализа во оваа докторска дисертација претставува супервизијата и управувањето со ризиците на банкарскиот систем во РСМ и избраните земји од Југоисточна Европа. Понатаму, се нагласува важноста на меѓународните стандарди за регулација на банките и начинот на супервизија според правилата и договорите на Базелскиот комитет, чија цел е да се справи со проблемите што ги носи со себе глобализацијата на финансиските и банкарските пазари во ера во која банкарската регулатива останува главно во надлежност на националните регулаторни тела.

Целта на оваа докторска дисертација е да се анализираат функциите на банките како финансиски, депозитни и кредитни институции, нок исто такак и ефикасноста во работата преку финансиските индикатори, управувањето со ризици, економскиот раст и специфичните активности на банкарскиот систем.

## <u>Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата</u>

Повеќето актуелни модели, теории и учебници од областа на финансиите и економијата ја потврдуваат валидноста на теоријата за финансиско посредување. Според неа, банките имаат способност да се справат со кредитните ризици, со извесна резерва во сигурноста на проценката за ризиците. Актуелноста на оваа анализа на профитабилноста, стабилноста и ефикасноста на банките се наметна по глобалната криза која се случи во 2007 – 2008 година, од каде што се покажа дека силен и одржлив банкарски систем е од суштинско значење за растот на секоја економија, поради неговата улога како финансиски посредник, односно банкарскиот сектор како истакнат финансиски институт придонесува за енергична развојна улога на економијата на една земја.

Развиениот банкарски сектор дава поттик за раст на економијата. Меѓутоа, за да се одржи финансиската стабилност и да се пресретнат евентуални негативни шокови, важно е да се разберат факторите кои влијаат на профитабилноста на банките. Затоа, целта на оваа дисертација е да се анализира ефектот на внатрешните и надворешните фактори врз профитабилноста на банките. Кредитирањето се смета како економско-правен однос помеѓу две физички или правни лица, при што едниот е должник кој зема заем, а другиот е доверител. Со давање на заеми, комерцијалните банки ја

максимизираат својата заработка. Комерцијалните банки сакаат да го максимизираат кредитирањето со цел да заработуваат повеќе, но лошите одлуки за кредитирање го зголемуваат коефициентот на нефункционални кредити. Затоа, како главен мотив за нефункционалните кредити, кои се сметаат како главна закана за банкарскиот сектор не само за земјите во развој туку и за поразвиените земји, бидејќи кога нефункционалните кредити се зголемуваат, мислењето е дека таа институција е виновна што резултира со намалување на банкарската заработка.

Во различни трудови за банкарскиот систем се укажува за значењето на банките како посредници за канализирање на финансиските средства. Затоа, истражувањето за детерминантите на профитабилноста може да им помогне на управата, инвеститорите, на владата и на самите банки да предвидат и да се справат со зголемената несигурност од опкружувањето.

Краток опис на применетите методи

Докторската дисертација е изработена со користење повеќе научни методи, и тоа: основни и дополнителни. Во групата основни научни методи се применети методите на индукција и дедукција, дескриптивниот метод, методот на анализа и методот на синтеза. Како дополнителен научен метод, користен е статистичкиот метод. Од позначајните статистички методи, користени се: анализа на временски серии, графичко прикажување на податоците, *Fixed effect* или *LSDV* и *Random effect* метода и варијансно-инфлацискиот фактор (VIF) и други тестови поврзани со нив, кои дадоа оценка и ја објаснија поврзаноста помеѓу истражуваните променливи.

## **Краток опис на резултатите од истражувањето**

Докторската дисертација потврдува дека банките треба да извршуваат значителен обем на кредитни активности за да обезбедат поголеми профити, но, исто така, треба да ги зголемат своите активности и да бидат претпазливи од можните ризици со цел да имаат корист од инфлацијата и економскиот раст. Последователно, ова покажува дека кога е помал ризикот врз банкарскиот систем, тогаш банките имаат потенцијал да бидат попрофитабилни и позначајни.

Проучувањето на профитабилноста на комерцијалните банки е од интерес за креаторите на политиките и научници од областа на финансиите. Ова значи дека разбирањето на детерминантите на профитабилноста на банките е суштинско и клучно за стабилноста на економијата, бидејќи благосостојбата на банкарскиот сектор е многу критична за благосостојбата на економијата во целина. Од овде слободно може да се каже дека комерцијалните банки треба оптимално да управуваат со нивната распределба на средствата за да ја подобрат нејзината профитабилност.

Покрај сето ова, во теоретскиот дел е претставено влијанието и на пандемијата ковид-19 врз движењето на економската активност и нефункционалните кредити, како реакција на деловните банки од овие настани. Од друга страна, различни автори ги анализираат нефункционалните кредити и ефикасноста на деловните банки, бидејќи овие анализи даваат претстава како да се одбранат банките од лошите кредити.

Добиените резултати се во согласност со поставените хипотези, иако овие резултати и оваа метода оставаат можност понатаму да се потврдуваат и испитуваат овие серии, бидејќи со појавата на ковид-19 пандемијата, речиси сите светски економии забележаа пад на економската активност, особено малите и отворени економи како што се земјите од Западен Балкан. Црна Гора и Албанија забележаа намалување на активностите во секторот на туризмот, кој претрпе значителни штети од намалениот број на туристи. Земјите како Босна и Херцеговина, Србија и РСМ, чиј увоз е дел од глобалниот синџир на снабдување во Западна Европа, забележаа поблаг пад на економската активност, иако, сепак, се чувствуваше кризата.

Кризата на ковид-19 беше голем шок за сите земји не само во регионот туку и воопшто, иако не можат целосно да се предвидат ефектот, времетраењето и економските последници кои ќе се јават во наредниот период. Пандемиската криза претставуваше голема закана во сите земји низ целиот свет, но финансиските системи

во земјите на регионот беа претежно стабилни, доволно капитализирани и ликвидни. Помалиот кредитен раст и пониска профитабилност имаат негативен ефект врз економијата, со што доведуваат до дополнителни предизвици за финансиската стабилност на земјите од регионот. За да се одржи финансиската стабилност, треба да се следат кредитите, иако за одржување на финансиската стабилност и економските активности има регулатори кои воведоа еден сет мерки што ги олеснија условите, како што се: мораториуми за отплата на заемите, промена во класификацијата на кредитниот ризик и промена на условите по кои заемот се смета за ненаплатлив.

Со добиените емпириски резултати, како и со спроведените статистички анализи за банкарскиот сектор, постигната е основната цел на истражувањето, односно се потврдени поставените тези дека нефункционалните кредити имаат негативен ефект врз банкарскиот систем на РСМ и избраните земји на ЈИЕ. Исто така, оваа студија придонесува да се пополни празнината во постојната литература за детерминантите за профитабилноста на комерцијалните банки преку обезбедување на нов емпириски доказ. Резултатите од оваа студија имаат значителен придонес за постојаната литература преку сеопфатно појаснување и критичка анализа на моменталната состојба на профитабилноста на банките. Поконкретно, оваа студија дава доказ за факторите кои можат да влијаат врз профитабилноста на банките во периодот од 1994 до 2020 година. Дополнително, овие анализи го направија истражувањето многу важно и интересно и обезбедија емпириски докази за креаторите на банкарските политики. На регулаторите и на креаторите на политиките им се препорачува да ги земат предвид макроекономските детерминанти со цел да ја подобрат профитабилноста на комерцијалните банки. Додека, пак, банкарите, менаџерите на банките и другите професионалци треба соодветно да ги користат ресурсите на банките и на таков начин позитивно да влијаат на финансиските перформанси на комерцијалните банки.

Наодите од овој труд имаат и одредени импликации во однос на регулативата и политиката. Спроведената емпириска анализа им овозможува на регулаторите приближно да ја предвидуват динамиката на нефункционалните кредити, бидејќи подоброто разбирање на некои фактори кои влијаат негативно во економските трендови може да го спречи растењето на кредитните ризици и да ги намалат негативните информации.

**Понатамошна област на истражување** би била да се разгледа и да се внимава на акумулацијата на нефункционалните кредити, промените и новите прописи од Базелските спогодби. Идните истражувања би можеле да ја истражуваат оваа тема со вклучување на некои други банкарски и макроекономски детерминанти и на подетален начин да ги предвидуват ризиците на банкарскиот систем.

## ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Калтерина Абази Јусуфи, со наслов: ФАКТОРИТЕ КОИ ВЛИЈААТ ВРЗ ПРОФИТАБИЛНОСТА НА БАНКАРСКИОТ СИСТЕМ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И ИЗБРАНИ ЗЕМЈИ ОД ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА, претставува истражување во областа на банкарскиот сектор. Изработката на темата на оваа докторска дисертација е со основна цел емпириски да се анализира ефектот на макроекономските фактори и факторите специфични за банките врз профитабилноста на банкарскиот систем. Се очекува дисертацијата да придонесе за збогатување на домашната научна и стручна литература поврзана со конкретната проблематика, како и за подобро разбирање на проблемите во банкарскиот сектор од аспект на финансиската стабилност во нашата земја. Конечно, бројните препораки изнесени во трудот нудат можност за обмислување на некои идни реформи во областа на банкарскиот сектор во Северна Македонија и избраните земји од ЈИЕ.

**Докторската дисертација на кандидатката м-р Калтерина Абази Јусуфи, со наслов: ФАКТОРИТЕ КОИ ВЛИЈААТ ВРЗ ПРОФИТАБИЛНОСТА НА БАНКАРСКИОТ СИСТЕМ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И ИЗБРАНИ ЗЕМЈИ ОД ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА, според мислењето на**

**Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.**

**ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ**
**Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила следниве рецензирани истражувачки трудови:**

[1]. Наслов на трудот: Bank Specific and Macroeconomic Determinants: Empirical Evidence from Republic of North Macedonia, **Impact Factor Value 1.834** based on International Citation Report (ICR), автор-и: „Калтерина Абази Јусуфи и Адриатик Абази“, објавен: International Scientific Jurnal “Monte”, Улцињ, Црна Гора, Volime 7, Issue No. 2 (2020):01.04.2022, DOI prefix: 10.33807/monte.7-2.

[2]. Наслов на трудот: Impact of nonperforming loans on profitability on the banking system in the Republic of North Macedonia, автор-и: „Калтерина Абази Јусуфи“, објавен:International Scientific Jurnal “Monte”, Улцињ, Црна Гора, Volime 6, Issue No. 1 (2019): 04-05.04.2019, DOI prefix: 10.33807.

[3]. Наслов на трудот: Interest Rate Risk, The Impact of Macroeconomic Factors on Deposit Interest Rate, автор-и: „Калтерина Абази Јусуфи“, објавен: International Scientific Jurnal “Economic Vision”, 11-12/2019, Volume 6. ISSN:1857-9566 (Print), ISSN: 2545-4544 (Online).

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Кандидатката се зафатила со анализа на сериозен и актуелен теоретски и практичен проблем околу детерминантите на профитабилноста на комерцијалните банки, со посебен фокус на управувањето со ризиците што произлегуваат од нефункционалните кредити. Користените истражувачки методи послужиле да се потврдат однапред поставените хипотези.

Подрачјето на примена и ограничувањата се: резултатите од истражувањето се потврда за важноста на висината на нефункционалните кредити (НФК) и управувањето со ризиците што тие ги носат за банките и банкарскиот систем во целина, во еден поширок контекст на условите во кои се наоѓа економијата на една земја. Ова е подеднакво корисно како за акционерите и менаџерите на комерцијалните банки, така и за регулаторите.

Сепак, кандидатката не навлегла во проблематиката на евиденција на НФК во книгите на нашите банки. Ваквиот пристап претставува сериозен предизвик ако се има предвид практиката на нашите комерцијални банки за ставање во вонбиланска евиденција на НФК, со што до некаде се девалвира вредноста на овој показател. Оттука би се извлекла препораката за потребата од целосно усогласување на нашата регулатива со таа на ЕУ во оваа насока што ќе бара од банките сосема нов пристап кон управување со кредитниот ризик и Базелските спогодби. При ова, клучна е улогата на НБРМ во носењето на сет регулативи и мерки во соработка со Министерството за финансии.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Калтерина Абази Јусуфи со наслов: ФАКТОРИТЕ КОИ ВЛИЈААТ ВРЗ ПРОФИТАБИЛНОСТА НА БАНКАРСКИОТ СИСТЕМ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И ИЗБРАНИ ЗЕМЈИ ОД ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА.

**КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Михаил Петковски, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Трајко Славески, ментор, с.р.**
**Проф. д-р Ѓорѓи Гоцков, член, с.р.**
**Проф. д-р Владимир Филиповски, член, с.р.**
**Проф. д-р Елена Наумовска, член, с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ ОД НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ФИЗИКА НА ИНСТИТУТОТ ЗА ФИЗИКА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Природно-математички факултет – Скопје, објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ на 23.1.2024 година, за избор на еден асистент од наставно-научната област физика на Институтот за физика при Факултетот, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-175/2 од 5.2.2024 год., донесена на седницата одржана на 1.2.2024 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Ирина Петреска, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје, д-р Даница Крстовска, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје и д-р Наце Стојанов, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На објавениот конкурс за избор на асистент во наставно-научната област физика, во предвидениот рок се пријави м-р Љубица Димова, магистер по физички науки – теориска физика, виш лаборант на Институтот за физика при Факултетот.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

М-р Љубица Димова ги исполнува основните критериуми за избор во соработничко звање – асистент/асистент истражувач, со тоа што има: завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити; стекнат назив –магистер по физички науки – теориска физика; остварен просечен успех од 8,43 на првиот и 9,83 на вториот циклус студии, соодветно; уверение за познавање на англискиот јазик на Ц1-ниво според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR). Кандидатката ги исполнува и специјалните услови за избор во соработничко звање – асистент, со тоа што има учество во проекти, печатени научни и стручни трудови и учество на конференции.

Љубица Димова е родена на 2.5.1995 година во Неготино. Средно образование завршила во 2014 година во СОУ „Кирил и Методиј“ – Неготино со континуиран одличен успех. Во учебната 2015/2016 година се запишала на прв циклус студии на студиската програма Теориска физика на Институтот за физика при Природно-математичкиот факултет – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Студиите ги завршила на 24.9.2019 година со одбрана на дипломската работа на тема „Молекуларен магнетизам низ примерот на молекулот на азот моноксид“, со просечен успех од 8,43.

Во учебната 2019/2020 година, Љубица Димова се запишала на втор циклус студии на Институтот за физика при ПМФ – Скопје, на насоката Теориска физика и ги завршила на 10.1.2024 година со одбрана на магистерскиот труд со наслов: „Изучување на спинските својства на парамагнетни двоатомски молекули со примена на теоријата на функционал од електронската густина“, под менторство на проф. д-р Ирина Петреска, со просечен успех 9,83.

По своето дипломирање, во учебната 2019/2020 година, Љубица Димова работела како демонстратор на Институтот за физика при Факултетот, а од декември 2020 година, Љубица Димова е вработена на Институтот за физика како виш лаборант.

## 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ

**Наставно-образовна дејност:**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, кандидатката м-р Љубица Димова за време на ангажманот како демонстратор одржувала лабораториски вежби по предметите: Физика 1, Физика за биолози, Општа физика I – А ниво, Општа физика II – А ниво, Општа физика – Б ниво, Биофизика, Оптика, како и нумерички вежби по предметите: Физика 1, Општа физика II – А ниво и Општа физика – Б ниво. Од 2020 година, кога е вработена како виш лаборант на Институтот за физика, таа продолжува да помага и да учествува во реализацијата на вежбите по горенаведените предмети. Од учебната 2022/23 година, помага и во изведувањето нумерички вежби по предметот Статистичка физика, а од учебната 2023/24 година, учествува и во наставата од нумеричките вежби по предметот Компјутерска анализа на податоци.

Љубица Димова учествувала со научно-популарно предавање на 44. Школа „Млади физичари“, одржана на ПМФ – Скопје, во периодот 10 – 11.11.2023 год., а на Третата студентска конференција „Physics for Physicists (P4P) Students Conference“, одржана исто така на ПМФ – Скопје, во периодот 19 – 21.10.2023 год., имала улога на лидер на работилница за студенти.

**Научноистражувачка дејност:**

Во својата досегашна работа, кандидатката м-р Љубица Димова има објавено еден научен труд во зборник од меѓународна конференција:

1. **Ljubica Dimova** and Irina Petreska, DFT Calculations of the Molecular Magnetic Properties via a Simple Example of the Nitrogen Monoxide Molecule, Conference Proceedings CSPM 2022, 56, ISBN 978-608-4711-15-5 (2023).

М-р Димова е коавтор и на еден стручен труд:

1. **Љубица Димова** и Ирина Петреска, „Квантномеханички методи за анализа на магнетните својства на молекулите“, Зборник на трудови, Студентска конференција на младите научници и уметници – СКУН, стр. 90-95, (2021).

М-р Љубица Димова учествувала на следните конференции со свои презентации:

1. 14. Конференција на Друштвото на физичарите на Република Македонија (CSPM 2022), 15 – 18.9.2022 година, Охрид, **Љубица Димова** и Ирина Петреска, „DFT Calculations of the Molecular Magnetic Properties via a Simple Example of the Nitrogen Monoxide Molecule“ (постер-презентација).
2. Студентската конференција на младите уметници и научници (СКУН), 13 – 14.10.2020 година (одржана преку средствата за електронска комуникација), **Љубица Димова** и Ирина Петреска, „Квантномеханички методи за анализа на магнетните својства на молекулите“ (усна презентација).

М-р Љубица Димова била вклучена како млад истражувач во билатералниот македонско-австриски проект со наслов: „Симулирање и оптимална контрола на наномотори“ (Simulation and optimal control of nanoscale motors), реализиран во периодот 2022 – 2023 година под раководство на проф. д-р Ирина Петреска.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес:**

М-р Љубица Димова е активно вклучена во стручно-апликативната работа на Друштвото на физичарите на Република Македонија (ДФРМ) во организација и реализација на натпреварите по физика за основно и средно образование, акредитирани од Министерството за образование и наука. Од 2023 година м-р Љубица

Димова е член на Комисијата за натпревари при ДФРМ и член на Издавачкиот одбор на ДФРМ. Во рамките на 45. Школа „Млади физичари“, учествувала и во комисиите за оцена на експериментите, презентирани на Школата. Во 2020 и 2023 година, м-р Димова била член на Организациониот одбор на Тринаесеттата и Четиринаесеттата конференција на ДФРМ, соодветно.

Исто така, во насока на нејзиното стручно усовршување, м-р Љубица Димова учествувала на Летната школа „1st DQ-mat Summer School on Quantum States of Matter: Fundamental Physics and Applications“, одржана на Универзитетот Лајбниц во Хановер, во периодот 20 – 25.8.2023 година.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација, како и познавањето на кандидатката, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката м-р Љубица Димова во целост ги исполнува условите наведени во конкурсот и ги задоволува критериумите предвидени со Законот за високото образование, Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Имајќи ги предвид квалитетите на кандидатката, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, м-р Љубица Димова, да биде избрана во звањето – асистент во наставно-научната област физика.

## РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

**Д-р Ирина Петреска, редовен професор на ПМФ – Скопје, с.р.**
**Д-р Даница Крстовска, редовен професор на ПМФ – Скопје, с.р.**
**Д-р Наце Стојанов, редовен професор на ПМФ – Скопје, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Љубица Никола Димова**
(име, татково име и презиме)
**Институција: Природно-математички факултет, Институт за физика**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област: физика**

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | ДА |
| 2 | Стекнат назив – магистер од соодветната област<br>Назив на научната област: физика | ДА |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус академски студии посебно<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8,43.<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,83. | ДА |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br><br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: Уверение<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: 22.12.2023 год. | ДА |

**ЈА**

## РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

**Д-р Ирина Петреска, редовен професор на ПМФ – Скопје, с.р.**
**Д-р Даница Крстовска, редовен професор на ПМФ – Скопје, с.р.**
**Д-р Наце Стојанов, редовен професор на ПМФ – Скопје, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ФАЗИ ЈАКО СЕМИ ПРЕОТВОРЕНИ МНОЖЕСТВА И ФАЗИ ЈАКО СЕМИ ПРЕОТВОРЕНИ ФУНКЦИИ“ ОД М-Р ШКУМБИН МАКОЛИ, ПРИЈАВЕНА НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, по предлог на Институтот за математика, на V седница одржана на 1.2.2024 година, со Одлука бр. 02-2444/13 од 5.2.2024, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Шкумбин Маколи, со наслов: „Фази јако семи преотворени множества и фази јако семи преотворени функции”, и наслов на англиски јазик: „Fuzzy strong semi preopen sets and fuzzy strong semi preopen mappings”, во состав: акад. д-р Дончо Димовски, редовен професор на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (во пензија), проф. д-р Билјана Крстеска, редовен професор на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, проф. д-р Марија Оровчанец, редовен професор на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (во пензија), проф. д-р Ајет Ахмети, редовен професор на Економскиот факултет при Универзитетот во Приштина, и проф. д-р Ѓорѓи Маркоски, редовен професор на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје. Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација, и на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет му го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

### АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатот м-р Шкумбин Маколи, со наслов: „Фази јако семи преотворени множества и фази јако семи преотворени функции“, е напишана на 79 страници компјутерски обработен текст во кириличен фонт Times New Roman, со големина на букви 12, А4-формат со единичен (single) проред, со 76 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии и книги. Докторскиот труд е структуриран во 7 поглавја. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во првото поглавје се дадени важни информации од областа на проучување.

Во второто поглавје, насловено „Воведни поими“, дадени се важни дефиниции, пропозиции и леми кои се користат во текот на докторската теза. Ова се дефиниции кои се однесуваат на другите форми на генерализирани фази множества, како и дефиниции на некои различни форми на фази непрекинати функции, индуцирани од споменатите форми на фази отворени множества.

Во третото поглавје, насловено „Фази јако семи преотворени множества и фази јако семи пренепрекинати функции“, воведена е нова класа на генерализирани фази отворени множества, именувана како фази јако семи преотворени множества. Со помош на дефиницијa за фази јако семи преотворено множество, покажано е дека новата класа на генерализирани фази отворени множества содржи неколку други претходно воведени класи на фази отворени множества. Понатаму е воведен концептот на фази јако семи презатворени множества, а исто така и концептите на фази јак семи презатворач и фази јака семи превнатрешност, за дадено фази множество. Дефиниран е концептот на фази SSPO екстремно несврзан тополошки простор.

Понатаму, воведен е концептот на фази јака семи пренепрекинатост и предочено е дека сите фази непрекинати функции се фази јако семи пренепрекинати. Со примери и контрапримери се покажува дека овие концепти се независни. Во ова поглавје, воведени се и концептите на фази јако семи преотворени функции и фази јако семи презатворени функции.

Во четвртото поглавје, „Фази SSPO изолуторни непрекинати функции“, воведени се концептите на фази SSPO ирезолуторни непрекинати функции, фази SSPO ирезолуторни отворени функции, фази SSPO ирезолуторни затворени функции, како и концептот на SSPO хомеоморфизам како биективно пресликување меѓу фази тополошки простори со карактеристика дека самата функција и нејзината инверзна се фази SSPO ирезолуторни непрекинати функции. Дефиницијата за фази SSPO ирезолуторни непрекинати функции е проследена со неколку примери кои покажуваат дека класата на фази SSPO ирезолуторни непрекинати функции е независна од класата на фази непрекинати и фази јако семи пренепрекинати функции. Фази SSPO тополошко својство е дефинирано како тополошко својство кое е запазено при фази SSPO хомеоморфизам.

Во поглавјето насловено „Аксиоми за фази јака семи пресепарација“, воведени се нови аксиоми за сепарација и испитана е нивната врска со другите аксиоми за фази сепарација. Очигледно е дека аксиомите за сепарација се порестриктивни во фази тополошките простори отколку во општите тополошки простори. Во оваа смисла, аксиомите за сепарација се модифицирани и во многу случаи се приспособени под послаби услови за фази тополошките простори. Дефиниран е концептот на локална фази јака семи пресепарација со помош на фази јако семи преотворените множества. Исто така, испитана е врската меѓу аксиомите за фази сепарација, аксиомите за фази јака семи пресепарација и различните форми на фази непрекинати функции кои се дефинирани во претходните поглавја.

Во шестото поглавје, кое се однесува на α-SSPO компактни фази тополошки простори, воведен е концептот на компактност со користење на новодефинираните фази јако семи преотворени множества. Пристапот се заснова на дефиницијата на концептите на α-SSPO покривка и α*-SSPO покривка кои се состојат само од фази јако семи преотворени множества. Воведени се концептите на α-SSPO компактни, односно α*-SSPO компактни фази множества и фази тополошки простори. Новиот концепт на фази компактност е доведен во врска со претходно дефинираните облици на фази непрекинати функции.

Заклучокот е последното поглавје од докторската теза. Ги сумира резултатите од истражувањето и ги оценува достигнувањата. Содржи и предлог и насока за понатамошно истражување.

На крајот од тезата во делот „Користена литература“, наведени се сите научни трудови користени како референци за оваа докторска теза.

**ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ**

Предмет на истражување во оваа докторска дисертација е класа на генерализирани фази отворени множества наречени фази јако семи преотворени множества, нивните својства, и нивната врска со други форми на генерализирани фази отворени множества воведени од други автори, како и нови форми на фази непрекинати функции кои се индуцирани од воведената класа на генерализирани фази отворени множества.

Истражувањето е проширено до истражување на новите аксиоми за сепарација и новиот концепт на компактност во фази тополошки простори во врска со фази јако семи преотворените множества, како и сепарациони својства во фази тополошките простори во однос на новите обопштени фази отворени множества.

**ПОДАТОЦИ ЗА СОСТОЈБАТА НА ПОДРАЧЈЕТО ВО КОЕ Е РАБОТЕНА ДИСЕРТАЦИЈАТА**

Со развојот на технологијата и употребата на компјутерите и различните софтверски апликации во нашето секојдневие, како и во другите области на науката, се појави потребата за некои нови концепти во областа на математиката. Некои класични концепти во математиката, вклучително и концептот за множество и припадност, односно припадноста на елемент во дадено множество, требаше малку да се променат за да се приспособат на новите барања. Од горенаведените проблеми се појавил концептот на фази множество кој првично бил формулиран од L.A. Zadeh.

Концептот на фази множество подоцна бил проследен со концептот на фази топологија и бил воведен од C.L. Chang. Тој е е сличен на концептот на општа топологија во класичната теорија на множества.

Во општата топологија, неколку автори воведоа некои други форми на отворени множества и ги истражија нивните својства. Предметот на овие истражувачки трудови беше насочен кон пронаоѓање на нови генерализирани класи на отворени множества и истражување на нивната поврзаност со постојните класи на отворени множества.

Како и во општата топологија, слични концепти на генерализирани отворени множества беа воведени и во фази топологијата. Воведени беа аксиоми за сепарација кои се покажаа многу рестриктивни. Концептот на компактност и некои својства поврзани со компактност беа воведени и во фази тополошките простори.

Во делот „Користена литература“, наведени се 76 референци кои се користени во истражувањата и од кои може да се согледа состојбата на подрачјето во кое е работен докторскиот труд.

**КРАТОК ОПИС НА ПРИМЕНЕТИТЕ МЕТОДИ**

Научното истражување во докторската дисертација е посветено на класа генерализирани фази множества во фази тополошки простори. Тоа вклучува проучување на поими и тврдења од претходно воведени класи на генерализирани фази множества, нивна темелна анализа, нивно поврзување и обопштување со надоврзување на нови резултати. Оттука, во изработката на докторската дисертација е користен математичкиот апарат на фази топологија и во истражувањата кои се направени се користи стандардна методологија на истражување која ја има во најголем дел од современите трудови на други автори што работат во оваа област.

**КРАТОК ОПИС НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО**

Во третото поглавје од докторската дисертација е воведена нова класа на генерализирани фази множества наречени фази јако семи преотворени множества.

По воведувањето на поимите фази јак семи презатворач и фази јака семи превнатрешност, следуваат теореми што воспоставуваат врска меѓу фази јакиот семи презатворач и фази јаката семи превнатрешност, и ги даваат потребните и доволни услови за фази множество да биде фази јако семи преотворено, односно FSSPO-множество, накусо (фази јако семи презатворено, односно FSSPC, накусо) множество. Во овој дел, исто така, е покажано дека секоја произволна унија на FSSPO-множества е исто така FSSPO-множество и аналогно, секој произволен пресек на FSSPC-множества е исто така FSSPC-множество. Во врска со воведениот поим фази SSPO екстремно несврзани тополошки простори, докажана е важна теорема со четири еквивалентни услови во врска со фази SSPO екстремно несврзани тополошки простори.

По воведувањето на концептот на фази јака семи пренепрекинатост, покажано е дека споменатата класа е поширока од класата на фази непрекинати функции. Во овој дел се дадени и некои теореми кои даваат потребни и доволни услови за постоење на

фази јако семи пренепрекината функција, како и теорема која дава еквивалентни услови за постоење на фази јако семи пренепрекината функција преку воспоставување врска помеѓу сликата (инверзна слика) на фази отворени множества и новодефинираниот јак семи презатворач (јака семи превнатешност). Во овој дел, исто така, по воведувањето на концептите на фази јако семи преотворени функции и фази јако семи презатворени функции, утврдени се нивните својства и докажани се теореми кои даваат потребни и доволни услови за постоење на овие функции. Освен тоа, докажано е дека ако функција е биективна, тогаш овие два концепта се совпаѓаат. Понатаму, докажани се неколку теореми кои ги карактеризираат фази јако семи преотворените (презатворените) функции.

Во четвртото поглавје, по воведување на концептите на фази SSPO ирезолуторни непрекинати функции, фази SSPO ирезолуторни отворени функции, фази SSPO ирезолуторни затворени функции, како и концептот на SSPO-хомеоморфизам, докажани се некои од нивните својства и предочена е нивната врска со други форми на фази непрекинати функции. Покажано е дека секоја фази SSPO ирезолуторна непрекината функција е фази јако семи пренепрекината функција, но и дека обратното не е точно во општ случај. Востановени се теореми кои даваат потребни и доволни услови за постоење на фази SSPO ирезолуторни непрекинати функции. На крајот, во неколку теореми докажани се својствата на фази SSPO ирезолуторните непрекинати функции.

По воведување на концептот на фази SSPO ирезолуторни отворени (затворени) функции, утврдени се некои нивни својства. Следуваат теореми кои ги наведуваат потребните и доволни услови за постоење на овие функции. Во последното потпоглавје востановени се неколку еквивалентни услови во врска со поимот на фази SSPO хомеоморфизам. Покажано е дека сепарабилноста е фази SSPO тополошко својство.

Во шестото поглавје, „Аксиоми за фази јака семи пресепарација“, по воведување на новите аксиоми за сепарација, испитана е нивната врска со претходно дефинираните аксиоми за фази сепарација. Бидејќи аксиомите за сепарација се порестриктивни во фази тополошките простори отколку во општите тополошки простори, аксиомите за сепарација се модифицирани за фази тополошки простори. Покажано е дека воведените аксиоми се различни од претходно дефинираните аксиоми за фази сепарација воведени од други автори. По воведување на концептот на локална фази јака семи пресепарација со помош на фази јако семи преотворените множества, испитана е врската меѓу аксиомите за фази сепарација, аксиомите за фази јака семи пресепарација и различните форми на фази непрекинати функции.

Во шестото поглавје, α-SSPO компактни фази тополошки простори, по воведување на концептот на компактност со користење на новодефинираните фази јако семи преотворени множества, докажани се неколку важни својства на α-компактните фази тополошки простори. Во овој дел, исто така, дадени се услови за постоењето на преброива база од фази јако семи преотворени множества, и по дефинирање на концептот на α-SSPO Линделефови множества испитани се некои нивни својства.

Заклучокот накусо ги реферира достигнувањата во докторскиот труд. Дадени се идеи и можни насоки за понатамошно истражување.

**ОЦЕНА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација на кандидатот м-р Шкумбин Маколи, со наслов: „Фази јако семи преотворени множества и фази јако семи преотворени функции“, претставува истражување во научното подрачје математиката, со потесна област: топологија, а поконкретно од областа на фази топологијата. Изработката на темата на оваа докторска дисертација ги постигна целите и очекуваниот научен придонес наведени во нејзината пријава. Докторската дисертација на кандидатот м-р Шкумбин Маколи, со наслов „Фази

јако семи преотворени множества и фази јако семи преотворени функции“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

**ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ**

Кандидатот, пред одбраната на докторскиот труд (како прв автор, во меѓународни научни списанија), ги има објавено следните рецензирани истражувачки трудови:

[1] Sh. Makoli, B. Krsteska, „A note on fuzzy strongly semi preopen sets and fuzzy strong semi precontinuity”, IJMSEA, ISSN 0973-9424, Vol. 16 No. II, 2022.

[2]. Sh. Makoli, B. Krsteska, „A note regarding some fuzzy SSPO mappings”, Mat. Bilten Vol. 46, (LXXII), No. 2, 2022.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Главните научни придонеси на кандидатот се новите и оригинални научни резултати наведени во краткиот опис на резултатите од истражувањето. Кандидатот, преку спроведените истражувања во докторскиот труд, ги постигна целите на истражувањето, наведени во предлог-докторскиот проект за изработка на докторски труд при пријавата на темата. Од резултатите на оваа истражувачка работа произлегоа 2 научни труда во меѓународни научни списанија. Со тоа е даден определен научен придонес во теоријата на генерализираните фази множества, а со тоа следователно и, пошироко, во сите области од математиката и компјутерските науки каде што тие имаат примена. Подрачјето на примена се математиката и компјутерските науки, со потесна област – фази топологија.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот м-р Шкумбин Маколи, со наслов „Фази јако семи преотворени множества и фази јако семи преотворени функции”.

**КОМИСИЈА**

**Акад. д-р Дончо Домовски, претседател, с.р.**
**Д-р Билјана Крстеска, ментор, с.р.**
**Д-р Марија Оровчанец, член, с.р.**
**Д-р Ајет Ахмети, член, с.р.**
**Д-р Ѓорѓи Маркоски, член, с.р.**

***Прилоī бр. 5***

# П Р Е Г Л Е Д

**на одобрена тема за изработка на докторска дисертација на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Природно-математички факултет – Скопје, на седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот, одржана на 01.02.2024 година.**

**1. ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА**

| ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Петар Петров, магистер по агрохемија | „ВЛИЈАНИЕ НА ЕФЕКТИВНИТЕ МИКРООРГАНИЗМИ ВРЗ ПРОДУКТИВНОСТА НА ПОЧВАТА, ФИЗИОЛОШКО-БИОХЕМИСКИТЕ И НУТРИТИВНИ СВОЈСТВА НА СОЈАТА (*GLYCINE MAX* L. MERRIL)“ | „THE IMPACT OF EFFECTIVE MICROORGANISMS ON THE SOIL PRODUCTIVITY, PHYSIOLOGICAL-BIOCHEMICAL AND NUTRITIONAL PROPERTIES OF THE SOYBEAN (GLYCINE MAX L. MERRIL) “ | д-р Ленка Цветановска, редовен професор на ПМФ – Скопје | 02-3852/6 од 08.02.2024 |

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ, ВО НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ: ХЕМИСКО ИНЖЕНЕРСТВО –ДРУГО (20907), МАТЕМАТИЧКО МОДЕЛИРАЊЕ НА ПРОЦЕСИ (20903) И ИНДУСТРИСКО ИНЖЕНЕРСТВО И МЕНАЏМЕНТ – ДРУГО (21111), НА ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ на 25.11.2023 година, за избор на еден извршител во соработничко звање – асистент во наставно-научните области: хемиско инженерство – друго (20907), математичко моделирање на процеси (20903) и индустриско инженерство и менаџмент – друго (21111), и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршки факултет, бр. 02-2380/1 од 14.12.2023 година, донесена на 9. редовна седница на Наставно-научниот совет одржана на 14.12.2023 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Кирил Лисичков, редовен професор на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, д-р Ирена Мицкова, редовен професор на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје и д-р Мирко Маринковски, редовен професор на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На објавениот конкурс за избор на еден асистент во наставно-научните области: хемиско инженерство – друго, математичко моделирање на процеси и индустриско инженерство и менаџмент – друго, во предвидениот рок се пријави кандидатот м-р Мартин Стојчевски.

**1. Биографски податоци и образование**

Кандидатот м-р Мартин Стојчевски, дипл. инж. технолог, е роден на 5.4.1993 година во Делчево. Со високо образование се стекнал на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, каде што се запишал во 2012 година на насоката Дизајн и менаџмент на технолошки процеси. Дипломирал во 2016 година, со просечен успех 10,00. Кандидатот м-р Мартин Стојчевски дипломирал со највисок просек во својата генерација. Добитник е на признанието „Инженерски прстен“, како дипломиран инженер со највисок просек на оценките во текот на студирањето за 2017 година, што му го доделиле Инженерската институција на Македонија и Комората на овластени архитекти и овластени инженери, под покровителство на претседателот на државата. Исто така е награден со пофалница од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, за студент кој во учебната 2016/2017 година дипломирал со највисок среден успех (10,00), во рамките на редовните рокови утврдени со статутот на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје.

Во 2016 година се запишал на магистерски студии на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, на насоката Дизајн и менаџмент на технолошки процеси. Студиите ги завршил во 2018 година, со одбрана на магистерски труд под наслов: „Примена на вештачки невронски мрежи за моделирање на процесот на екстракција на биоактивни компоненти од пелин“. Магистерските студии ги завршил со просечен успех 10,00.

Во учебната 2021/2022 година, кандидатот м-р Мартин Стојчевски се запишал на докторски студии на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на насоката Технологија.

Според доставената документација, кандидатот во периодот од септември 2016 до јуни 2019 година работел во „Johnson Matthey“, на позициите помлад аналитичар, аналитичар и СЦАТ-инженер, во Одделот за контрола на квалитет. Од јули 2019 до мај 2021 година работел во „Алкалоид“, Скопје, во Одделот контрола на квалитет (хемија), каде што во периодот јули 2019 – декември 2020 работел на позицијата помлад аналитичар, а од јануари 2021 до мај 2021 година работел како аналитичар. Од јуни 2021 година до денес, кандидатот работи на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, на позицијата асистент (избор по реферат објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, бр. 1236, од 15.4.2021 година), на Инсиситутот за хемиско и контролно инженерство. Кандидатот активно се служи со англискиот јазик.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата

### 2.1. Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, кандидатот м-р Мартин Стојчевски како асистент изведува аудиториски и лабораториски вежби по предметите: Основи на инженерска техника 1, Основи на инженерска техника 2, Моделирање и оптимизација на процеси, Економска оптимизација на процеси, Компјутерска поддршка на технолошки процеси и Феномени на пренос.

### 2.2. Научноистражувачка дејност

Кандидатот м-р Мартин Стојчевски е автор/коавтор на 1 (еден) труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор (објавен по последниот избор), 4 (четири) труда објавени во зборник на трудови од научен собир со меѓународен уредувачки одбор (1 по последниот избор) и 5 (пет) апстракти (4 по последниот избор) презентирани во облик на усни соопштенија или постер презентации. Кандидатот м-р Мартин Стојчевски по последниот избор земал учество во 2 (два) истражувачки проекта.

Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор:

1. A. I. Zannah, I. Ferhoune, A. M. Abubakar, A. M. Al-Khudafi, A. A. Bitrus, W. Danladi, A. A. Yusuf, A. I. Jellah, **M. Stojchevski**, “Refinery Off-Gas as Feed to a Hydrogen Production Facility: Performance Lifting of the Steam Reforming Technique”, Archives of Advanced Engineering Science, 2023.

Список на трудови печатени во зборник на трудови од научен собир со меѓународен уредувачки одбор:

1. **M. Stojchevski**, A. Stavrov, M. Petrovski, R. Grujic, S. Kuvendziev, M. Marinkovski, K. Lisichov, “Isolation of oil from white mustard (*Sinapis alba l.*) seeds by ultrasound-assisted extraction”, Knowledge-International Journal, 15(1), 2016, 431–437.
2. A. Slaveski, **M. Stojchevski**, H. Memedi, E. Mustafa, S. Kuvendziev, M. Marinkovski, K. Lisichov, “Separation of Ni(II) ions from aqueous solution by a natural sorbent-trepel”, Knowledge-International Journal, 19(4), 2017, 1591–1597.
3. **M. Stojchevski**, S. Kuvendziev, M. Marinkovski, K. Lisichkov, “Biological active compounds of wormwood. Isolation and application”, Knowledge-International Journal, 41(4), 2020, 815–821.
4. **M. Stojchevski**, S. Kuvendziev, Z. Bozinovski, K. Lisichkov, M. Marinkovski, “Techniques for removal of Cr(VI) from aqueous solution”, Knowledge-International Journal, 57(3), 2023, 399–409.

Список на апстракти објавени во зборник на конгреси, симпозиуми и конфенерции:

1. **M. Stojchevski**, K. Lisichkov, S. Kuvendziev, M. Marinkovski, “Optimization of ultrasound-assisted extraction of oil from white mustard seed”, 1st International Students’ GREEN Conference, Book of abstract, Osijek, Croatia, 2018, 223.
2. **M. Stojchevski**, S. Kuvendziev, K. Lisichkov, M. Marinkovski, Z. Bozhinovsk, "ANN modeling of biosorption of Fe(II) ions from aqueous solution by rice husks", 9th International Conference Water for all, Book of Abstracts, Osijek, Croatia, 2022, 86.
3. I. Kostoska, **M. Stojcevski**, D. Dimitrovski, S. Kuvendziev, “Improving lycopene extraction from tomato skins through enzymatic treatment”, 26th Congress of Society of Chemists and Technologists of Macedonia, Book of Abstracts, Ohrid, N. Macedonia, 2023, 160.
4. K. Lisichkov, S. Kuvendziev, **M. Stojchevski**, K. Atkovska, M. Marinkovski, “Green processes in wastewaters treatment using nanoporous materials”, The first MASA materials science conference, Book of Abstracts, Skopje, N. Macedonia, 2023, 24.
5. **M. Stojchevski**, S. Kuvendziev, K. Atkovska, E. Mustafa, M. Marinkovski, K. Lisichkov, “Optimization of extraction process of antioxidative compounds from tomato waste”, Environmental resources, sustainable development and food production - OPORPH 2023, Book of Abstracts, Tuzla, Bosnia and Herzegovina, 2023, 35.

Членство во проекти:

1. Примена на современи сепарациони техники за изолација на биоактивни компоненти од лушпи од домат (*Solanum lycopersicum*), финансиран од Министерство за образование и наука, на РС Македонија, кофинансиран од Бионика Фармацеутикалс, 2021 – 2023, млад истражувач.
2. Дизајн на процес за отстранување на шестовалентен хром Cr(VI) од водни раствори со примена на нано-нулавалентно железо (nZVI), финансиран од Министерство за животна средина и просторно планирање на РС Македонија, 2023, истражувач.

**2.3. Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Во периодот од 28 ноември до 9 декември 2022 година, кандидатот учествувал на обука со наслов: „Regional Training Course on Residence Time Distribution and Column Scanning Techniques“, одржана во Виена, Австрија, организирана од Меѓународната агенција за атомска енергија. Кандидатот успешно ја завршил обуката, при што се стекнал со сертификати издадени од организаторот.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот м-р Мартин Стојчевски во целост ги исполнува условите наведени во конкурсот, односно ги исполнува општите услови предвидени со Законот за високото образование, како и посебните услови предвидени со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Врз основа на изнесените податоци за севкупните активности на кандидатот, Рецензентската комисија со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, кандидатот м-р Мартин Стојчевски, дипл. инж. технолог, да биде повторно избран во соработничко звање – асистент, во наставно-научните области: хемиско инженерство – друго (20907), математичко моделирање на процеси (20903) и индустриско инженерство и менаџмент – друго (21111).

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Кирил Лисичков, редовен професор, с.р.**
**Технолошко-металуршки факултет, Скопје**

**Д-р Ирена Мицкова, редовен професор, с.р.**
**Технолошко-металуршки факултет, Скопје**

**Д-р Мирко Маринковски, редовен професор, с.р.**
**Технолошко-металуршки факултет, Скопје**

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Мартин Љупчо Стојчевски**

**Кандидат:**
**Институција:** **Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Технолошко-металуршки факултет**
**Научна област:** **хемиско инженерство – друго (20907), математичко моделирање на процеси (20903) и индустриско инженерство и менаџмент – друго (21111)**

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | **да** |
| 2 | Стекнат назив – магистер од соодветната област<br>Назив на научната област: хемиско инженерство | **да** |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 10,00.<br><br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,00. | **да** |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: Уверение за познавање на англиски јазик кое одговара на ниво Ц1 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR)<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: 24.11.2023 | **да** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Кирил Лисичков, редовен професор, с.р.**
**Технолошко-металуршки факултет, Скопје**

**Д-р Ирена Мицкова, редовен професор, с.р.**
**Технолошко-металуршки факултет, Скопје**

**Д-р Мирко Маринковски, редовен професор, с.р.**
**Технолошко-металуршки факултет, Скопје**

***Прилоī бр. 2***

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ ВО НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ: МАТЕМАТИКА (10900), ПРОГРАМИРАЊЕ (10913) И МАТЕМАТИЧКА СТАТИСТИКА И ОПЕРАЦИОНИ ИСТРАЖУВАЊА (10907), НА ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Технолошко-металуршки факултет – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха” на 24.11.2023 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области (дисциплини): математика (10900), програмирање (10913) и математичка статистика и операциони истражувања (10907), и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-2376/1, донесена на 4.12.2023, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Бети Андоновиќ, редовен професор на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, д-р Павел Димовски, вонреден професор на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје и д-р Миле Јованов, редовен професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научните области (дисциплини): математика (10900), програмирање (10913) и математичка статистика и операциони истражувања (10907), во предвидениот рок се пријави м-р Сијче Печкова.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката м-р Сијче Печкова е родена на 17.11.1982 година во Кавадарци. Средно образование завршила во СОУ Гимназија „Добри Даскалов“ во Кавадарци, во 2001 год. Со високо образование се стекнала на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, во 2007 година. Дипломирала на 23.7.2007 година, со просечен успех 8,58, со дипломска работа на тема: „Оптимално стопирачко време во стохастички процеси“, и се здобила со звањето дипломиран математичар.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

Во учебната 2007 се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Економскиот факултет, насока: Статистички методи за бизнис и економија. Студиите ги завршила на 8.4.2015 година, со просечен успех 9,11. На 8.4.2015 година го одбранила магистерскиот труд на тема: „Методи за предвидување на приносите и волатилноста на финансиските пазари”.

Од 2007 до 2009 работела како демонстратор на Институтот за информатика на Природно-математичкиот факултет во Скопје.

На 27.5.2021 година е избрана во звањето асистент на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје во областите: математика (10900), програмирање (10913), математичка статистика и операциони истражувања (10907).

Во моментот е асистент на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1236 од 15.4.2021 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 1236, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

### Наставно-образовна дејност

М-р Сијче Печкова од 1.6.2021 година работи како асистент за настава на додипломски студии на Технолошко-металуршкиот факултет, за предметите: Математика, Инженерска статистика, Вовед во програмирање и Основи на компјутерско работење. Во зимскиот и летниот семестар 2022/2023 работела како соработник за аудиториски вежби на додипломски студии на Факултетот за информатички науки и инженерство на сите студиски програми, за предметите: Калкулус, Веројатност и статистика, Бизнис-статистика, Дискретна математика и Дискретни структури. По предметите Калкулус и Веројатност и статистика држи аудиториски вежби и на англиски наставен јазик. Во зимскиот семестар 2023/2024 година работела како соработник за аудиториски вежби на додипломски студии на Факултетот за информатички науки и инженерство, за предметот Веројатност и статистика.

### Научноистражувачка дејност

1. Emililija Toshikj, **Sijche Pechkova**, *Minimization of yarn tension in ring spinning process using Taguchi single-to-noise ratio-based python code*, 15 th International Symposium “Novel 4 Technologies and Sustainable Development”, October 20-21, Leskovac, Serbia, 2023, pp.163, постер-презентација.
2. Emililija Toshikj, **Sijche Pechkova**, *Optimization of cop diameter in ring spinning process using Taguchi method*, 15 th International Symposium “Novel Technologies and Sustainable Development”, October 20-21, Leskovac, Serbia, 2023, pp.164, постер-презентација.
3. **Sijche Pechkova**, *Linear algorithm for travelling salesmen problem based on iterative extension of the path with a single point each step*, 6 th Macedonian Workshop on Graph Theory and Applications, Ohrid, August 13-17, 2022, pp. 20, апстракт и усна презентација.
4. *1-st Workshop “From Theory to Problem Solving: Promoting Mathematics in Academic Studies in North Macedonia*”, FEEITT, Skopje, October 12-13, 2022, слушател.
5. *Примена на тополошка анализа на податоци во алгебарска геометрија и обратно* (национален, раководител на проектот: д-р Емил Станков, млад истражувач: м-р Сијче Печкова), 2023 – 2024.
6. *Компјутерски-потпомогнато оценување кај курсеви за програмирање* (национален, раководител на проектот: м-р Петар Секуловски, млад истражувач: м-р Сијче Печкова), 2023 – 2024.

### Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

М-р Сијче Печкова учествувала во следниве научно-апликативни дејности:

1. мај 2022 год. – денес, работи како консултант во Kin+Carta на проекти за обработка на податоци во cloud-околина;
2. 2020 – 2023 год., истражувачка работа за „Тапанко“, Австралија, на тема: Алгоритми за точно позиционирање во тридимензионален простор;
3. 2023 год., делегат на XLI регионален натпревар по математика за ученици од основно образование;
4. 2023 год., уредник на математичкото списание за средно образование „Сигма“;
5. јуни 2020 – мај 2022 год., работела како дата инженер во Мелон АД на проект за развој на напредна аналитичка платформа;
6. 2009 – 2020 год., соработник за статистичко моделирање и математички модели во Државен завод за статистика на Македонија;
7. 2011 – 2018 год., софтверски инженер за фирмата „Tapanko“ од Перт, Австралија.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација, членовите на Рецензентската комисија констатираа дека кандидатката Сијче Печкова во целост ги исполнува условите наведени во конкурсот и ги исполнува општите и посебните услови и критериумите предвидени со Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Врз основа на претходно изнесеното, Рецензентската комисија со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, м-р Сијче Печкова, дипл. математичар, да ја реизбере во соработничко звање – асистент, во наставно-научните области: математика (10900), програмирање (10913) и математичка статистика и операциони истражувања (10907).

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Бети Андоновиќ, с.р.**
**Проф. д-р Павел Димовски, с.р.**
**Проф. д-р Миле Јованов, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Сијче, Благој Печкова**
**Институција:** **Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Технолошко-металуршки факултет**
**Научна област:** **Математика (10900), Програмирање (10913), Математичка статистика и операциони истражувања (10907)**

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | **да** |
| 2 | Стекнат назив – магистер од соодветната област<br>Назив на научната област: Статистика | **да** |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно<br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8,58<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,11 | **да** |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: Англиски јазик<br>2. Назив на документот: Уверение за познавање на англиски јазик кое одговара на ниво Ц1 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR)<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје<br>4. Датум на издавање на документот 28.11.2023 | **да** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Бети Андоновиќ**
**Проф. д-р Павел Димовски**
**Проф. д-р Миле Јованов**

# ПРЕГЛЕД
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ

### Магистерски трудови

| Ред бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Вероника Стојановска | „Мултифазни биобазирани полимерни мембрани“ | „Multiphase bio-based polymeric membranes“ | проф. д-р Александра Бужаровска | 15.2.2024 година Бр. 02-362/1 |

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТИТЕ ОД НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МАТЕМАТИКА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, објавен во весниците „Вечер“ и „Коха“ од 12.12.2023 година, за избор на асистент по предметите од наставно-научната област 10900 – математика, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии, бр. 02-135/5, донесена на 24.1.2024 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Катерина Хаџи-Велкова Санева, проф. д-р Билјана Јолевска-Тунеска и проф. д-р Билјана Начевска Настовска.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на асистент по предметите од наставно-научната област 10900 – математика, во предвидениот рок се пријави еден кандидат, м-р Јасмина Ангелевска Костадиноска.

### 1 БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатката м-р Јасмина Ангелевска Костадиноска е родена е на 1.X 1990 г. во Битола, каде што го завршила основното и средното образование. Во учебната 2009/2010 година се запишала на Природно-математичкиот факултет (ПМФ) во Скопје, на насоката теориска математика, а во учебната 2012/2013 се запишала на паралелни студии на ПМФ, на насоката математичко програмирање. Дипломирала во октомври 2013 година, со просечен успех 9,49, на насоката теориска математика и со средна оценка 9,59, на насоката математичко програмирање. Кандидатката поседува сертификат за педагошко-психолошка методска доквалификација, со кој се здобила во 2014 година. Во јануари 2016 година, со просечен успех 9,4, ги завршила студиите на втор циклус студии на Природно-математичкиот факултет во Скопје, на насоката математички науки и примена, одбранувајќи го магистерскиот труд со наслов: „Хаусдорфова димензија, димензија на Минковски и димензија на Асуад за себе-слични и конформални фрактали“.

Во октомври 2016 година се запишала на Школата за докторски студии на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на студиската програма Математика и примени.

Во текот на студиите и по нивното завршување, повеќе пати била вклучена во организирањето и реализацијата на натпреварите по математика за учениците од основните и средните училишта во организација на Сојузот на математичари на Македонија.

Од септември 2014 до декември 2016 година, кандидатката работела како професор во гимназијата „Нова“ – Скопје.

Од септември 2016 година е ангажирана како соработник и демонстратор, а од 2020 година како асистент по предметите од наставно-научната област математика на Институтот за математика и физика на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје.

Кандидатката има одлични познавања од Mathematica (Wolfram alpha) и Microsoft office package, а основни познавања од Peles C, Cobol, Visual Basic и CSS. Одлично го владее англискиот јазик.

### 2 ОЦЕНА ЗА ОСТВАРУВАЊЕТО НА КАНДИДАТКАТА ВО СОГЛАСНОСТ СО ОПШТИТЕ И ПОСЕБНИТЕ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО АСИСТЕНТ

Кандидатката м-р Јасмина Ангелевска Костадиноска има завршено прв и втор циклус академски студии со 300 ЕКТС-кредити; се стекнала со назив – магистер по математички науки и примени; има остварено просечен успех 9,49 на насоката теориска математика и 9,59 на насоката математичко програмирање на прв циклус студии и просечен успех од 9,4 на втор циклус студии;

има познавање на англиски јазик, степен Ц2 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR), со што ги исполнува општите услови за избор во звањето асистент.

Кандидатката има објавено вкупно 4 научни труда, од кои еден научен труд во научно списание со фактор на влијание, еден научен труд во списание со меѓународен уредувачки одбор и два труда објавени во зборници на трудови од научни собири со меѓународен уредувачки одбор. Од нејзиниот избор во соработничко звање – асистент во 2020 година, автор е на еден труд во зборник на трудови од научен собир со меѓународен уредувачки одбор. Според погоре наведеното, кандидатката ги исполнува посебните услови за избор во звањето асистент.

## 3 НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА ОД ПОЧЕТОКОТ НА КАРИЕРАТА ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

**Наставно-образовна дејност**

Од учебната 2016/2017 до сега, кандидатката како демонстратор и асистент на ФЕИТ, спроведувала аудиториски и лабораториски вежби по предметите: Математика 1, Математика 2, Математика 3, Веројатност, Нумерички методи, Компјутерски поддржано геометриско моделирање и Комплексна анализа.

Со својот педагошки пристап и коректен однос кон студентите многу успешно им помага во нивните напори за полесно совладување на материјата. Своите работни обврски ги извршува одговорно, совесно и принципиелно и покажува големи организаторски способности.

Кандидатката м-р Јасмина Ангелевска Костадиноска учествувала во подготовката на интерни материјали наменети за студентите за аудиториски и лабораториски вежби за предметите: Математика 1, Математика 2 и Нумерички методи.

Од 2017 година, м-р Јасмина Ангелевска Костадиноска учествува во организација и реализација на подготвителната настава по математика наменета за новите студенти на ФЕИТ, како и на подготвителната настава за полагање на државна матура.

**Научноистражувачка дејност**

М-р Јасмина Ангелевска Костадиноска има објавено вкупно 4 научни труда, од кои еден труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание со фактор на влијание, еден оригинален научен труд, објавен во списание со меѓународен уредувачки одбор и два оригинални труда, објавени во зборници на трудови од научни собири со меѓународен уредувачки одбор. Со свои соопштенија учествувала на два меѓународни семинара и три меѓународни конференции.

**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор**

[1] **Angelevska Jasmina**, Käenmäki Antti, Troscheit Sascha, Self-conformal sets with positive Hausdorff measure, Bulletin of The London Mathematical Society, 52(1), 200-223, (2020) (*IF* 0,787).

[2] B. Markovski, L. Grcev, V. Arnautovski-Toseva, **J. Angelevska Kostadinovska**, A. Kuhar, Improving efficiency of full-wave electromagnetic analysis of grounding systems within homogeneous earth, Przeglad Elektrotechniczny, R. 95 NR 5/2019, pp. 9-13, ISSN 0033-2097.

**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови од научен собир со меѓународен уредувачки одбор**

[3] **Ј. Ангелевска**, С. Атанасова, К. Хаџи-Велкова Санева, С. Геговска-Зајкова, Дали резултатите од државната матура ја даваат реалната слика за математичките предзнаења на студентите на ФЕИТ?, Зборник на трудови од Меѓународна конференција за образованието по природни науки и математика, Скопје, 23 – 24 март 2018, стр. 230-238.

[4] **Ј. Ангелевска**, С. Геговска-Зајкова, К. Хаџи-Велкова Санева, Влијанието на онлајн наставата и начинот на полагање на испитите врз успешноста на студентите, Зборник на трудови од Третата меѓународна конференција за образованието по математика, физика и сродни науки, Скопје, 6 – 8 мај 2022, стр. 280-286.

**Предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество**

- “Conformal maps and Assouad dimension”, Analysis seminar, St Andrews, UK, 7 April 2015.
- “Conformal maps and Assouad dimension”, Pure Postgraduate Seminar (PPS), St Andrews, UK, 8 April 2015.
- “From Dynamical systems to Fractals”, Woman in mathematics in the Balkan region, Скопје, 28 мај 2018.

- „Дали резултатите од државната матура ја даваат реалната слика за математичките предзнаења на студентите на ФЕИТ?“, Меѓународна конференција за образованието по природни науки и математика, Скопје, 24 март 2018.
- „Влијанието на онлајн наставата и начинот на полагање на испитите врз успешноста на студентите“, Трета меѓународна конференција за образованието по математика, физика и сродни науки, Скопје, 6 – 8 мај 2022.

**Учество во проекти**

Кандидатката учествувала/учествува, како млад истражувач, во следните научноистражувачки проекти:

- „Димензии на фрактали, импликации и взаемни врски помеѓу нив“, финансиран од ФЕИТ, 2017 – 2018;
- „Методи на предвидување и нивна примена“, финансиран од УКИМ, 1.4.2022 – 31.3.2023;
- „Интердисциплинарна примена на обработка на податоци, финансиран од ФЕИТ, 2024.

Учествувала во подготвување и пријавување на проект од програмата ЕРАЗМУС +КА220-SCH, 2022, Advancing blockchain document flow in the educational system.

**Учество на работилници, школи, обуки и студентски конференции**

Во 2014 и 2018 година, кандидатката била учесник на две школи организирани од Интернационалниот центар за теоретска физика (ICTP):

- ICTP-NLAGA School in Dynamical Systems and Ergodic Theory, Mbour, Senegal, 2014.
- Summer School in Dynamics (Introductory and Advanced), ICTP, Trieste Italy, 2018.

Исто така, м-р Јасмина Ангелевска Костадиноска учествувала и на следниве меѓународни научни собири:

- Hamiltonian Dynamics, Nonautonomous Systems and Patterns in PDE’s, Nizhny Novgorod, Russia, 2014;
- Analysis seminar, University of St. Andrews, School of mathematics and statistics, UK, 2015;
- Workshop: Woman in Mathematics in Balkan region, Скопје, 2018;
- Summer School: Introduction to Frame Theory and the Large Time/Frequency Analysis Toolbox, Skopje, 2018.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Од 2012 година до сега, м-р Јасмина Ангелевска Костадиноска учествувала во повеќе комисии за организација и реализација на натпреварите по математика за учениците од основните и средните училишта во организација на Сојузот на математичари на Македонија. Исто така, како заменик-лидер учествувала на Јуниорските балкански математички олимпијади во 2012, 2013, 2014 и во 2016 година, како и на Балканската математичка олимпијада во 2014 година.

М-р Јасмина Ангелевска Костадиноска била член на организациониот одбор на работилницата „Women in mathematics in the Balkan region”, што се одржа од 28 до 29 мај 2018 година во Скопје. Учествувала во организација на научно-популарниот натпревар по математика „Бруцошко интегрирање“, одржан во чест на денот на бројот пи во 2019 година.

Во периодот 2017 – 2023 година, кандидатката е коавтор на извештаите за успешност на студентите од прв и втор циклус на ФЕИТ. Била член на пописната комисија на ФЕИТ во 2021 и во 2023 година. Кандидатката е член на Центарот за нови студенти на Факултетот за електротехника и информациски технологии, каде што активно учествува во организирање и реализирање на настани, како што се Отворен ден и организирани посети од средните училишта, со што придонесува за промоција на факултетот меѓу идните студенти.

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Јасмина Ангелевска Костадиноска**
**Институција: Факултет за електротехника и информациски технологии**
**Научна област: математика**

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | да |
| 2 | Стекнат назив – магистер од соодветната област<br>Назив на научната област: магистер по математички науки и примени | да |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот и на вториот циклус академски студии посебно<br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,59.<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,4. | да |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>Странски јазик: англиски, ниво Ц2 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR)<br>Назив на документот: Уверение<br>Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје<br>Датум на издавање на документот: 24.11.2023. | да |

## 4 ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на м-р Јасмина Ангелевска Костадиноска.

Врз основа на изнесените податоци за исполнетоста на општите услови предвидени со Законот за високото образование и исполнетоста на посебните услови предвидени со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Комисијата заклучи дека м-р Јасмина Ангелевска Костадиноска ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето асистент по предметите од наставно-научната област 10900 – математика.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, м-р Јасмина Ангелевска Костадиноска да биде избрана во звањето асистент во наставно-научната област 10900 – математика.

Скопје, 9.2.2024 год.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Катерина Хаџи-Велкова Санева, претседател, с.р.**

**Проф. д-р Билјана Јолевска-Тунеска, член, с.р.**

**Проф. д-р Билјана Начевска Настовска, член, с.р.**

# П Р Е Г Л Е Д

**на прифатени теми за изработка на магистерски труд**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**

## 1. Применета математика

| Ред. бр. | Студент | Назив на тема | | Предложен ментор | Датум и бр. на Одлука |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1 | Виктор Јовев | Конформно предвидување во регресионо моделирање | Conformal prediction in regression modelling | Проф. д-р Катерина Хаџи-Велкова Санева | 02-135/24 од 24.1.2024 г. |

## 2. Автоматика, роботика и системско инженерство

| Ред. бр. | Студент | Назив на тема | | Предложен ментор | Датум и бр. на Одлука |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1 | Стефан Ристовски | Автоматизација на систем за управување и надзор на температура, вентилација и климатизација во чисти соби во фармацевтска индустрија | Control and Supervision of a HVAC System for Clean Rooms in Pharmaceutical Industry | Вон. проф. д-р Горјан Наџински | 02-135/25 од 24.1.2024 г. |
| 2 | Никола Јанкуловски | Имплементација на систем за бројачи на осовини при регулација и надзор во железнички сообраќај на брзи пруги | Implementation of a system of axle counters during regulation and supervision in railway traffic on high-speed lines | Вон. проф. д-р Горјан Наџински | 02-135/26 од 24.1.2024 г. |

## 3. Компјутерски мрежи – Интернет на нешта

| Ред. бр. | Студент | Назив на тема | | Предложен ментор | Датум и бр. на Одлука |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1 | Теодора Кочовска | Систем за генерирање на визуелна графичка анимација и препознавање на македонски знаковен јазик со методи од машинско учење и 3Д алатки за визуелизација | System for generating visual graphic animation and recognizing Macedonian sign language using machine learning methods and 3D visualization tools | Проф. д-р Марија Календар | 02-135/27 од 24.1.2024 г. |
| 2 | Тања Димова | Интеграција на DevSecOps принципи во веб-апликации базирани на микросервисна архитектура | DevSecOps services integration in web applications based on microservices architecture | Проф. д-р Марија Календар | 02-135/28 од 24.1.2024 г. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 3 | Дарко Ангеловски | Од историски податоци до идни трендови: Патот на машинско учење во предвидување на цените на криптовалутите | From Historical Data to Future Trends: A Machine Learning Journey in Cryptocurrency Price Prediction | Проф. д-р Марија Календар | 02-135/29 од 24.1.2024 г. |

4. **Обновливи извори на енергија**

| Ред. бр. | Студент | Назив на тема | | Предложен ментор | Датум и бр. на Одлука |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1 | Рената Андоновска | Оправданост за реконструкција на фотоволтаична централа | Justification for Reconstruction of Photovoltaic Plant | Проф. д-р Димитар Димитров | 02-135/30 од 24.1.2024 г. |
| 2 | Дарко Видиниќ | Регулација на напонот во електричните мрежи со оптимизација на контролата на паметни инвертори | Voltage Control in Power Grids by Optimizing Smart Inverters Control | Проф. д-р Гога Цветковски | 02-135/31 од 24.1.2024 г. |
| 3 | Сара Кочева | Концепција на разводна постројка за приклучување во мрежа на производни единици од обновливи извори на енергија | Concept of substation facility for connection to the grid of production units from renewable energy sources | Проф. д-р Антон Чаушевски | 02-135/32 од 24.1.2024 г. |

5. **Нменски компјутерски системи**

| Ред. бр. | Студент | Назив на тема | | Предложен ментор | Датум и бр. на Одлука |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1 | Игор Атанасов | Развој и валидација на софтверска архитектура за оптимална распределба на тежина кај автобуси | Development and validation of a software architecture for optimal weight distribution on buses | Вон. проф. д-р Данијела Ефнушева | 02-135/33 од 24.1.2024 г. |

6. **Комуникациски и информациски технологии**

| Ред. бр. | Студент | Назив на тема | | Предложен ментор | Датум и бр. на Одлука |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1 | Дарко Милошоски | Предизвици при имплементација и фунционалности на ИКТ системи во студентски домови | Implementation Challenges and Functionalities of ICT Systems in Student Dormitories | Проф. д-р Александар Ристески | 02-135/34 од 24.1.2024 г. |

**ПРЕГЛЕД**

на прифатена тема за изработка на докторски труд

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје

Факултет за електротехника и информациски технологии

Студиска програма: Електротехника и информациски технологии

| Ред. бр. | Студент | Назив на тема | | Предложен ментор | Датум и бр. на Одлука |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1 | М-р Ангела Најдоска | Истражување на методите и моделите за определување на точката со максимална моќност кај бифацијални фотоволтаици | Investigation of Methods and Models for Determination of Maximum Power Point for Bifacial Photovoltaics | Проф. д-р Гога Цветковски | 02-135/11 од 24.1.2024 год. |

Прилог 1

# П Р Е Г Л Е Д

**на прифатени теми на ННУС на Факултет за ликовни уметности - Скопје за изработка на магистерски труд**

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | ментор | Одлука Бр. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Филип Јовески | Живи" Артефакти - Трансмутација на мултимедијалното трансдисциплинарно уметничко дело | Living" Artifacts - Transmutation of the multimedia transdisciplinary work of art | Проф. м-р Антони Мазневски | 02-74/10 15.2.2024 |
| 2. | Илија Маџаров | Интеграли | Integrals | Проф. м-р Жанета Вангели | 02-74/11 15.2.2024 |

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПАЗАРОТ НА ТРУД ПОД ВЛИЈАНИЕ НА ДЕМОГРАФСКОТО СТАРЕЕЊЕ: ПЕРЦЕПЦИИ НА ПОВОЗРАСНИТЕ РАБОТНИЦИ ЗА ЗАДРЖУВАЊЕ НА ПАЗАРОТ НА ТРУД“ ОД М-Р СЛАВКО ЖАРКОВ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата XXVII седница одржана на 17.1.2024 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот **м-р Славко Жарков** со наслов: **„Пазарот на труд под влијание на демографското стареење: перцепции на повозрасните работници за задржување на пазарот на труд“**, поднесена на трет циклус студии на студиската програма Социјална работа и социјална политика, во состав: проф. д-р Сунчица Димитријоска (претседател), проф. д-р Јован Пејковски (ментор), проф. д-р Светлана Трбојевиќ (член), проф. д-р Софија Георгиевска (член) и проф. д-р Иван Трајков (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот на Филофскиот факултет му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатот **м-р Славко Жарков** со наслов: **„Пазарот на труд под влијание на демографското стареење: перцепции на повозрасните работници за задржување на пазарот на труд“**, содржи 372 страници компјутерски обработен текст во фонт 12, со единечен проред, со листа од 12 табели, листа на 37 слики и со листа на 20 графикони. Во делот Користена литература наведени се 176 библиографски единици и 61 единици од интернет-извори или вкупно 237 извори на користена литература.

Докторската дисертација има за цел да го истражи пазарот на труд во РС Македонија кој е под влијание на демографското стареење, а од аспект на перцепциите на повозрасните работници. Потребата од континуирани и нови релевантни податоци за оваа проблематика, е поврзано со нови истражувања кои би ги подобриле социоекономските перформанси на пазарот на труд, на државата и човечкиот капитал кој ги сочинува.

Трудот, покрај воведот, е структуриран во 5 поглавја, при што се дадени и различни аспекти на истражуваната појава.

Во **Поглавје 1** се разработуваат различните теории и концепти за пазарот на труд, односно се прави преглед на литературата по истражуваната тематика. Авторот го опишува, појмовно го определува и го дефинира пазарот на труд во Европа, во некои држави од Југоисточна Европа, како и во Република Северна Македонија. Истовремено, ги разработува институциите на пазарот на труд, легислативата во Република Северна Македонија, како и активните и пасивните мерки насочени кон повозрасните лица и работници. Анализирани се процесите на демографското стареење и влијанијата кои се предизвикуваат во државата, а посебно врз пазарот на труд.

Во **Поглавје 2** се разработуваат теориите и пристапите за интегрирање на повозрасните лица и работници на пазарот на труд и се прави преглед на литературата од темата на дисертацијата. Авторот нуди компаративен приказ на добри практики за интегрирање и задржување на повозрасните работници на пазарот на труд. Разработувани се некои од стратегиите за намалување на влијанието на демографското стареење врз повозрасните лица. Во овој дел се прикажуваат актуелните состојби во Република Северна Македонија со кои се

соочуваат повозрасните лица и работници, промените кои настануваат, стратегиите и пристапите за интегрирање на повозрасните, како и предизвиците за нивно задржување и останување на македонскиот пазар на труд.

Во **Поглавје 3** се опишани истражувачките прашања, идентификувањето и формулирањето на истражувањето. Авторот ги прикажува целите и задачите на истражувањето, надоврзувајќи ги со истражувачките хипотези во дистертацијата. Исто така, ја опишува методологијата користена за ова истражување, односно оправданоста на методите, техниките и аналитичката рамка во истражувањето кои одделно се прикажуваат.

Во **Поглавје 4**, обработени, анализирани и презентирани се наодите од истражувањето. Авторот ги прикажува резултатите од истражувањето, ги вкрстува зависните и независните варијабли, ги тестира истражувачките цели и ги интерпретира и тестира хипотезите поставени во трудот.

Во **Поглавје 5** се презентирани резултатите, дискусиите и заклучокот извлечен од истражувањето. Воедно, се посочуваат можностите и целите за примена на резултатите од истражувањето. Во овој дел се разработени импликациите и можните насоки за следни – понатамошни истражувања.

Поглавјата се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

**Податоци за предметот на истражување**

Предмет на истражувањето во докторската дисертација е пазарот на труд кој што е под влијание на демографското стареење и тој е разгледуван од перспективата, перцепциите и очекувањата на повозрасните лица и работници над 55-годишна возраст, како и од работодавачите. Се согледува дали и колку од повозрасните лица и работници над 55-годишна возраст преферираат да се задржат на пазарот на труд. Од друга страна, истото се однесува и за работодавачите, односно какви се нивните перцепции и можности за да ги задржат повозрасните работници на пазарот на труд. Дополнително, во истражувањето се анализираат и истражуваат некои од најпознатите и најприменуваните глобални пристапи поврзани со демографското стареење, пазарот на труд и мотивацијата на работниците да се вклучуваат на пазарот на труд, како и подготвеноста на работодавачите соодветно да ги вклучат невработените лица на пазарот на труд. Иако појдовното гледиште започнува глобално, во светски и европски рамки, се врши и одредена индукција во однос на истражувањето, па затоа, сето ова се однесува за македонскиот пазар на труд. Направена е компаративна анализа со некои држави репрезенти на Европската Унија (Франција, Германија), како и на дел од Југоисточна Европа, односно во Република Србија и Република Словенија.

Покрај тоа, предмет на ова истражување се и ставовите и перцепциите на дел од креаторите на политиките, односно на претставниците на надлежните институции во Република Северна Македонија за повозрасни лица, стари лица, пазарот на труд, и демографските политики. Преку истражувањето кое е спроведено, се дава одговор на главната цел на истражувањето, која што примарна задача има да анализира, одговори, образложи и прикаже модели на примена, во однос на прашањето дали повозрасните работници, и нивните работодавачи, повеќе преферираат да се задржат на пазарот на труд, или да останат активни на пазарот на труд, да се пензионираат, или да работат полесна работа со скратено работно време и поприфатлива работа за нив, и под кои услови и околности.

За истражувањето, авторот, креирал два анкетни прашалника, кои симултано и истовремено се одговарани. Едниот од страна на повозрасните

лица и работници, а другиот од страна на работодавачите (фирми, компании, институции, јавни претпријатија итн.). И двата анкетни прашалника се состојат од триесет и три (33) прашања. Првите седум (7) прашања се однесуваат за идентификување на социодемографските карактеристики на примерокот од испитаниците. Останатиот дел од прашањата, и во двата прашалника, се оние преку кои се добива заклучокот од истражувањето и темата на обработка, како и севкупната перцепција за видувањата, желбите, преференциите, но и за можностите за останување и задржување на пазарот на труд на повозрасните лица и работници над 55-годишна возраст.

Во однос на репрезентативниот примерок, ова истражување е солидно подготвено и е поткрепено со обемни податоци и анализи. Опфатен е голем број од 1.779 повозрасни лица и работници кои се учесници во анкетниот прашалник наменет за повозрасните работници. Тоа ја изразува сигурноста и релевантноста на добиените податоци. Покрај тоа, и работодавачите се застапени со 53 испитаници, кои се учесници во анкетниот прашалник наменет за работодавачите. Дополнително, бројот од 11 учесници, односно интервјуинирани национални и меѓународни креатори на јавната политика во нашата држава, изразува сигурност и точност во податоците, перцепциите на првите лица на институциите, и идните планови кои ги тангираат повозрасните работници, и воопшто неутрализирањето на влијанието на демографското стареење и пазарот на труд.

### Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работен докторскиот труд

Во Република Северна Македонија сè повеќе е присутно влијанието на демографското стареење, во речиси сите сфери од општественото живеење. Демографското стареење е причинско последичен одраз на повеќе континуирани фактори кои одреден временски период се случуваат во македонското општество. Се согледува дека континуираното намалување на природниот прираст на населението, односно од недостатокот на фертилитет на населението е присутен процес што е опишан во дисертацијата. Се согледува и подобрувањето на медицината во Македонија, подобрувањето на јавното здравје на целата популација, па и на повозрасните и старите лица. Со тоа се продолжува животниот век на населението, а исто така се креира и поголема еластичност во функционирањето на повозрасните и старите лица, и се придонесува за подобрување на нивните психокогнитивни и физички способности. Во трудот се согледува и драстичното зголемено ниво на иселување на населението од државата, во трети држави, или континенти, со што се губи економскиот потенцијал и драгоцени човечки ресурси. Поради сето тоа, во сите држави во светот коишто се соочуваат со ваков проблем, па и во нашата држава, увидено е дека постои неминовна потреба за оптимизација на економијата, образованието и на човечкиот потенцијал, во внатрешните граници на државата, а со цел да може што подобро да се спроведува процес на одредено неутрализирање на општото влијание на демографското стареење, севкупно во целото општество.

Кандидатот согледува дека со продлабочување на процесот на демографското стареење на населението, се појавува процес на перманентна неусогласеност на потребните вештини помеѓу понудата и побарувачката на пазарот на труд. Недостасуваат, или се во недоволен број или интензитет, оние закони, стратегии и документи, за креирање на прикладни работни околности и работни места за повозрасните лица и работници. Согледан е и недостаток за

нивно интегрирање и задржување на повозрасните лица и работници на пазарот на трудот поради што тој го покренува прашањето како би можело да се намали влијанието на демографското стареење врз пазарот на труд, преку успешното интегрирање и задржување на повозрасните на пазарот на труд.

Од спроведеното истражување се констатира дека пазарот на труд во Република Северна Македонија не функционира како перфектно конкурентен пазар бидејќи има одредени несовршености, ригидности и интервенции надвор од институциите кои за задолжени за регулирање на пазарот на труд.

Несовршеностите се јавуваат бидејќи и компаниите и работниците имаат пазарна моќ да влијаат на платите, ригидноста настанува бидејќи вработувањето подразбира стабилен личен однос, при што и работникот и компанијата се заинтересирани за други услови освен платата. Тука е и интервенцијата на трудовото законодавство на пазарот на трудот, каде меѓу другото се утврдуваат карактеристиките на договорот за вработување, отпремнините и утврдувањето на минималната плата.

Се констатира дека е присутно очекување формалните образовни институции да презентираат содржини кои што ќе им бидат потребни на кадрите во иднина да бидат обучени и подготвени да одговорат на потребите на компаниите. Се забележува дека работниците, додека се на работа, на самото работно место некои од нив се обучуваат. За тоа да може да биде попривлечно, самиот тој процес мора и самите работодавци да го олеснат, најмногу преку континуирана обука на вработените и перманентно следење на нивните потреби за надградба на вештините, знаењата и способностите.

Од друга страна, се забележува дека пазарот на труд во Република Северна Македонија никогаш нема целосна ангажираност затоа што постои таканаречена фрикциона невработеност, а која настанува кога едно лице доброволно ја напушта работата поради сопствени повисоки цели за во иднина

**Краток опис на применетите методи**

При изработувањето на докторска дисертација користени се квалитативна и квантитативна методологија, односно следните научни методи:

(1) Анкета со метод на случаен избор на анкетирано лице: која се применува при истражувањето како методолошка постапка спроведена преку доставување на прашалници со кои се анкетираат лицата кои се соодветни за истражувачката тема (повозрасни лица и работници над 55 години возраст). Анкетираните 1.779 лица, се опфатени од различни региони и општини во државата, а особено се внимавало на еднаквата застапеност на полот, на релацијата на рурални и урбани области, и на активноста на пазарот на труд на анкетираните лица. Во однос на анкетата, клучни индикатори се социодемографските показатели, и тоа распоредени според: пол, возраст, состојба на вработеност/невработеност, активност на пазарот на труд, според ниво и степен на образование, според материјалната состојба (односно сиромаштијата), и според брачниот статус (односно во какво и колку члено домаќинство/и/или семејство е едно истражувано лице). Клучните прашања се однесуваат на ставовите и перцепциите на испитаниците во врска со пазарот на труд и нивното учество на истиот. Со нив се добиваат одговори за перцепциите на повозрасните лица за учество на пазарот на труд.

Анкетен прашалник е доставен и до работодавачите со цел да се изјаснат за тоа дали преферираат и дали имаат можности да ги задржат повозрасните работници подолго кај нив. Опфатени се вкупно 53 работодавачи од сите региони и општини и тие одговараат на 33 различни прашања, кои соодветно се

компатибилни со прашањата од анкетниот прашалник за работниците, а според посебните хипотези во докторската дисертација, кои согласно со содржината се конкретно наменети за потврдување на ставовите и перцепциите на работодавачите.

Притоа, посебен дел во трудот е посветен на анкетното истражување во врска со спецификите, барањата, потребите и очекувањата на испитаниците.

Покрај тоа, во склоп на истражувањето се опишани и прикажани графички прикази и табели од Државниот завод за статистика, со нивна функционалност како дополнување на анализата со посебен методолошки пристап, при понатамошните методолошки разработки, како што се: истражувањето, индукција, дедукција и емпириско истражување.

(2) Метод на анализа: кој претставува еден од основните методи со чија помош се структурирани голем број поглавја (делови) од трудот. Применета е анализа на содржината како истражувачка техника за објективен, систематски и квантитативен опис на очигледната содржина на симболичното комуницирање. Идентификуван е материјалот за анализа во содржината на трудот, што го сочинуваат документи, трудови, книги, натписи и слично, а коишто се значајни за оваа тема.

(3) Метод на социодемографско истражување: кој се состои од повеќе начини на пребарување и анализирање на податоци со цел да се дојде до релевантните податоци неопходни за адекватно компонирање на деловите на темата во складна целина.

(4) Интервју со претставници од релевантните државни и локални институции, со што е придонесено за реализација на целите од општествен и практичен аспект преку директно добиени сознанија од лицата засегнати во креирањето на политиките за пазарот на труд, политиките за вработување, но и за демографско стареење и заштита на старите лица. Прашалникот за интервјуто е составен од 19 (деветнаесет) прашања, а со истиот се опфатени 11 креатори на политиките за пазар на труд и за повозрасни и стари лица.

(5) Метод на индукција: кој е применет при систематизирање на социјалната научна литература и примери во пракса од различни извори на податоци, а кои се во непосредна врска со социјалната политика во доменот на пазарот на труд.

(6) Метод на дедукција: кој е применет при извлекувањето на заклучоците за придобивките од стратегиите на национално ниво кои се важечки, а кои ќе бидат предмет на идно истражување во врска со пазарот на труд и нивно опишување, како и програми во економско-социјален и политички аспект на секојдневното живеење.

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

Докторската дисертација се цени дека е прво вакво спроведено истражување во нашата држава, а се води од потребата да се добијат, истражат и анализираат, перцепциите и ставовите од: повозрасните лица и работници; од работодавачите; како и од креаторите на политиките за пазар на труд. Се утврдува дека без разлика каде се наоѓаат или живеат повозрасните лица и работници, и без разлика на други одредени карактеристики, тие како хомогена група, повозрасни, имаат слични перцепции, желби и ставови. Поточно, согласно со резултатите од ова истражување, повозрасните лица и работници и во Република Северна Македонија покажуваат голем интерес, и воедно и потреба за континуирани обуки и тренинзи за зголемување на вештините, знаењата и квалификациите кои го поседуваат. Исто така, и македонските повозрасни работници многу ја ценат флексибилноста на работното место, како и мотивацијата која им ја даваат

работодавачите во однос на секојдневното работење, наградите за дополнителната работа и слично. Тоа се согледа и во истражувачките цели, а кои се тестирани преку поставените хипотези. Повозрасните работници, под вакви околности, ги споделуваат и разменуваат своите знаења и работно искуство со помладите или со ново дојдените работници.

Со резултатите од спроведената анализа и истражување, покрај приказот на пазарот на труд во Република Северна Македонија, се добива и компаративна слика за регионалните состојби за пазарите на труд за некои од државите од Југоисточна Европа, но и на Европската Унија, а кои припаѓаат овде, во близина на нашиот регион.

Имајќи предвид дека репрезентативниот примерок, на сите три вида на испитаници, е навистина голем, со опфатеност на целата територија на нашата држава, и со различни социодемографски карактеристики на истите, следи дека заклучоците добиени од резултатите на истражувањето, се релевантни и ги претставуваат реалните ставови во државсата. Поради тоа, се очекува ова истражување да има значаен импакт врз согледувањето на досегашните, но и во моделирањето и креирањето на идните закони, стратегии и политики за пазарот на труд, а поврзани со повозрасните работниици.

Ова истражување претставува основа за одредена евалуација на параметрите на влијание на трендот на демографско стареење врз пазарот на труд, а кое се очекува во иднина да се зголемува. Се оценува дека доколку од страна на нашата држава се применува посакуваниот процес на евалуација на ефектите, се очекува да се овозможи пореално предвидување на идните трендови во оваа област и благовремено реагирање од надлежните институции и организации учесници на пазарот на труд.

Со ова истражување е посочено дека треба во иднина да се креираат реално применливи насоки за подобрување на параметрите на пазарот на труд, а посебно за повозрасните работници во нашата држава.

Дополнително, поради тоа што добиените податоци од анкетите од ова истражување ја даваат реалната слика за перцепциите на повозрасните работници за останување или заминување од пазарот на труд, како и за очекувањата од можни промени во оваа сфера, истражувањето, и целокупно тезата, претставуваат и своевиден водич за побарувачката на пазарот на труд. Имено, прашањето за најдобри практики за задржување на повозрасните работници, и покрај какви и да постојат закони до државата, сепак, поаѓаат од самата пракса и имплементација на работодавачите, а приспособени на карактеристиките и спецификите на македонскиот пазар на труд.

Истражувањето на најдиректен начин има активен придонес кон националните и регионалните креатори на политики. Тоа придонесува тие да бидат алармирани за можните негативни и/или позитивни ефекти од креираните стратегии кон пазарот на труд, и кон повозрасните работници. Најмногу поради тоа што истражувањето резултира со мерливи податоци за област која е од интерес за државата, за пазарот на труд, но и за учесниците на пазарот на труд, односно за граѓаните. Со тоа се очекува подобрување на квалитетот на документите, стратегиите, акциските планови, и законските решенија кои ги регулираат сите тие аспекти. Но, исто така, се очекува имплементирањето во пракса на истите тие документи, како од страна на двете страни на пазарот на труд (понудата, и побарувачката), па така и од институциите на државата кои користат корегирачки инструменти за влијанието врз пазарот на труд и националната економија.

Од истражувањето се согледува дека постои спремност и желба изразена од страна на работодавачите, за да ги вработат или да ги задржат повозрасните работници, барем до нивно пензионирање. Освен тоа, тие имаат наведено дека

без разлика од која годишна возраст им е составена главната работна сила кај нив, истите тие, за повозрасните работници имаат креирано соодветни работни услови, одредени бенефиции, и помош или обука за работа со по модерните или компјутеризирани технологии во работниот процес, а практикувајќи го принципот за активно менаџирање на возраста.

Во однос на законските, легислативните можности за интегрирање и задржување на повозрасните работници на пазарот на труд, а кои се нудат на сите актери на пазарот на труд подеднакво, од спроведеното истражување може да се забележи дека генерално, во глобала, законите, стратегиите, и акциските планови креираат прилично сигурна основа за одржување на стабилност на пазарот на труд за сите лица учесници, па и за групата на повозрасни лица и работници над 55-годишна возраст.

Од истражувањето е согледано дека повозрасните работници изразуваат желба при работниот процес да им се земаат предвид когнитивните, психофизичките, како и социјалните и финансиските карактеристики за време на работата. При повторното засновање на работнот однос, повозрасните лица и работници, ги имаат истите желби и ставови и сметаат дека нормалната минимална плата за достоинствено водење на животот, дека треба да биде многу поголема отколку што е моменталната минимална плата, а согласно со трошоците за живот кои ги имаат. Поради тоа, истите тие имаат став дека работодавачите треба дополнително финансиски да ги мотивираат, нудејќи им одредени парични стимуланси, награда за дополнително работење, или друг вид на флексибилност за време на работниот процес.

Од анализата на истражувањето, може да се заклучи дека е направена прва сеопфатна и детална анализа на перцепциите и ставовите на испитаниците, за тоа дали повозрасните работници повеќе настојуваат да се задржат или не на пазарот на труд. И доколку сакаат или имаат потреба за тоа, под кои услови, пристапи и начини. Разгледувани се дефинираните, глобално најприменувани пристапи за задржување на повозрасните работници, како што се: 1) менаџментот за активното стареење на работа; 2) доживотното учење; 3) антидискриминаторските политики; и 4) еднаквите можности за повозрасните на пазарот на труд. Применливоста на овие пристапи кон повозрасните работници во македонскиот пазар на труд кој е под влијание и пресија од демографското стареење, а изразени преку перцепциите од страна на повозрасните работници и од страна на работодавачите, ги креираат заклучоците кои се наведени. Покрај тоа, дадени се предлози и препораки за идно дејствување на институциите во врска со состојбите на пазарот на труд.

Од истражувањето може да се изведе генерален заклучок дека, иако дел од повозрасните преферираат дури и предвремено пензионирање, сепак, мнозинството на повозрасни работници, поради екстерни и интерни околности, настојуваат да бидат задржани на пазарот на труд до пензионирање, со можност и за останување на пазарот на труд и по пензионирањето. Некои од тие фактори се: недоволното финансиски средства, потребата за работен ангажман, поради ризикот од невработеност, ризикот за постоењето на сиромаштија која е под дозволениот праг, желбата за активен придонес, потребата за поголеми достигнувања, или поради одредено ветување за унапредување на работното место.

Сепак, за повозрасните работници, задржувањето или останувањето на пазарот на труд не е безусловно, туку тие би останале или би се задржале на пазарот на труд, само под одредени услови и околности. Па така, одреден дел од нив би се задржале на пазарот на труд само доколку работодавачите им

понудуваат соодветни и квалитетни работни услови. Повозрасните работници сметаат дека покрај работните услови на работното место, потребно е исто така работодавачите да им обезбедуваат и прикладна и квалитетна плата за сработеното, а која би била доволна за водење на нормален и достоинствен живот. Во дисертацијата се согледува дека, како на сите возрасти на вработени, па така и на повозрасните работници од приоритет им е, по завршување на работното време, да имаат слободно време да им се посветат на својата фамилија, на пријателите, или на некоја омилена работа/хоби. Сепак, од нивните искажани ставови се согледува дека на мнозинството од повозрасни работници не им се исполнува ова нивно барање, поради фактот дека или работат прекувремено и немаат време, или пак немаат доволно енергија за да го направат истото по завршување на работата, додека некои само понекогаш, делумно, имаат шанса и можност за тоа. Поради сето ова се согледува есенцијалната потреба за креирање на баланс помеѓу семејството и работата, во политиките за пазарот на труд, но и при самата имплементација во пракса.

Поради тоа, очекуваните пристапи за вклучување и задржување на повозрасните работници на пазарот на труд, е сосема нормално да се оние во кои работодавачите им гарантираат соодветни работни места конкретно наменети за оваа категорија на работници, а согласно нивните психофизички карактеристики и особености. Исто така, пожелен пристап е сеопшто добро менаџирање и управување со компаниите преку растот и развојот на сите човечки капацитети и ресурси, истовремено внимавајќи на ликвидноста на фирмата, за да се овозможи раст на фирмата. Оценето е дека е потребно и соодветно наградување, односно плаќање на оние (повозрасни) работници без кои компаниите не би можеле да работат со капацитет кој ќе придонесува продуктивност и развој и раст на истите.

Преферирани модели за повторно враќање на пазарот на труд по пензионирањето на повозрасните работници се оние во кои тие би биле во работен ангажман преку договор на дело или преку сезонска работа. Од друга страна, во однос на нивно ангажирање преку по суптилни форми, повозрасните лица и работници, се заклучува дека преферираат експертски да помагаат во одредена фирма од нивната област на знаење и вештини, а некои единствено само да ги менторираат помладите вработени таму каде што работат. Постојат и одредени повозрасни, кои што сметаат дека по пензонирањето, единствено би можеле да им помагаат на своето семејство и на своите најблиски.

Работодавачите претпочитаат и настојуваат да ги задржуваат повозрасните работници кај нив. За дел од работодавачите, повозрасните работници се дел од главната работна сила. Покрај тоа, работодавачите се и силно мотивирани дополнително да вработат повозрасни работници, доколку ги исполнуваат соодветните услови за тоа. Сепак, постојат одреден дел од работодавачи кои би ги задржувале и вработувале повозрасните, единствено доколку тие работни места им бидат субвенционирани од страна на државата, или од трета страна која би го направила тоа.

Во однос на условите и мотивацијата која ја пружат и гарантираат кон повозрасните работници, од истражувањето може да се констатира дека работодавачите главно имаат креирано соодветни работни услови, одредени бенефиции, парични/финасиски надоместоци, и помош или обука за работа со помодерните технологии во работниот процес. Од тоа се согледа јасна и нескриена подготвеност од страна на работодавачите да им обезбедат соодветни работни услови на повозрасните работници, како и подготвеност да ги вработуваат и задржуваат повозрасните.

Може да се заклучи дека повеќето од работодавачите ставаат акцент на меѓу-генерациско пренесување на знаењето, постојани обуки и останување во согласност со случувањата релевантни за полето на работа на секоја компанија, посебно. Исто така, работодавачите сметаат дека ова оди рака под рака со зајакнување на креативноста и чувството за иновација кај вработените, со што би се наложувала континуираната потреба од продуктивност во работата.

Државата, пак, со своите механизми, иако креира сигурна платформа за обезбедување на минималните стандарди за вклучување, интегрирање и задржување на повозрасните работници на пазарот на труд, сепак, постои потреба да ги засили настојувањата за подобрување и опимизација на пазарот на труд, а целно насочени за креирање повеќе и подобри услови за повозрасните работници. Од спроведеното истражување се забележува дека активните и пасивните мерки, генерално, во глобала, креираат сигурност за повозрасните. Покрај тоа, и конкретните законски решенија гарантираат вклучување и обезбедување на соодветни услови во пазарот на труд за повозрасните. Во Законот за вработување и осигурување, во случај на невработеност, е загарантирано дека секое лице кое било отпуштено од работа има право на материјално обезбедување поради невработеност, кое може да му се исплаќа во согласност со претходниот поминат работен стаж, но не повеќе од една година исплата на тоа материјално обезбедување.

Покрај појавата за правен недостаток во однос на флексибилното пензионирање, со можност за повторно враќање на пазарот на труд, постојат и одредени други недостатоци. Забележително е дека постои одреден степен на сè уште неискоренета возрасна дискриминација, која се отсликува и врз пазарот на труд. Иако во македонската легислатива постојат бројни документи и закони за ова, сепак, може да се заклучи дека дискриминацијата по основ на возраст не може сè уште да се исклучи. Тоа го потврдуваат и резултатите од истражувањето, каде што две третини од повозрасните се изјаснуваат дека во одреден период од својот живот биле, или и сè уште се, предмет на дискриминација по основ на возраста. Истото тоа се согледа и во однос на еднаквите можности за вработување на повозрасните лица, унапредувањето, или префрлањето од една во друга организациона единица. Поради тоа, се појавува потребата од реформирање на легислативата која го регулира ова, но и во зајакнување на инспекциските служби кои треба доследно да го гарантираат спроведувањето на севкупната регулатива за пазарот на труд.

Се заклучува дека во Република Северна Македонија постојат силни механизми и огромна волја изразена од страна на работодавачите, и од страна на креаторите на јавните политики, за гарантирање на правата на повозрасните работници, а преку пристапот за мотивирање на работниците. Се оценува дека постојат одредени области кои во наредниот период би требало да бидат реформирани за да може пазарот на труд да биде што поинклузивен за повозрасните работници.

**Главни научни придонеси на кандидатот**

Кандидатот дава сериозен научен придонес преку сеопфатна и детална анализа на пазарот на труд што е под влијание на демографското стареење. Во дисертацијата тој врши истражување на пазарот на труд преку следење на движењата во истражуваниот период, промените на состојбите на пазарот на труд преку ставовите на повозрасните работници, како и влијанието на демографското стареење на понудата и побарувачката на пазарот на труд. Овие аспекти се недоволно истражени во рамките на македонската научна мисла.

Со ова истражување кандидатот придонесува со конкретни анализи за пазарот на труд во Македонија да се добијат релевантни сознанија кои се од полза во креирањето на политиката за оваа област. За таа цел, покрај податоците добиени од испитаниците се прави компаративно истражување, со пресек на разгледување на состојбите во одделни држави од Европската Унија, и некои од државите од Југоисточна Европа и нивниот пазар на труд.

Дополнително, иако научната област во Европа и глобално, досега има одредени сознанија за перцепциите на повозрасните работници за задржување на пазарот на труд, сепак, тие се недоволно истражени и не се компаративно изедначени со перцепциите на повозрасните во Република Северна Македонија. Истражувањето во дистертацијата го спроведува токму погоре наведеното, односно она што досега не е направено. Поточно, оваа истражување придонесува за надоградување и за поголемо разбирање за перцепциите и желбите на повозрасните работници, особено за оние повозрасни работници во Македонија.

Тоа е прикажано со резултатите од спроведените анкети насочени кон повозрасните работници и преку сумирање на нивната анализа, односно сумирање на нивните перцепции, желби и видици. Со тоа се добиваат доволно истражени квалитативни и квантитативни сознанија за тоа дали овие работници повеќе претпочитаат да останат на пазарот на труд, или да користат некои од облиците на пензионирање, или се за социјални бенефиции.

Согласно анализираните трендови на влијание на демографското стареење кон пазарот на труд, и согласно моменталните стратегии за задржување на повозрасните работници на пазарот на труд, а кои се елаборирани во делот на прегледот на достигнувањата во научната дисциплина, се тестираат и оценуваат посебните и поединечните хипотези. Преку нивното потврдување или одбивање и преку спроведеното истражување, добиени се дополнителни сознанија кои би ги подобриле перформансите за релацијата: повозрасни работници – пазар на труд.

Со дисертацијата и истражувањето се придонесува националните и регионалните креатори на политики да бидат алармирани за можните негативни и позитивни ефекти од креираните стратегии кон пазарот на труд, како и кон повозрасните работници.

**Подрачје на примена и ограничувања**

Резултатите од истражувањето овозможуваат сеопфатна и темелна анализа на податоците поврзани со пазарот на труд. Може да се очекува тоа да има значаен импакт во согледувањето на досегашните, но и во моделирањето и креирањето на идните стратегии и политики за пазарот на труд, а поврзано со повозрасните работници. Исто така, добиените резултати им овозможуваат на креаторите на политиките во оваа област реално да ги проценуваат процесите и очекувањата кои се присутни кај повозрасните работници на пазарот на труд.

Се очекува истражувањето да најде соодветна примена во македонското општество преку подигнување на свеста на граѓаните за важноста и корисностите од одржливи, пристојни и долготрајни работни места наменети конкретно за повозрасните. Се овозможува запознавање со потребата и за процесите за активно стареење, доживотно учење и еднакви можности и недискриминаторски политики по основ на возраст. Истражувањето поттикнува размислување и дебата помеѓу категоријата на повозрасни лица и работници, за тоа кои се навистина нивните ставови по однос на мошне битни и горливи прашања за самите нив.

Се добиваат сознанија за штетните последици од непосакувани демографски трендови, а би можело да се детектираат одредени неправилности во примена на тековни, или идни механизми кои се применуваат во областа.

Имајќи предвид дека ова истражување е првото истражување во нашата држава за перцепциите и ставовите на повозрасните за нивно задржување на пазарот на труд, очекувано е да се покрене научен интерес за понатамошни истражувања на ова тема. Научната цел на ова истражување е надополнување на мозаикот на научни трудови и достапни анализи во делот на социјалната политика, со што се придонесува за подобро разбирање од академската и научната фела, за перцепциите, желбите и ставовите на повозрасните лица и работници, околу пазарот на труд и нивната улога во него.

Со резултатите од спроведената анализа и истражувања, покрај приказот на пазарот на труд во Република Северна Македонија, се добива компаративна слика за регионалните состојби и за пазарите на труд за некои од државите од Југоисточна Европа. Овој приказ е врз основа на параметрите на влијание на трендот на демографско стареење врз пазарот на труд, а кое се очекува во иднина да се зголемува. Со тоа се овозможува пореално предвидување на идните трендови во оваа област и благовремено реагирање од надлежните институции и организации.

Преку меѓусебно анализирање на овие варијабли се креираат реално применливи насоки за подобрување на параметрите на пазарот на труд, а посебно за повозрасните работници во нашата држава. Притоа, добиените податоци од анкетите, ја даваат реалната слика за перцепциите на повозрасните работници за останување или заминување од пазарот на труд и за очекувањата од можни промени во оваа сфера. Сето ова резултира со мерливи податоци за област која е од интерес за државата за пазарот на труд, но и за учесниците на пазарот на труд, односно за граѓаните.

**Ограничувањата** произлегуваат од фактот дека ова истражување е прво во нашата држава од таков вид, со таков обем и опфат на истражувани цели, и воопшто со толкав обем на вклучени индикатори и засегнати страни. Токму сите овие наведени работи, доколку од една страна се силните страни кои го карактеризираат истражувањето, истовремено му причинуваат ограничувања за целосна разработка според посакуваното ниво изразено во главната истражувачка цел.

Ограничувачки фактор за ова истражување се согледува и во здравствена состојба присутна за време на пуштањето во опсег на анкетните прашалници, односно постоење на вонредна состојба поради пандемијата на Ковид-19. Анкетните прашалници се креирани и во онлајн, интернет-верзија, каде што испитаниците можеа да ги дадат своите одговори. Поради посебните протоколи и политики кои ги имаа компаниите и институциите, а кои се јавуваат како работодавачи, или креатори на политики, постоеше потреба од трпеливост да се сочека укинувањето на Ковид-19 заштитни мерки, па да се направат потребните интервјуа и анкети.

Одредени дистанцирања или недоволно познавање на материјата, од одредени групи, учесници во анкетното истражување влијаело на примена на прашалниците, со оглед дека дел од испитаниците се со ограничена желба за соработка и доставуваат нецелосно пополнети анкетни прашалници од страна на повозрасните работници.

**Можни натамошни истражувања**

Согледана е потребата од продолжување на истражувања на различни аспекти на оваа тема, со што целиот овој процес би резултирал со поконкретни и мерливи резултати, на долг рок, кон подобрување на општата состојба на пазарот на трудот во Република Северна Македонија, кон намалување на негативните ефекти од демографското стареење, и финално, за задоволни повозрасни работници кои се задржуваат на пазарот на труд, и следствено, за задоволни работодавачи од истите нив.

Во согласност со добиените резултати од истражувањето, видливо е дека работодавачите прават напори за да ги задржат повозрасните работници на пазарот на труд, а, од друга страна, повозрасните работници единствено под одредени услови и околности би се задржале на пазарот на трудот што треба да биде истражено.

Поради фактот дека македонскиот пазар на труд, полека се отвора кон регионалните пазари на труд, најмногу кон регионалните, а потоа и кон европските, во дисертацијата е направена и одредена компаративна анализа за влијанието на демографското стареење, и за задржувањето на повозрасните работници на пазарот на труд, со неколку други држави. Се цени дека постои потреба за продолжување на низата од вакви истражувања, но овојпат, насочени кон истражување на пошироко, регионално гледиште на пазарот на трудот, влијанието на демографското стареење, и за најпосакуваните модели за задржување на повозрасните.

**Исполнетост на законските услови за одбрана на трудот**

Кандидатот, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавил како прв автор, во меѓународни научни списанија, следниве рецензирани истражувачки трудови:

1. Slavko Zharkov (2019): *The Impact of Social Dialogue on Decent Jobs in the Labor Market - Comparative systems of the countries of Southern Europe, South Eastern Europe and Western Europe*, објавен од: LAP LAMBERT Academic Publishing, ISBN 987-620-0-32086-5, 53 pages.

2. Slavko Zharkov (2021): *Idnetification of Persons withouth Personal Documents During Migration the Role of Scial Workers,* in the Science and Society: Contribution of Humannities and Social Science, at the Proceedings of the International Conference on the occasion of the centennial anniversary of the Faculty of Philosophy (2-5 September, Struga 2020), pages 629-640, UDK 364-43:351.755:314.15 (4927).

3. Slavko Zharkov (2024): *The Impact of Demographic Aging on Unemployment in the Republic of North Macedonia and the Countries in the European Union: a perennial overview,* in the KNOWLEDGE - International Journal, Vol.62 No. 1. Pages 129-134, ISSN: 1857-923x (Printed), ISSN:245-4439 (Online)

**ОЦЕНА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација на кандидатот **м-р Славко Жарков** со наслов: **„Пазарот на труд под влијание на демографското стареење: перцепции на повозрасните работници за задржување на пазарот на труд“** претставува самостоен научноистражувачки труд кој разработува актуелни состојби, проблеми и политики во областа на социјалната сфера, во делот на пазарот на трудот и работните

односи. Дисертацијата е со јасно дефинирани цели, предмет и методи на истражување со кои се доаѓа до релевантни резултати и научни заклучоци и препораки.

Докторската дисертација на кандидатот **м-р Славко Жарков** со наслов: **„Пазарот на труд под влијание на демографското стареење: перцепции на повозрасните работници за задржување на пазарот на труд“,** според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува во целост предвидените услови и стандарди за подготовка на докторски труд кои се утврдени со правилата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Филозофскиот факултет во Скопје.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Добиените резултати од оваа докторска дисертација претставуваат научен придонес во областа на социјалната политика и социјалната заштита, како и влијание врз креирање на политиките кои придонесуваат за оптимизација на пазарот на труд. Имајќи ги предвид специфичностите на предметот на истражување, кандидатот успеал да аргументира научно засновани заклучоци и да креира предлози за подобрување на состојбите и политиките во македонското општество. Докторандот успешно ја совладал научната методологија во спроведеното мошне обемно истражување и при обработката комбинирал повеќе научни методи со кои добива релевантни заклучоци и препораки. Во трудот се користени повеќе обемни и релевантни извори и современа литература поврзани со темата.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет да ја прифати позитивната оценка, да го усвои овој извештај и да одобри и закаже јавна одбрана на докторската дисертација на кандидатот **м-р Славко Жарков** со наслов: **„Пазарот на труд под влијание на демографското стареење: перцепции на повозрасните работници за задржување на пазарот на труд“.**

**КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Сунчица Димитријоска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Јован Пејковски, ментор, с.р.**
**Проф. д-р Светлана Трбојевиќ, член, с.р.**
**Проф. д-р Софија Георгиевска, член, с.р.**
**Проф. д-р Иван Трајков, член, с.р.**

# П Р Е Г Л Е Д
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

**Магистерски трудови**

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Николина Златевска | “Функционална способност кај деца од прво до петто одделение” | “Functional ability in children from first to fifth grade” | проф. д-р Оливера Рашиќ Цаневска | 10-328/3 од 14.2.2024 год. |
| 2. | Христина Талеска | “Самоефикасност за работа на далечина, виртуелна организациска клима, работна перформанса и добросостојба на работното место” | “Self-efficacy for remote work, virtual organizational climate, work performance and workplace well-being" | проф. д-р Билјана Блажевска Стоилковска | 10-243/2 од 14.2.2024 год. |
| 3. | Верица Симоноска | “Испитување на ставовите кон работата и безбедноста на работното место во функција на управувањето со човечките ресурси во организациите” | “Examining attitudes towards work and workplace safety as a function of human resource management in organizations" | проф. д-р Билјана Блажевска Стоилковска | 10-81/3 од 14.2.2024 год. |
| 4. | Мила Цветковиќ | “Лицата со попреченост и нивниот пласман на пазарот на трудот во РС Македонија” | “Persons with disabilities and their placement on the labor market in RS Macedonia" | проф. д-р Горан Ајдински | 10-347/3 од 14.2.2024 год. |
| 5. | Филип Арсовски | “Плаќањето на човечките ресурси и мотивацијата за успешен | “The payment of human resources and the motivation for successful career development" | проф. д-р Анета Баракоска | 10-392/2 од 14.2.2024 год. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | кариерен развој” | | | |
| 6. | Бојана Јованова – Павлова | “Разрешување на конфликтите во Демократска Република Конго и меѓународната дипломатија: состојба, можности и перспективи” | “Conflict Resolution in the Democratic Republic of the Congo and International Diplomacy: Status, Opportunities and Prospects” | Проф. д-р Ана Фрицханд | 10-346/3 од 14.2.2024 год. |
| 7. | Ријад Турку | “Влијанието на Витрувиј врз ренесансните архитектонски трактати” | “The influence of Vitruvius on Renaissance architectural treatises” | Проф. д-р Татјана Филиповска | 10-205/2 од 14.2.2024 год. |
| 8. | Јелена Спиревска | “Праисториски планински светилишта во внатрешноста на Балканот” | “Prehistoric mountain sanctuaries in the interior of the Balkans" | Проф. д-р Драги Митревски | 10-341/2 од 14.2.2024 год. |
| 9. | Сашо Топаловски | “Социјалните фактори и последиците од злоупотреба на наркотици кај малолетниците” | “Social factors and consequences of drug abuse among minors” | Проф. д-р Иван Трајков | 10-420/2 од 14.2.2024 год. |

# П Р Е Г Л Е Д
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

**Докторски дисертации**

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | м-р Илирјана Геци Деску | „Двонасочна поврзаност помеѓу семејните и училишните фактори и психолошката добросостојба кај адолесценти со попреченост“ | " Bidirectional association between family and school factors and psychological well-being in adolescents with disabilities" | проф. д-р Орхидеја Шурбановска | 10-68/3 од 14.2.2024 год. |

***Прилог бр. 2***

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ВИШ ЛЕКТОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ: 64006 – РОМАНИСТИКА (ИТАЛИЈАНСКИ ЈАЗИК) И 64002 – ПРЕВЕДУВАЊЕ (ПРЕВЕДУВАЊЕ И ТОЛКУВАЊЕ ОД ИТАЛИЈАНСКИ ЈАЗИК НА МАКЕДОНСКИ И ОБРАТНО) НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

| | **Член на организациски или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир** | |
| 1. | Член на организацискиот одбор на Меѓународниот собир „Италијанистиката во третиот милениум – новите предизвици во јазичните, книжевните и културните истражувања – 60 години италијански студии“, организиран од Катедрата за италијански јазик, Скопје, 2019. | 1 |
| 2. | Технички секретар на Зборникот на трудови од меѓународниот собир „Италијанистиката во третиот милениум – новите предизвици во јазичните, книжевните и културните истражувања – 60 години италијански студии“, организиран од Катедрата за италијански јазик, Скопје, 2020. | 1 |
| 3. | Рецензент на трудови на Првиот меѓународен научен собир на тема „Language MOOCs and OERs: new trends and challenges“, организиран од Универзитетот во Порто, во рамките на проектот Erasmus plus project KA220-HED – 2021-1-IT02-KA220-HED-000027501Romance languages for Slavic speaking university students LMOOC4Slav, 2023. | 1 |
| | **Студиски престој во странство<br>-до три месеци** | |
| 1. | 1.7.1999 – 31.8.1999, Перуџа, Италија, учесник на летен курс за италијански јазик и култура при Универзитетот за странци во Перуџа, стипендист на италијанската влада | 0.5 |
| 2. | 31.7.2000 – 25.8.2000, Гарњано дел Гарда, Италија, учесник на интернационален курс за италијански јазик и култура во Гарњано, организиран од Универзитетот од Милано, стипендија од Катедрата за романски јазик и книжевност | 0.5 |
| 3. | тронеделен студиски престој на Универзитетот во Бари, во рамките на проектот Темпус JEP 18101-2003 “New Curriculum Model for Italian Studies” (1 септември 2004 – 28 февруари 2007) | 0.5 |
| 4. | јули 2020, Перуџа, учесник на курс за усовршување на професори по италијански јазик, стипендија од Универзитетот за странци од Перуџа преку Здружението на професори по италијански јазик во РС Македонија. | 0.5 |
| | **Член на факултетска комисија** | |

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Претседател на Комисија за спроведување избори за избор на претседател и членови на Факултетско студентско собрание, 2021. | 0.5 |
| 2. | Претседател на Комисија за спроведување избори за избор на претседател и членови на Факултетско студентско собрание, 2022 | 0.5 |
| 3. | Претседател на Комисија за спроведување избори за избор на претседател и членови на Факултетско студентско собрание, 2023. | 0.5 |
| 4. | Член на Комисија за упис на нови студенти на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ за прв, втор и трет уписен рок, 2022. | 0.5 |
| 5. | **Учество во комисии и тела на државни или други органи, здруженија поврзани со струката** | |
| 6. | Секретар на Здружението на професори по италијански јазик 2018 – 2022 | 1 |
| 7. | Секретар на Меѓународниот семинар за обука на наставници по италијански јазик на тема „Анализа и изготвување на дидактички материјали“, во организација на Катедрата за италијански јазик и книжевност и Универзитетот за странци од Перуџа, проф. Валентина Мараско и Николета Сантеузанио, мај 2018 | 1 |
| 8. | Член на комисија за составување, спроведување и оценување на натпреварите по италијански јазик 2019 | 1 |
| 9. | Технички секретар на меѓународниот собир „Италијанистиката во третиот милениум – новите предизвици во јазичните, книжевните и културните истражувања – 60 години италијански студии“, организиран од Катедрата за италијански јазик, Скопје, 2019 | 1 |
| 10. | Секретар на Меѓународниот семинар за обука на наставници по италијански јазик на тема „Наставата на лексиката и граматиката во изучувањето на италијанскиот како странски јазик“, во организација на Катедрата за италијански јазик и книжевност и Универзитетот за странци од Перуџа, 2020. | 1 |
| 11. | Секретар на Меѓународниот семинар за обука на наставници по италијански јазик на тема „Вештини за писмено и усно изразување “, во организација на Катедрата за италијански јазик и книжевност и Едулингва, 2022. | 1 |
| 12. | Секретар на Меѓународниот семинар за обука на наставници по италијански јазик на тема „Слушање и усно изразување во наставата на далечина: техники и практични алатки “, во организација на Здружението на професори по италијански јазик, 2022. | 1 |
| 13. | Кокоординатор на Меѓународниот семинар за обука на наставници по италијански јазик на тема „Примена на игрите на часовите по италијански како странски јазик: од дидактички игри со гејмификација“, во организација на Здружението на професори по италијански јазик, 2023 | 1 |
| 14. | Член на Ккомисија за составување, спроведување и оценување на натпреварите по италијански јазик, 2021 | 1 |
| 15. | Член на Комисија за составување, спроведување и оценување на натпреварите по италијански јазик, 2022 | 1 |
| 16. | Член на Комисија за составување, спроведување и оценување на натпреварите по италијански јазик, 2023 | 1 |
| 17. | Претседател на Рецензентска комисија при МОН за оценување на учебник за изучување на италијанскиот јазик за учениците од шесто одделение. | 1 |
| 18. | Одговорна за дисеминација во рамките на Erasmus plus project KA220-HED – 2021-1-IT02-KA220-HED-000027501Romance languages for Slavic speaking university students LMOOC4Slav. | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 19. | Член на Комисија за спроведување на приемен испит по италијански јазик за запишување во СОУГ „Никола Карев“, Скопје, италијанска паралелка | 1 |
| | **Претседател на здружение поврзано со струката** | |
| 1. | Претседател на Здружението на професори по италијански јазик ЗПИРМ, 2022 – | 2 |
| | Вкупно | 24 |
| | | |
| **Спортска дејност** | | |
| | | |
| | **Вкупно** | 64,5 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 95,375 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 112 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | / |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 64,5 |
| **Вкупно** | 271,875 |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Радица Никодиновска, с.р.**
**Проф. д-р Александра Саржоска, с.р.**
**Проф. д-р Лучиана Гуидо Шремпф, с.р.**

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА РАКОПИСОТ ПОД НАСЛОВ: „НОВИ, БЕЗБЕДНИ ПРОСТОРИ: ПРИРАЧНИК ЗА НАСТАВНИЦИ ОД ПРОЕКТОТ ЗА ПСИХОСОЦИЈАЛНА ПОДДРШКА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ’БЛАЖЕ КОНЕСКИ’“ ОД ПРИРЕДУВАЧИТЕ: ПРОФ. Д-Р ЕЛЕНА ОНЧЕВСКА-АГЕР, ПРОФ. Д-Р СОЊА КИТАНОВСКА-КИМОВСКА И ПРОФ. Д-Р ИСКРА ТАСЕВСКА ХАЏИ-БОШКОВА

Врз основа на Одлуката за избор на рецензенти, со број 12-2240/2 од 21.12.2023 г., донесена на четвртата редовна седница на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, заедно со проф. д-р Јулијана Стојанова од Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ во Скопје, бевме избрани за рецензенти на ракописот под наслов: „Нови, безбедни простори: прирачник за наставници од Проектот за психосоцијална поддршка на Филолошкиот факултет ’Блаже Конески’“ од приредувачите: проф. д-р Елена Essентевска-Агер, проф. д-р Соња Китановска-Кимовска и проф. д-р Искра Тасевска Хаџи-Бошкова и од авторите на содржините: Лина Ќостарова-Унковска, Елена Essентевска-Агер, Соња Китановска-Кимовска, Искра Тасевска Хаџи-Бошкова, Калина Малеска, Бобан Карапејовски, Елизабета Шелева, Катарина Ѓурчевска Атанасовска, Лидија Танушевска, Солзица Поповска, Руска Ивановска-Наскова, Сања Михајловиќ Костадиновска, Ивана Дуцкиноска, Станислава-Сташа Тофоска, Зорица Трајкова Стрезовска и Владимир Цветкоски.

Со особена чест и задоволство ја прифаќам доверената задача и го поднесувам следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Прирачникот под наслов: „Нови, безбедни простори: прирачник за наставници од Проектот за психосоцијална поддршка на Филолошкиот факултет ’Блаже Конески’“ од приредувачите: проф. д-р Елена Онческа-Агер, проф. д-р Соња Китановска-Кимовска и проф. д-р Искра Тасевска Хаџи-Бошкова и од група автори е резултат на активностите на проектот „Психосоцијална поддршка на наставниците и на студентите од Филолошкиот факултет во услови на пандемија“, што се одвиваше на далечина во текот на 2021 и 2022 година, на иницијатива на Комисијата за унапредување на наставата при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. Мотивацијата за проектот, според приредувачите на прирачниот, лежи во потребата за психосоцијална поддршка на наставниците и на студентите, со цел полесно да се справат со предизвиците поврзани со менталното здравје во услови на пандемијата од КОВИД-19.

„Пандемијата ја зеде во залог човековата развојна потреба за контакт, за поврзаност и за блискост, во замена за безбедноста од болест, страдањата и смртта. Го принуди човекот да избира помеѓу две неизбирливи алтернативи – да ги загрози другите и/или себеси, или да се откаже од поврзаноста со „другиот“ и со групата кон која припаѓа, ништо помалку клучни за неговиот опстанок. Тоа беа непомирливите услови што ги наметна пандемијата, со нови долгорочни ризици, врз менталното здравје и врз добросостојбата на луѓето низ светот. Сепак, во суштина, кризата нуди повеќе излезни решенија. Таа ограничува и притиска, но и создава нови можности, нови простори што никогаш порано не биле откриени. Така, за сметка на поврзаноста, пандемијата го отвори патот кон автономијата, свртувањето кон себеси, кон сопствените потреби и простори на слобода, коишто човекот конечно може да ги истражи, како посебен, вреден, хуман и самодоволен.“

Во духот на кажаното во извадокот и во духот на човечната, светла и ведра страна на животот, како и со верба за внесување оптимизам и за олеснување и подобрување на академскиот наставен процес во актуелната ситуација, учесниците во проектот се впуштаат во активности што треба да вродат со идеи за нови корисни активности, применливи на часовите со студентите, во вонаставните активности на студентите и наставниците и, воопшто, во животот во пандемијата и надвор од неа, како корисна пракса за заштита на сопственото и на менталното здравје на другите. Двете

главни насоки што ги следат проектните активности, а следствено и содржините на прирачникот, се следните: 1. преку грижа за себеси до вклученост и грижа за другиот, и 2. преку настава до поврзување и вклученост на студентите во заедницата.

Прирачникот под наслов: „Нови, безбедни простори: прирачник за наставници од Проектот за психосоцијална поддршка на Филолошкиот факултет 'Блаже Конески'“ содржи 80 страници компјутерски обработен текст, распореден во следниве делови: Вовед; Заднина; Од криза до идеја; Концептуелна рамка; Прва фаза од проектот; Грижа за себе; Грижа за другиот; Преку настава до поврзување и вклученост; Студентите за вклученоста; Библиографија; Прилог 1: Прашалник.

Делот **Вовед** ги внесува читателите во мотивацијата за проектот, во проектните цели и фази и во оправданоста од постоењето на прирачникот што ќе произлезе како искуствено и целисходно четиво за двете основни целни групи – наставниците и студентите, а понатаму, и за други реципиенти.

На една страница текст, сосема накусо, како свесен или потсвесен набиен одглас, како бег од заднинската проблематика, како резултат на несакањето многу да се зборува за разните и бројни трауми врз колективното ментално здравје предизвикани од пандемијата од КОВИД-19, ситуирана, според авторите,  во, и онака, неизвесен општествен, политички, економски, безбедносен и други непријатни амбиенти, јасно и прецизно се испишува делот со наслов **Заднина.** Во заднината што неминовно создава „алостатско оптоварување“ (кумулативно пластење на трауматските искуства), кое суштински го отежнува справувањето со новите предизвици (стр. 3), се препознава поттикот за здружување на двата субјекта во наставниот процес – наставникот и студентот и на групата наставници по разни  дисциплини од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“.

**Од криза до идеја** е насловот на содржините во кои се отвора патот на позитивната и светла страна на здружувањето на силите заради справување со себеси и со другите во жариштето на, навидум, безизлезната ситуација. И, како секој тунел што води праволиниски строго и сигурно низ темнината до светлината на излезот, така и кризата во овој дел од прирачникот за психосоцијална поддршка се согледува како строг и сигурен водич кон излезни решенија. Таа, со сите свои непријатни и ограничувачки чинители, создава нови хумани можности на дејствување, непознати во убавите времиња на „нормално“ живеење и комоција, а кои во форма на еурека одеднаш даваат волја за живот. Налик на народната мудрост *Секое зло за добро,* за сметка на поврзаноста со другиот, пандемијата го отвора патот кон автономијата, кон себеси и сопствените потреби и простори на слобода, кои човекот конечно може да ги истражи уживајќи сам со себеси.

Откривањето на автентичното *јас* низ поврзувањето со себеси, како сигурна претпоставка за поврзување со другиот, како развоен процес на еманципација, автономија и реинтеграција, на индивидуално и на колективно ниво, што води до поврзување со светот, е во суштината на моделот што се предлага како концепт за дејствување во правец на справување со кризата. Главните компоненти се засноваат врз претпоставката за отвореност кон истражувањето на сопствените потреби, таленти и способности и безбедното поврзување на сите делови (добри, слаби, скриени, посакувани, заканувачки), како делови од нераскинлива целина, без судење, споредби, игнорирање, избегнување, страв, вина, со љубопитност на дете. Автентичното *јас* се потпира врз откривањето и почитувањето на сопствените потреби „сега и овде“, на чувствителното градење однос на сочувство и толеранција кон себеси, а потоа и кон другиот. Во делот насловен како **Концептуалната рамка** се поставени трите концепти на дејствување во работата на наставниците со студентите: 1. грижа за себеси, 2. грижа за другиот, и 3. преку настава до поврзување и вклученост.

Под насловот **Прва фаза од проектот** и неговиот поднаслов *Градење простори за грижа за себе и за студентите* се следат активностите на деветте исклучително плодотворни работилници на далечина под раководство на Лина Ќостарова-Унковска. Во работилниците се вклучени петнаесетмина учесници – професори од разни катедри на Филолошкиот факултет, кои се соочуваат со

предизвиците и со суштината на психосоцијалната поддршка, како алатка за справување со последиците од пандемијата. Првата фаза е претставена како солидна подготовка на учесниците, теоретска и практична, за понатамошниот тек на проектните активности.

Во делот со наслов: **Грижа за себе,** акцентот се става на позитивниот и конструктивен однос кон себеси, во смисла на создавање и надградување на способностите и вештините за самопочит, сочувство, толеранција и решителност и на свеста за тоа кои сме, што умееме и колку вредиме како човечки суштества. Наставниците се во непосредна и постојана комуникација со студентите и во позиција се да им помогнат кога студентите се соочуваат со ситуации што им го отежнуваат учењето. Но, за да можат да бидат од помош, наставниците и самите треба да умеат да се грижат за себеси. Според клучот: *Што? Зошто? Како?*, разработени се суштината, оправданоста и начинот на спроведување на четири техники, како дел од грижата за себеси: 1. Безбедно место; 2. Поврзување со себеси; 3. Ритуали и 4. Вклученост и учество.

Паралелно со истражувањето стратегии за грижа за сопственото ментално здравје, учесниците во проектот разработуваат и стратегии за грижа за менталното здравје на студентите. Сознанијата до кои доаѓа проектната група се претставени во делот од **Грижа за другиот**, а организирани во темите: 1. Активно слушање; 2. Емпатија и сочувство; 3. Толеранција; 4. Љубезност; 5. Поврзување и 6. Споделување.

**Преку настава до поврзување и вклученост** е насловот на делот од прирачникот во кој, можеби, најизразно, најотворено и најинтересно се прикажани резултатите од првата фаза на проектот. Тука наставниците филолози практично покажуваат колку научиле за психосоцијалната поддршка во контекст на академската настава и колку се оспособиле своите знаења да ги преточат во конкретни активности на часовите. Прикажани се практиките кои наставниците ги применуваат во текот на проектот за да ја подобрат психосоцијалната клима на часот, т.е. да се поврзат со студентите, а со тоа да ја подобрат и нивната вклученост во наставата. Искуствата на наставниците имаат формат на приказни, што е форма која успева да го разбуди и да го задржи вниманието на читателот. И повеќе од тоа – читателот да посака да е на местото од студентите во приказните. Приказните се организирани по областите во кои се одвива наставата: Јазик, Преведување/Толкување, Методика и Книжевност. Важноста и тежината на „приказните од училницата“ уште повеќе ги зголемува податокот дека наставата се изведува на далечина, како што, впрочем, се спроведуваат и севкупните проектни активности.

Разбирливо, работата на професорите на часот е беспредметна без односната интерактивност со студентите и без способноста и волјата на студентите за нејзино објективно вреднување. Во делот насловен како **Студентите за вклученоста** се прикажани мислењата и искуствата на студентите во врска со наставните практики што се применуваат во рамките на проектот, формални и неформални. Студентите споделуваат искуства и мислења во врска со нивната активна вклученост во наставата, а се осврнуваат и на третманот на добросостојбата во наставата.

Во делот **Библиографија** се внесени 53 библиографски единици, како научна и стручна поддршка на содржините во прирачникот.

Прашалникот со девет прашања на кои студентите одговараат за искуствата во врска со нивната активна вклученост на часовите, целосно е прикажан на крајот од прирачникот во делот **Прилог 1: Прашалник.**

Прирачникот под наслов „Нови, безбедни простори: прирачник за наставници од Проектот за психосоцијална поддршка на Филолошкиот факултет ’Блаже Конески‘“ од приредувачите проф. д-р Елена Ончевска-Агер, проф. д-р Соња Китановска-Кимовска и проф. д-р Искра Тасевска Хаџи-Бошкова и од група автори, претставува еден од ретките трудови во нашата средина што третираат проблематика на кризни услови и ситуации во академската средина и во образованието, воопшто. Овој прирачник, како четиво што ги проширува општите познавања за менталното здравје и за психосоцијалната поддршка во функција на неговото подобрување, но и како вредно

наставно помагало, има потенцијал да прерасне во корисен советник за професорите и за студентите, особено за студентите на наставната насока. Проектот чии активности и искуства се претставени во овој труд, резултира со корисни заклучоци и совети за психосоцијална поддршка на часовите во услови на криза, како за наставниците, така и за студентите. Практичните идеи и препораки што произлегуваат од проектот се применливи и во некризни, „мирновременски“ услови. Содржините на прирачникот, иако се настанати како резултат на настава во време на пандемијата од КОВИД-19, претставуваат дидактичко и методолошко освежување за наставата на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, но и пошироко за академската настава. Тие можат да се искористат и за потребите на наставата на далечина и на наставата со физичко присуство во основното и средното образование, како и во наставни и истражувачки цели во разни научни области. Поради сето ова, со особено задоволство го препорачувам трудот за објавување и за печатење.

Скопје, 20.2.2024 г.

**Р Е Ц Е Н З Е Н Т**
**Проф. д-р Гордана Алексова, с.р**.

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## НА РАКОПИСОТ „НОВИ, БЕЗБЕДНИ ПРОСТОРИ: ПРИРАЧНИК ЗА НАСТАВНИЦИ ОД ПРОЕКТОТ ЗА ПСИХОСОЦИЈАЛНА ПОДДРШКА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ’БЛАЖЕ КОНЕСКИ‘“ ОД ГРУПА АВТОРИ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на својата четврта редовна седница одржана на 20.12.2023 година, ме избра за рецензент за оцена на ракописот **НОВИ, БЕЗБЕДНИ ПРОСТОРИ: ПРИРАЧНИК ЗА НАСТАВНИЦИ ОД ПРОЕКТОТ ЗА ПСИХОСОЦИЈАЛНА ПОДДРШКА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“,** изработен од проф. д-р Елена Ончевска Агер, проф. д-р Соња Китановска-Кимовска и проф. д-р Искра Тасевска Хаџи-Бошкова.

Прифаќајќи ја со задоволство доверената задача, чест ми е да го поднесам следниов

### И З В Е Ш Т А Ј

Ракописот „Нови, безбедни простори: прирачник за наставници од Проектот за психосоцијална поддршка на Филолошкиот факултет ’Блаже Конески‘“, од авторките проф. д-р Елена Ончевска Агер, проф. д-р Соња Китановска-Кимовска и проф. д-р Искра Тасевска Хаџи-Бошкова, се состои од 75 страници компјутерски обработен текст и ги содржи следниве делови: Вовед, Заднина, Од криза до идеја, Концептуална рамка, Прва фаз од проектот, Грижа за себе, Грижа за другиот, Преку настава до поврзување и вклученост, Студентите за вклученоста, Библиографија и Прилог 1: Прашалник

Во воведот, авторките ги образложуваат идејата и потребата за психосоцијална поддршка на наставниците и студентите за време на пандемијата на КОВИД-19. При тоа, ја согледуваат поврзаноста помеѓу давање на помош и специфичната улога на помагачите во таа интеракција. Освен желбата за поддршка, наставниците се свесни дека е значајно тие да се грижат за сопственото здравје за да можат да им бидат од помош на студентите. Авторките, освен работа на себе, прават голем исчекор со спроведувањето на серија работилници со студентите, при што непосредно имаат можност за давање психосоцијална поддршка и да формираат и да развиваат мрежа на соработка и поддршка. Уникатноста на прирачникот ја чинат документираните искуства и сознанија на наставниците за менталното здравје токму во екот на КОВИД-19 пандемијата. Покрај тоа, овој прирачник може да биде од полза и за другите наставници и студенти, како пример за психосоцијална поддршка во наставниот процес во услови на криза.

Во делот „Заднина“, дадени се рефлексии на членовите на проектиниот тим за контекстот во кој се реализираше овој проект, односно како новите животни околности во услови на пандемијата од КОВИД-19 се одразија на физичкото и ментално здравје на популацијата, но и врз општествената, политичката, економската и безбедносната состојба. Тие сосема оправдано се надоврзуваат на континуираната изложеност на населението на кризни состојби на овие простори изминатите 30 години. Тоа не само што предизвикува кумулирање на трауматските искуства и проблеми со менталното здравје туку го отежнива ефикасното справување и процесот на закрепнување.

Во делот „Од криза до идеја“, раководителката на проектот за психосоцијална поддршка, клиничкиот психолог Лина Ќостарова-Унковска, хронолошки, на едноставен начин, преку длабински анализиран глобален и национален контекст на ковид-кризата, ја доловува идејата и реализацијата на градењето на нови хумани простори меѓу наставниците и студентите на Филолошкиот факултет. Оваа психосоцијална програма за поддршка во услови на пандемија им понуди нови, неоткриени можности на влијание, поврзување, свртување кон себеси, препознавање на автентичноста и сопствени спсобности. Таа е сведок дека тримесечната програма ги обезбедила овие претпоставки за безбедно самоспознавање, самоприфаќање и поврзување на наставниците со студентите на поинаков, похуман начин со почит и грижа за себе и за другиот. Сето тоа, претставува плодна основа за создавање на

кретивни методолошки пристапи за изведување настава со фокус на неформалната комуникација со студентите и нивно зголемено учество во наставата.

Во делот „Концептуална рамка“, авторките на почетокот ги цртаат контурите на моделот за психосоцијална поддршка во криза преку главните цели за грижата за себеси, поврзување и грижа за другиот и поврзување со заедницата и светот. Концептуалната рамка на прирачникот е организирана во контекст на работата на наставниците со студентите, поле кое создава услови за поврзување но и автономија и оригиналност на изразувањето и себеспознавањето. Оваа концептуална рамка е структурирана во 3 фази: Грижа за себе; Грижа за другиот и Преку настава до поврзување и вклученост.

Во делот „Прва фаза од проектот“ ги даваат податоците за временската рамка, број и категорија на учесници и начин и форми на групна работа и документирање на процесот. Потоа се наведени белешките од 9 онлајн работилници за наставници кои, во другите делови од прирачникот ќе ги покажат ефектите од градењето на простори за грижа за себе и студентите. Секоја работилница третира концептуални, контекстуални, индивидуални и општествени аспекти на менталното здравје и кризните состојби кое обезбедува постепено и безбедно свртување кон себеси, создава нови идеи и отвора поинакви можности за справување и поврзување со другите. Вештото водење низ овие процеси, резултира со нови идеи за работа со студентите, поттикнување и водење разговори на теми за менталното здравје, ефикасно учење. На крај, како резултат на овие процеси на зајакнување, произлегува идејата за пренесување на стекнатите искуства и добри практики од овој проект во публикација која ќе може да ја користат и другите наставници во наставата.

Во делот „Грижа за себе“, детално се разработени вежби и техники кои им нудат на наставниците начини за континуирана грижа за себеси што го олеснува разбирањето и самоприфаќањето, поврзувањето и грижата за другиот. Овде авторките разработуваат и препорачуваат 4 вежби, техники и вештини за градење на однос на почит, разбирање и сочувство кон себеси. Тоа се: Безбедно место, Поврзување со себе, Ритуали и Вклученост и учество и за секоја од нив посочуваат референци од корисна литература.

Во делот „Грижа за другиот“, авторките разработуваат стратегии за грижа за менталното здравје на студентите, преку темите за активно слушање, емпатија и сочувство, толеранција, љубезност, поврзување и споделување. За секоја тема има доволно научни и искуствени податоци со едноставни примери, значење и корисни совети како да се практикуваат и покажуваат.

Во делот „Преку настава до поврзување и вклученост“, разработени се наставните практики за подобрување на психосоцијалната клима во училницата со цел поголема вклученост на студентите во наставата. Искуствата на наставниците се прикажани во форма на автентични прикази од наставата на далечина. Приказите се однесуваат на наставните области: јазик, преведување/толкување, методика и книжевност. Приказите од овие области се поделени во 7 неформални и 18 формални наставни практики. Во овој дел, непосредно се препознава влијанието на работата на себе врз наставниците и пренесувањето на тоа искуство во училницата во работата со студентите. Преку приказите се препознава дека наставниците имаат зајакната самодоверба и зголемена моќ да наметнат осетливи и актуелни теми на часот, да го водат процесот на самоспознавање и да влијаат на емоционалното и менталното здравје на студентите. Овие прикази од различни наставни области не само што ја потврдуваат креативноста на наставниците во креирањето на поттикнувачка атмосфера и пренесувањето на своите знаења и искуства на студентите, туку претставуваат ефикасен метод за пренесување на искуството и инспирација за другите наставници кои не учествувале во проектот.

Во делот „Студентите за вклученоста“, авторките ги прикажуваат видувањата на студентите во врска со наставните практики применувани во првата фаза од проектот. Преку примена на прашалник, студентите ги споделуваат личните искуства и мислења во врска со нивната вклученост во наставата, со осврт на третманот на добросостојбата во наставата. Примената на прашалникот дава добра можност за изразување на

студентите но во исто време на наставниците им обезбедува повратна информација за целиот процес, содржини и активности, како добра основа за идните проекти.

Ракописот „Нови, безбедни простори: прирачник за наставници од Проектот за психосоцијална поддршка на Филолошкиот факултет 'Блаже Конески'“, од авторките проф. д-р Елена Ончевска Агер, проф. д-р Соња Китановска-Кимовска и проф. д-р Искра Тасевска Хаџи-Бошкова, е уникатен труд создаден во екот на пандемијата со КОВИД-19 и токму заради тоа претставува креативно адаптирање и справување со кризната состојба. На тој начин ја оправдува посебноста и содржи логички распоредена структура која се вклопува во соодветна хомогена целина наречена „Нови безбедни простори“. Оваа публикација темелно ја покрива тематиката давајќи практични идеи и пепораки, систематски, логички изложени, на едноставен и разбирлив јазик, применливи во секое време и за пошироката популација. Прирачникот содржи практични вежби и техники за справување, грижа за сопственото ментално здравје, грижа за другиот со добро образложени примери од тематските работилници. При тоа, цитирани се соодветни научни и стручни трудови, со точно наведени извори.

Проектот за психосоцијална поддршка на наставниците и студентите од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ покажува дека големите кризи, како што беше пандемијата на КОВИД-19, освен што ограничуваат, носат неизвесност и тешки трауматски искуства, отвораат и нови можности за поврзување, учество, свртување кон себеси, кон автономија. Клучните елементи за заштита на менталното здравје, длабински и сеопфатно се третирани во активностите на проектот, и тоа преку грижата за себе до вклученост и грижа за другиот и преку настава до поврзување и вклученост на студентите во заедницата. Тоа го прави посебен овој проект и дава добри основи неговите резултати да се прошират и применат во заедницата. Искуствата на наставниците и на студентите од Филолошкиот факултет ни покажуваат како се презема контрола врз кризата, како се создаваат нови можности и излезни решенија, кога кризата длабоко допира во животот на секој поединец. Ни покажаа колку е поединецот важен за нејзино успешно надминување, низ нови релации и мрежи на соработка и дејствување, во кои тој активно учествува. Се надевам дека овој прирачник ќе се препознае како важен извор на знаење и практична поддршка во справувањето со предизвиците кои ги создава современиот свет. Тој може да се користи за време на кризни состојби но, освен образовните институции, можат да го користат и другите организации како референтна алатка за понатамошна обука при тоа користејќи ја и дополнителната литература.

Имајќи го сето тоа предвид, со големо задоволство го препорачувам трудот за печатење и објавување.

20.2.2024 г.,
Скопје

**Р Е Ц Е Н З Е Н Т**
**Д-р Јулијана Стојанова, с.р.**

# П Р Е Г Л Е Д
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУД ВО ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ

| *Ред. бр.* | *Име на кандидатот* | *Наслов на темата* | *Ментор* | *Одлука од Научен совет* |
|---|---|---|---|---|
| *1.* | Елена Јосифовска | „Примена на системот на наградување на вработените во јавните институции” „Implementation of the system of rewards intended for the employees in the public institutions “ | д-р Васил Поповски | Одлука бр. 02 – 229/2 од 28.2.2024 година |

# РЕЦЕНЗИЈА
## НА УЧЕБНОТО ПОМАГАЛО ПРАКТИКУМ ПО АНАЛИЗА НА ЃУБРИВА, ПРВО ИЗДАНИЕ, ОД АВТОРКАТА Д-Р ХРИСТИНА ПОПОСКА

Научниот совет на Земјоделскиот институт, на својата седница одржана на 26.1.2024, донесе Одлука бр. 0202-32/3, со која нè избра за рецензенти на учебното помагало ПРАКТИКУМ ПО АНАЛИЗА НА ЃУБРИВА, од авторката д-р Христина Попоска, виш научен соработник.

Со наведената одлука за рецензенти сме избрани проф. д-р Валентина Пеливаноска, проф. д-р Хамдија Чивиќ, проф. д-р Душко Мукаетов и д-р Марјан Андреевски, кои заеднички го поднесуваат следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### ЗАЕДНИЧКИ ДЕЛ

| | |
|---|---|
| **Назив на учебникот, односно учебното помагало** | **Практикум по анализа на ѓубрива** |
| **Име и презиме на авторот (авторите)** | д-р Христина Попоска |
| **Назив на предметната програма за која се однесува** | Плодност на земјиштето и ѓубрење во органското производство |
| **Назив на студиската програма** | Органско и биодинамично растително производство |
| **Фонд на часови настава и вежби и ЕКТС-кредити** | Неделен фонд на часови и вежби: 4+2; ЕКТС-кредити: 6. |
| **Број на студенти во една генерација кои ќе го користат предложениот учебник** | 20 |
| **Дали се работи за прво издание или не** | прво издание |
| **Предлог за начинот на издавање на секој поединечен наслов (печатена или електронска форма). За издавање во електронска форма е потребна согласност од авторот.** | електронска форма |
| **Предлог за тираж, формат, број на страници и прилози во боја за секој предложен наслов** | Учебното помагало содржи вкупно 62 страници во А4-формат. |
| **Општи податоци за учебникот/ учебното помагало (број на страници, прилози, заглавија или делови и сл.)** | Учебното помагало содржи вкупно 62 страници (А4-формат, со фонт Tahoma, големина на фонт 11, проред 1), 10 табели, 8 слики и 3 прилози. |

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Валентина Пеливаноска, с.р.**
**Проф. д-р Хамдија Чивиќ, с.р.**
**Проф. д-р Душко Мукаетов, с.р.**
**Проф. д-р Марјан Андреевски, с.р.**

**ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р ВАЛЕНТИНА ПЕЛИВАНОСКА**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината** | Учебното помагало под наслов „Практикум по анализа на ѓубрива“ од д-р Христина Попоска, виш научен соработник, е ракопис кој претставува основна литература за изведување на вежбите за студентите од втор циклус студии, по предметот Плодност на земјиштето и ѓубрење во органското производство, на студиската програма Органско и биодинамично растителено производство, при УКИМ, Земјоделски институт, Скопје.<br>Учебното помагало, исто така, може да биде користено и како прирачна литература за сите заинтересирани страни кои се директно вклучени во земјоделското производтство.<br>Во наведените поглавја, авторката дава детален опис на методите за анализа на органски и минерални ѓубрива, кои се општо прифатени во РС Македонија.<br>Учебното помагало претставува добра основа за воведување на студентите во полето на лабораториските вежби, начинот на нивното изведување, правилното управување со хемикалии, подготовката на реаганси, опремата која се користи при анализите и др.<br>Авторката преку текст и слики ја обработува темата за правилно земање на примероци ѓубриво за анализа и нивен транспорт до лабораторија.<br>Во практикумот се обработени методите за определување на содржината на макроелементите N, P и K во ѓубривата, чии вредности се неопходни при подготовка на план за ѓубрење и правилно изведување на мерката ѓубрење.<br>Во делот Прилози, авторката ги прикажува основните карактеристики за органските и минералните ѓубрива, како и количините на изнесена маса хранливи материи при принос од 100kg, кај некои култури во земјоделското производство. |
| **Оцена дали предложениот учебник, односно учебното помагало е во согласност со предметната програма** | Содржината на учебното помагало е произлезена од предметната програма и е целосно усогласена со истата. |
| **Оцена на учебникот, односно учебното помагало** | Овој практикум е дизајниран да биде одлично учебно помагало за изведување на лабораториски вежби и изучување на методите за анализа на органски и минерални ѓубрива, и како таков во |

| | |
|---|---|
| | целост одговара на темите кои се изучуваат во предметот Плодност на земјиштето и ѓубрење во органското производство. |
| **Категоризација (учебник или учебно помагало)** | учебно помагало |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување на трудот** | Од увидот во приложениот материјал, може да се заклучи дека тој е подготвен на едноставен и разбирлив јазик, кој го објаснува изнесениот материјал, преку детален опис на секоја лабораториска метода за анализа на органски и минерални ѓубрива.<br>Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој практикум да го поддржам и да го предложам да се објави како учебно помагало по предметот Плодност на земјиштето и ѓубрење во органското производтсво, примарно наменет за студентите на втор циклус студии при УКИМ, Земјоделски институт, Скопје. |
| **Предлози за потребни корекции** | Нема забелешки и предлози. |
| **Изјава дека трудот не содржи дискриминаторски содржини, утврдени со позитивните прописи во Република Северна Македонија** | Изјавувам дека во трудот не се содржат дискриминаторски содржини утврдени со позитивните прописи во РСМ. |
| **Изјава за процентот на промените согласно со член 27 од Правилникот** | Изјавувам дека е мал процентот на промени согласно со член 27 од овој правилник. |
| **Други елементи** | / |

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Проф. д-р Валентина Пеливаноска, с.р.**

**ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р ХАМДИЈА ЧИВИЌ**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината**<br><br>**Resume** | Приложениот материјал обработува методи за анализа на органски и минерални ѓубрива.<br>Нуди прецизен опис на секоја метода, од принципите на нејзиното спроведување, опрема, реагенси и детално опишана постапка. На крајот од секоја опишана метода, наведена е математичка формула, по која студентот ќе може да го добие резултатот за бараното својство на ѓубривото.<br>Ѓубрењето, а со тоа и познавањето на квалитетот на ѓубривата, е од особено значење за успешно растително производство.<br>Со посебен дел во поглавјето Прилог, авторката ги дава неопходните информации кои треба да се познаваат при изборот на ѓубрива кај група на култури.<br><br>The provided material for review gives an in-depth overview of the methodologies employed in the analysis of both organic and mineral fertilizers. It gives a detailed description of each method, placing a specific emphasis on the underlying principle of application, needed equipment, reagents, and a detailed procedure of work. Each outlined method concludes with an exhaustive explanation of the calculation procedure and approach, providing students with the requisite knowledge to compute the requested properties of the fertilizer under consideration.<br>The practice of fertilization and knowing the quality of fertilizers is of particular importance for successful plant production.<br>Within the separate sections of the material as Annexes, the author provides the necessary information that should be known in the process of fertilizer selection for certain group of crops. |
| **Оцена дали предложениот учебник, односно учебното помагало е во согласност со предметната програма**<br><br>**Evaluation of compliance with the study program** | Учебното помагало е компатибилна литература при изучување на предметот Плодност на земјиштето и ѓубрење во органското производство, на втор циклус студии по Органско и биодинамично растително производство, при УКИМ, Земјоделски институт, Скопје.<br><br>This teaching tool is compatible literature for the subject Soil Fertility and |

| | |
|---|---|
| | Fertilization in Organic Production, in the second cycle of studies Organic and Biodynamic Plant Production, at the Institute of agriculture, Skopje. |
| **Оцена на учебникот, односно учебното помагало**<br><br>**Manuscript assessment** | Учебното помагало е пишувано со многу искуство, јасно и постапно изнесување на потребните информации, лесен за читање и следење, со значајна база на информации во делот Прилог.<br>Целокупниот пристап овозможува овој практикум да биде актуелна и корисна литература за студентите запишани на прв, втор и трет циклус студии од областа на земјоделството.<br><br>The teaching tool, is written with great experience, clearly and gradually presenting the necessary information, easy to read and implementing, with significant base of information in the Appendix section.<br>A comprehensive approach allows this Handbook to be current and useful literature for students who are in the first, second and third cycle of studies in the field of agriculture. |
| **Категоризација (учебник или учебно помагало)**<br>**Categorization** | учебно помагало<br><br>Handbook |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување на трудот**<br><br>**Conclusion with a proposal on the justification of publication** | Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се објави како учебно помагало, со научен придонес кон успешно земјоделско производство, особено во областа на исхраната на растенијата и плодноста на почвата.<br>Воедно, го потврдувам моето познавање на македонскиот јазик, на кој се напишани учебното помагало и рецензијата.<br><br>Based on the above, it is my honor and pleasure to support this manuscript and suggest that it be published as a Handbook, with a scientific contribution to successful agricultural production, especially in the field of plant nutrition and soil fertility.<br><br>At the same time, I confirm my knowledge of the Macedonian language, in which the Handbook and Review were written. |
| **Предлози за потребни корекции**<br>**Suggestions for necessary corrections** | Нема забелешки и предлози<br>No comments or suggestions |

| | |
|---|---|
| **Изјава дека трудот не содржи дискриминаторски содржини, утврдени со позитивните прописи во Република Северна Македонија**<br><br>**A statement that the manuscript does not contain discriminatory parts, determined by the positive regulations in the RSM** | Изјавувам дека во трудот не се содржат дискриминаторски содржини, утврдени со позитивните прописи во РСМ<br><br>I declare that the work does not contain discriminatory content as determined by the positive regulations in the Republic of North Macedonia. |
| **Изјава за процентот на промените согласно со член 27 од Правилникот**<br><br>**Statement on the percentage of changes in accordance with Article 27 of this Regulation** | Изјавувам дека е мал процентот на промени согласно со член 27 од овој правилник.<br><br>I declare that the percentage of changes is minimal in accordance with Article 27 of this Regulation |
| **Други елементи**<br><br>**Other elements** | / |

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Проф. д-р Хамдија Чивиќ, с.р.**

**ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р ДУШКО МУКАЕТОВ**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината** | Во рамки на учебното помагало, во две основни поглавја, изготвени се и детално опишани сите неопходни мерки и постапки за да може да се изврши лабораториска анализа на ѓубрива од страна на студенти, при одржување на практични вежби.<br>Во првото поглавје, авторката дава информации и податоци за тоа кои услови се неопходни да се применуваат и познаваат за да може успешно да функционира една лабораторија, во која би се вршеле анализи на органски и минерални ѓубрива.<br>Во второто поглавје, кое е поделено на две дополнителни, изнесена е детално секоја метода за опредлеување на одредени својства кај ѓубривата.<br>Дополнително, во делот Прилог, авторката дава детален приказ на основните карактеристики на ѓубривата, како од органско, така и од индустриско потекло. Покрај тоа, во посебна табела, авторката дава информации за количината на изнесена маса хранливи материи (N, P2O5 и K2O) при принос од 100kg, на група култури, кои најчесто се одгледуваат во РС Македонија. Овие податоци се неопходни при подготовка на план за ѓубрење, односно при изборот и количината на ѓубривата кои се применуваат во земјоделското производство. |
| **Оцена дали предложениот учебник, односно учебното помагало е во согласност со предметната програма** | Содржината на учебното помагало – практикум е усогласена со предметната програма за која тоа е предвидено. |
| **Оцена на учебникот, односно учебното помагало** | Ракописот обработува тема – група на методи и стандарди за анализа на органски и минерални ѓубрива, кои треба да бидат имплементирани во секоја лабораторија која е директно или индиректно вклучена во земјоделското производтсво. |
| **Категоризација (учебник или учебно помагало)** | учебно помагало |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување на трудот** | Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебно помагало по предметот Плодност на земјиштето и ѓубрење во органското производство, на втор циклус студии по Органско и биодинамично растително |

| | |
|---|---|
| | производство, при УКИМ, Земјоделски институт, Скопје. |
| **Предлози за потребни корекции** | Сите забелешки се прифатени од страна на авторката и текстот е коригиран навремено. |
| **Изјава дека трудот не содржи дискриминаторски соджини, утврдени со позитивните прописи во Република Северна Македонија** | Изјавувам дека во трудот не се содржат дискриминаторски содржини, утврдени со позитивните прописи во РСМ. |
| **Изјава за процентот на промените согласно со член 27 од Правилникот** | Изјавувам дека е мал процентот на промени согласно со член 27 од овој правилник. |
| **Други елементи** | / |

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Проф. д-р Душко Мукаетов, с.р.**

**ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ ПРОФ. Д-Р МАРЈАН АНДРЕЕВСКИ**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината** | Во учебното помагало „Практикум по анализа на ѓубрива“, наменето за студентите од втор циклус студии при УКИМ Земјоделски институт, Скопје“, покрај предговорот и кусиот воведен текст за ѓубривата , содржани се и поглавје со општи упатства за работа во лабораторија, како и две поглавја во кои се обработени методите за анализа на органските и минералните ѓубрива. Покрај тоа, авторот дава и приказ на основните карактеристики на ѓубривата, како и количините на изнесени хранливи материи од страна на растенијата во текот на вегетацијата. |
| **Оцена дали предложениот учебник, односно учебно помагало е во согласност со предметната програма** | Учебното помагало е во целост усогласено со предметната програма по предметот Плодност на земјиштето и ѓубрење во органското производство. |
| **Оцена на учебникот, односно учебното помагало** | Текстот, табелите и прилозите содржани во учебното помагало се јасни, прецизни и концизни, што го чини лесноразбирливо за студентите при изведувањето на практичната настава. |
| **Категоризација (учебник или учебно помагало)** | Учебно помагало |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување на трудот** | Ракописот во целост ги исполнува сите предвидени академски стандарди и услови за да биде отпечатено и препорачано како учебно помагало при изведување на наставната програма на втор циклус студии. |
| **Предлози за потребни корекции** | Предлозите се прифатени и текстот е навремено корегиран. |
| **Изјава дека трудот не содржи дискриминаторски соджини утврдени со позитивните прописи во Република Македонија** | Изјавувам дека во трудот не се содржат дискриминаторски содржини утврдени со позитивните прописи во РСМ |
| **Изјава за процентот на промените согласно член 27 од Правилник** | Изјавувам дека е мал процентот на промени согласно со член 27 од овој Правилник. |
| **Други елементи** | / |

**Потпис на рецензент**
**проф. д-р Марјан Андреевски, с.р.**

*Забелешка: Рецензијата објавена во Билтен, може да изнесува најмногу 10 страници со проред 1.*

# П Р Е Г Л Е Д

**на прифатени теми за докторски труд со промена на име и презиме на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања – Скопје**

**ТРЕТ ЦИКЛУС СТУДИИ**

| Ред. Бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. На Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | **м-р Фатиме Луми Ќехаја** | **Улогата и влијанието на медиумите врз миграцијата на населението во Република Косово во периодот 2008 – 2024 година** | **The role and impact of media on population migration in Republic of Kosovo during the period 2008 – 2024** | **Проф. д-р Елеонора Серафимовска** | **02-65/6 од 25.1.2024** |